**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**Постдипломски студии по**

**Менаџмент на човечки ресурси во општествените дејности**

# Европски политики за поддршка на жени претприемачи

## -магистерски труд -

Кандидат:

*Стевоска Даниела*

Индекс 4114/11

Ментор:

*проф.д-р Јован Пејковски*

**Скопје 2014**

*Жената ги избриша разликите меѓу себе и мажот*

*најголем дел благодарејќи на тоа што таа работи,*

*едноставно работата може да и ја гарантира слободата.*

*Симон де Бовуар*

# Апстракт

Претприемништвото не е ниту наука, ниту уметност. Тоа е, првенствено практика. Претприемништвото во претпријатието е концепт кој добива се поголемо внимание особено во седумдесетите и осумдесетите години на минатиот век. Тоа е категорија тесно поврзана со новите идеи и иновациите, како и со напорите тие иновации да се трансформираат во економски добра. Претставува движечка сила за раст на економијата, придонесува кон намалување на невработеноста и го трасира патот на напредокот. Зајакнувањето на претприемништвото, вклучувајќи ги сопствениците, менаџментот, самовработувањето и вработените се очекува да води до 4 милиони нови работи на годишно ниво во рамките на ЕУ.

Претприемништвото претставува процес на откривање можности и преземање на ризик во согласност со расположливите ресурси во претпријатието. Улогата на жените во претприемништвото се повеќе се зголемува не само во развиените туку и во земјите во транзиција. Независно од проблемите пред започнување со сопствен бизнис и оние во текот на работењето, значителен број на жени започнуваат сопствен бизнис. Бизнисите што ги поседуваат жените би растеле многу побргу доколку се овозможи еднаков пристап до капиталот каков што имаат мажите. Жените почнуваат бизнис со многу помалку пари. Тоа е затоа што најчесто започнуваат бизниси во услужните дејности. Брзото зголемување на бројот на мали фирми во сопственост на жени е значајна економска и општествена промена во светот. Бројот на жени претприемачи многу побрзо се зголемува отколку бројот на мажи претприемачи

Создавањето на поволни услови за поттикнување и развој на женското претприемништво е еден од показателите дека жените полека ги рушат стереотипите за машки и женски професии. Помеѓу половите не постојат разлики во сфаќањато на целта, самодовербата, раководењето, контролата, желбата да се успее, автономија и сл. По самата природа жените се поинтуитивни од мажите и таа интуиција користи во однос на секојдневното работење и носење одлуки. Ништо не доаѓа без работа и континуирано учење, осознавање на нови хоризонти. Во оној момент кога човек престанува да учи и да се надградува, застанува во својот развој.


Клучни зборови: претприемништво, жени претприемачи, поддршка, иновација

## Abstract

Entrepreneurship is neither a science nor an art. It is primarily practice. Entrepreneurship in the enterprise is a concept that is gaining more attention especially in the seventies and eighties of the last century. This category is closely related to new ideas and innovation, as well as the effort to transform innovations into economic goods. A driving force for economic growth, contribute to reducing unemployment and paves the way of progress. Strengthening entrepreneurship, including the owners, management, employees and self-employment is expected to lead to 4 million new works annually within the EU.

Entrepreneurship is a process of discovering opportunities and taking risks in accordance with the available resources in the enterprise. The role of women in entrepreneurship is increasing not only in developed but also in countries in transition. Regardless of the problems before starting their own business and those during the operation, a significant number of women are starting their own business. Businesses owned by women would grow much faster if equal access to capital just like the men is allowed. Women start a business with a lot less money. This is because they often start their businesses in services. The rapid increase in the number of small businesses owned by women is a significant economic and social change in the world. The number of women entrepreneurs is growing much faster than the number of male entrepreneurs.

The creation of favorable conditions to encourage the development of women entrepreneurship is one of the indicators that women slowly break down stereotypes about male and female professions. Between the sexes there are differences in understanding of purpose, self-confidence, leadership, control, desire to succeed, autonomy, etc.. The very nature of a women is more intuitive than man's and she uses intuition in terms of daily operations and decision making. Nothing comes without work and continuous learning, understanding of new horizons. In that moment you stop to learn and upgrade, stops in its development.

Keywords: Entrepreneurship, Women Entrepreneurs, support, innovation

**Вовед**

1.Претприемништво, женско претприемништво и иноваторство ........ 9
1.1.Дефинирање на претприемништво ........ 9
1.1.1 Процесот на претприемништво ........ 10
1.2 Дефинирање на претприемач ........ 11
1.2.1 Карактеристики на претприемач ........ 13
1.2.2 Развојна улога на претприемачите ........ 18
1.2.3 Претприемнички вештини ........ 19
1.3.Жени претприемачи ........ 20
1.3.1 Карактеристики на успешни жени претприемачи ........ 21
1.3.2 Разлики меѓу мажи и жени претприемачи ........ 24
1.3.3 Главни проблеми на жени претприемачи ........ 26
1.3.4 Политики за развој на женско претприемнишво ........ 27
1.3.4 Пет мега компании основани од жени претприемачи ........ 29
1.4. Иновација ........ 30
1.4.1 Жени иноватори ........ 33
2. Женско претприемништво во земјите членки на Европската Унија ........ 34
2.1 Бугарија ........ 35
2.2 Естонија ........ 39
2.3 Италија ........ 41
2.4 Полска ........ 43
2.5 Португалија ........ 46
2.6 Велика Британија ........ 48
2.7 Латвија ........ 53
2.8 Данска ........ 56
2.9 Франција ........ 57
2.10 Кипар ........ 59
2.11Чешка ........ 60
2.12 Словачка ........ 63
2.13 Германија ........ 65
2.14 Словенија ........ 68
2.15 Хрватска ........ 71
2.16 Унгарија ........ 74

2.17 Литванија ... 76
2.18 Финска ... 78
2.19 Австрија ... 80
2.20 Романија ... 83
2.21 Белгија ... 85
2.22 Малта ... 86
2.23 Грција ... 88
2.24 Ирска ... 90
2.25 Луксембург ... 92
2.26 Шпанија ... 95
2.27 Шведска ... 98
2.28 Холандија ... 101
3.Женско претприемништво во Република Македонија ... 103
3.1 Жени претприемачи во Република Македонија ... 103
3.2 Пречки на жените како претприемачи во Република Македонија ... 104
3.3 Организации и проекти за подобрување на положбата на жени претприемачи во Република Македонија ... 104
3.4 Глобално истражување за претприемништво (ГЕМ) ... 119
3.4.1 ГЕМ во Република Македонија ... 121
3.5 Анализа на елементите на политиките во земјите членки на ЕУ и во Македонија ... 123
Заклучок ... 144
Користена литература ... 150

# Вовед

Секоја практика се засновува на теорија. Претприемништвото се базира на теоријата на стопанството и општеството. Тоа претставува трансформирање на визиите во планови и на плановите во реалност. Претприемништвото во најширока смисла на зборот претставува перманентен процес на пренасочување, реалокација на финансиските, физичките и човечките ресурси од местата на општествената репродукција каде што тие недоволно и нерационално се користат, кон местата каде што ќе дадат далеку поголеми ефекти.

Жените претставуваат еден голем и значаен дел од светската популација, со несомнено големо влијание во сеопфатното општество. Значајно е тоа што жените исто како мажите се појавуваат како претприемачи. Жените и нивната улога во претприемништвото добиваат се поголема актуелност како во развиените земји, така и во земјите во транзиција. Меѓутоа, не треба да се изостави и фактот дека жените како сопственици на бизнис биле во понеповолна состојба од мажите. Во многу земји жените се соочувале со негативни полови стереотипи како верувањата дека претприемништвото е машка работа, исто и со традиционални верувања за улогата на жената во општеството. Сепак, претприемништвото започнува да се разбира како можност на жените каде се комбинира работата со семејството. Женското претприемништво нуди особено интересни модели за вработување и мотивирање на младите генерации во овие земји. Женското претприемништво во овие економии има повеќе специфичности и тоа дека жените претендираат да вработуваат други жени, што помага да се намали дискриминацијата на жените во пазарот на работна сила.

Целта на ова истражување е да се утврдат предизвиците со кои се соочува жената при почнување сопствен бизнис, поддршката која ја има, состојбата на женското претприемништво, какво е искуството на жените иноваторки во Македонија и во други европски држави и преку согледување на резултатите од тие истражувања да се утврди колку и какви мерки и политики постојат односно кои позитивни искуства од европските држави би можеле да се применат во Република Македонија.

Во првиот дел од магистерскиот труд се дефинира претприемништвото и што опфаќа самиот процес на претприемништво, се објаснува поимот претприемач, и какви се неговите карактеристики и претприемнички вештини. Поподробно се запознаваме

со женското претприемништво, како и предизвиците и проблемите со кои се соочуваат жените при основањето на бизнис и со какви карактеристики се одликуваат успешните жени претприемачи. Се објаснува поимот иновација и дека жените се вешти при пронаоѓањето на практични решенија што доведува до тоа жените иноваторки во последно време да пријавуваат голем број на патенти.

Во вториот дел од трудот се наведуваат достапните статистички податоци за женското претприемништво во секоја земја членка на ЕУ посебно, бариерите кои ги имаат при стартувањето на сопствените бизниси, какви организации за поддршка на развојот на женското претприемништво постојат во рамките на овие земји, и со какви проекти и програми на Владите се поттикнуваат жените претприемачи.

Во третиот дел на трудот се карактеризираат жените претприемачи во Македонија, пречките и проблемите со кои се соочуваат при основањето на сопствен бизнис како и постоењето на организации за поддршка и промоција на женското претприемништво, проектите и програмите преземени од Владата и од разни здруженија како и мерките кои ги спроведува Владата за подобрување на состојбата на женското претприемништво.

Прикажана е споредбена табела за да се олесни анализирањето на елементите на политиките во државите кои се предмет на анализа. Со нивно вкрстено компарирање се добиваат нови сознанија кои може да бидат од полза за нови политики и поддршка на овие појави. Заради поголемиот број на облици и политики на поддршка на женското претприемништво кои се среќаваат во земјите членки на ЕУ целта е да се согледа кои од тие политики се најуспешни и на кои основи се градени односно базирани. Овие политики на поддршка, како добри практики може соодветно да се прилагодат и да бидат применети во Република Македонија за развој на ова претприемништво.

Последниот дел на трудот се однесува на заклучоците односно преку добиените резултати од компаративната анализа на европските политики и практики се доаѓа до сознанија и препораки во функција на подобрување на состојбите со женското претприемништво во Република Македонија.

# 1.Претприемништво, женско претприемништво и иноваторство

## 1.1.Дефинирање на претприемништво

Постојат различни мислења и, според тоа, различни дефиниции за претприемништво. Се верува дека Ричард Кантилон (1755) бил првиот кој го дефинирал претприемништвото. Според него, претприемач „е некој кој е спремен за прифаќање личен финансиски ризик при деловен потфат". На крајот од 19 век, гледиштето на Маршал се фокусира на класата претприемачи и нивната важност за пазарната економија (1890). Тој го опишува начинот на кој претприемачите ги користат своите вештини и економиите на обем. Успешните претприемачи ги споредува со високите дрва во шумата, кои висат над своите соседи и им ја одземаат потребната светлост и воздухот. Гледиштето на Маршал го отсликува претприемништвото фокусирано на економии на обем, како одраз на фазата на економии кои се потпираат на зголемена ефикасност. Шумпетер (1934; 1942) претставувал пионер во поврзувањето на динамичниот аспект на претприемништвото со иновациите и економскиот развој. Неговиот концепт за „креативна деструкција" може директно да се поврзе со улогата на претприемништвото во земјите водени од иновации. Главен придонес на Шумпетер за теоријата на претприемништвото е што ја издвоил иновативноста, како темелно обележје на претприемачите и како извор на претприемничкиот профит. Роберт Хисрих го дефинира претприемништвото како процес на креирање на нешто различно и вредно, со вложување на потребното време и напор и преземање на придружните финансиски психолошки и социјални ризици и добивање на соодветна корист од парична и лична сатисфакција.[1]

Претприемачите кои воведуваат продукти поврзани со пазарот ја прошируваат границата на технолошки постигнувања и ја уништуваат економската активност која се базира на стара технологија. Најновите гледишта за претприемништвото варираат и со ова се нагласува повеќекратната природа на претприемништвото.

**Претприемништвото** се дефинира како процес на идентификација на можностите на пазарот, наоѓање на ресурси кои ќе овозможат експлоатирање на тие можности и неопходно активирање поради искористување на можностите, со цел да се

[1] Пејковски, Ј. (2008). Претприемништвото и развојот, Скопје

постигне долгорочна лична добивка.[2] Од научен аспект, претставува една од најсложените научни дисциплини затоа што се менува многу бргу, а претставува еден микс или комплексно поврзување на сите останати науки во една.

### 1.1.1 Процесот на претприемништво

Процесот на претприемништвото во себе вклучува решенија за различни проблеми. Секој претприемач мора да ги пронајде вистинските патишта за успех, да ги оцени и да ги надмине препреките со кои се соочува.

Процесот на претприемништвото има четири различни фази и тоа:[3]

1. идентификување и оценување на можностите;
2. развој на бизнис план;
3. определување на потребните ресурси и
4. управување со претпријатието.

Сите фази се поврзани сами по себе. Не може да се зборува за остварување на една без при тоа да се оствари другата фаза.

1) Идентификување и оценување на можностите

Фазата на идентификација и оценување на можностите е тешка фаза. Пред да се започне со нов бизнис, потребно е да се идентификуваат пред се́ сопствените можности, па потоа да се идентификуваат можностите кои ги нуди пазарот. Под сопствени можности, се подразбираат вредностите, ставовите, способностите што ги поседува самиот претприемач. Тие се пресудни за постигнување на успех. Доколку претприемачот е реален кон сопствените предности и слабости ќе постигне голем успех. Можностите што ги нуди пазарот се тие што всушност ги нуди самиот пазар, каква е конкуренцијата, кои се потрошувачите, бариерите на пазарот и др. Овде спаѓаат и недостатоците што ги нуди пазарот.

[2] Шутевски, Д., Статија објавена во Претприемач, 2012, Скопје

[3] Цитат од магистерски труд–Јорданова, И., Етнички состав на жени претприемачи, стр 17, 2011, Штип

2) Развој на бизнис план

Оваа фаза се однесува на планирањето. Бизнис планот е основното нешто, кое овозможува развој на можностите, согледување на потребните ресурси, трошоците, како и успешното работење. Со бизнис планот се намалува ризикот од неуспех.

3) Определување на потребните ресурси

Како и претходните фази, така и оваа фаза е многу значајна во процесот за претприемништвото. Да се определат ресурсите кои се потребни во процесот на работата е многу значајно. Во ресурси спаѓаат материјалните ресурси, кои ќе се користат во текот на работата и производството, и човечките ресурси. Претходно нивно определување ја намалува можноста на загуба.

4) Управување со претпријатието

Управувањето со претпријатието е таква фаза во која се имплементираат работите од бизнис планот. Претприемачот потребно е да управува со самото претпријатие, почнувајќи од процесот на планирање, потоа организирање, водење, завршувајќи со контролирање на работата. Со правилно управување на претпријатието се откриваат проблемите и на време се решаваат.

## 1.2 Дефинирање на претприемач

Повеќето луѓе работат некој бизнис, примаат пари од истиот и на тој начин заработуваат продавајќи производи и/или услуги на пазарот и воедно, претставуваат вработени во тој бизнис.

Има неколку видови на вработени, едни може да работат на монтажна лента, други да ги продаваат производите направени на таа лента, а трети може да ја управуваат компанијата. Сите овие типови на вработени имаат едно заедничко, не се сопственици на бизнисот туку работат за други.

Луѓето коишто отпочнуваат свој бизнис и работат за себеси се викаат **претприемачи**. Тие се и сопственици и вработени во бизнисот. Претприемачот е

одговорен за сите успеси и неуспеси на бизнисот што го поседуваат. Кога некој претприемач има успех во бизнисот што го води тогаш може успешно да ги продава производите коишто им се потребни на купувачите и за кои истите се спремни да платат. За да може да се покријат сите трошоци од управувањето на сопствениот бизнис, а притоа да остварат профит, претприемачите треба за своите производи да постават повисоки цени. Доколку бизнисот остварува доволно профит тоа е показател дека претприемачот се движи во вистинска насока. Показател дека претприемачите имаат додадено вредност на ограничените ресурси што ги употребуваат за производство на своите производи е профитот.

Доколку ограничените ресурси може да се употребуваат за да се изработи некој друг производ или да се исполни некоја потреба тоа значи дека истите се од вредност. На пример дрвото е ресурс кој има вредност затоа што тоа да се користи при градење на куќа, маса и сл., а нафтата пак е ресурс кој може да се употребува како горива за автомобилите.

Основни ресурси на бизнисот кој произведува колачиња се јајца, шеќер, брашно, путер и чоколадо. Луѓето се спремни да платат поголема цена на колачето отколку што реално вредат ресурсите потребни за производство на истото што значи дека ваквиот бизнис прави профит, што е показател за истиот дека е на вистинската насока односно дека ја додава вистинската вредност на искористените ресурси.

Зборот претприемач за првпат се појавува во Франција во XVII век и се користел да опише некого кој презема нешто, некој кој започнува со некаков проект. Набргу потоа зборот се проширил за да опише некој кој започнува нов бизнис, односно нов вид на бизнис или подобрен начин на водење на бизнис

На крајот на XIX век, Сеј (Say), францускиот економист и теоретичар од областа на претприемништвото напишал дека:

*Претприемачот ги трансформира економските ресурси (како дрво и руда) од подрачје на пониска во подрачје на повисока продуктивност и вид на производот.*[4]

Вака, Сеј (Say) потврдува дека претприемачот додава вредност на ограничените ресурси.

*Еден претприемач додава вредност на основните ресурси креирајќи нешто од нив за да задоволи незадоволена потреба на пазарот за што пазарот (луѓето) се спремни да платат цена која на тој претприемач му обезбедува профит.*

Од оваа дефиниција за претприемач може да се истакнат неколку елементи:

- Претприемачот додава вредност на основните ресурси.
- Таа вредност треба да биде потребна и препознаена од страна на купувачите.
- За таа вредност купувачите треба да платат во износ на цена која ќе обезбеди профит за претприемачот.

### 1.2.1 Карактеристики на претприемач

Иако, не постои општа согласност за карактеристиките на притприемачите, мошне значајна е нивната улога на преговарач, разрешувач на конфликти и алокатор на ресурси. Неколку карактеристики кои можат да се издвојат за претприемачите се: [5]

- Храброст

Од илјада високо платени менаџери на големи корпорации или професионалци, само еден има храброст да преземе нов зафат. Потребна е храброст за да се откаже од добро платена работа, со редовна плата и сигурно пензиско и социјално осигурување и да започне нов бизнис сам.

- Ориентираност кон акција

---

[4] Шутевски, Д., Статија објавена во Претприемач, 2012, Скопје

[5] Деловска, Б., Јовановска-Радановиќ Е., Прирачник за претприемништво и бизнис, 2013, Скопје

Успешните претприемачи се луѓе кои се постојано ориентирани кон акција. Тие сакаат да започнат бизнис кој веднаш покажува резултати.

- Ориентација кон успех

Многу луѓе се неодлучни околу успехот. Тие сакаат, ама и не сакаат да успеат. Тие сакаат да успеат, но заради потсвесен страв од неуспех, несвесно имаат желба да ја саботираат целата работа. Можните претприемачи се ослободени од оваа неодлучност. Кај нив не постојат "ако" и "но" во врска со успехот.

- Перцепција на можностите

Претприемачите се способни да ги видат непотполнетите области на пазарот околу нив и празните места кај производите, процесите и услугите и да покажат силна свест за можностите за промена на состојбите. Тие имаат силно чувство за забележување на можностите, не само во добри, туку и во тешки времиња и секогаш се спремни да запележат нешто неочекувано, ново, возможно и корисно во се што тие ке сретнат. Нови перспективи, концепти и идеи, претставува срж на нивните нови потфати.

- Пресметано превземање ризик

Спротивно на стереотипот кој претприемачот го гледа како коцкар или човек кој многу ризикува, претприемачите се ефикасни, претпочитаат да превземат пресметан ризик, каде можностите за загуба не се ни премногу мали ни премногу големи. Тие си поставуваат цели кои се високи и предизвикувачки, во но исто време се реални и достижни.

- Поставување цели

Ефикасните претприемачи поставуваат цели кои се конзистентни со нивните интереси, вредности и таленти. Нивната верба во реалноста на нивните цели е основен фактор за нивното исполнување. Претприемачите веруваат во сопствениот суд, без разлика што мислат другите за нив. Нивните планови може да им личат на другите нелогично, но во нивниот контекст на желби и лични вредности, тие се сосема логични. Успешните претприемачи имаат природен натпреварувачки дух, тие се пред се заинтересирани да се натпреваруваат со сопствените минати достигнувања, отколку со своите колеги и конкуренти.

- Долгорочни перспективи

Успешните претприемачи се спремни да толерираат големи количини на фрустрации и одложување на задоволството, да посветат многу време и напор за постигнување на целите и да ја чекаат наградата која ќе стигне дури по подолг временски период. Нивното чувство за мисија и долгорочност им помага во избегнување на привремени грешки и препреки и им овозможува да влезат во постојано присутната трка. Спротивно на некои стереотипи, претприемачите не брзаат кон успехот. Искуството на одложување им помага во изградување на значителна толеранција кон фрустрациите.

- Континуирано поставување цели

Помалку успешните претприемачи тежнеат да се задржат на своите успеси прерано, или премногу долго. Претприемачите кои се задоволиле со својот почетен успех и не продолжиле да се трудат, најчесто плаќаат повисока цена за илузијата дека освојувањето на брегот значи и освојување на островот. Помалку успешните претприемачи поставуваат една цел, но не поставуваат нова како предизвик. Единствен начин да се соочат со помалку оствареното е да постават нова цел, што успешните претприемачи тоа го прават како дел од играта.

- Ориентирано кон реалноста

Успешните претприемачи имаат интелектуална искреност и се спремни да се соочат со фактите. Успешните претприемачи знаат кога се во неволја и имаат доволно силно его кое може да признае грешка. Ориентацијата кон реалноста им помага да одредат подобро што е возможно, а што не е.

- Мотивација и енергија

Најголем дел од високо енергичните претприемачи имаат огромен капацитет да работат многу часови. Тие може да поминат неколку дена или пак неколку недели со помалку од нормалното време за одмор и спиење. Тие им приоѓаат на своите задачи со одлучност и деталност, особено во првите години. Нивниот личен живот најчесто се смета како алатка на новиот концепт на визијата-алатка која постојано треба да се остри. Ваквата интензивна зафатеност бара големи жртви, каде семејството доаѓа во заден план. Ваквото однесување покажува дека претприемачите се зависници од

работа. Но, има значителна разлика помеѓу посветеноста на претприемачот на работата и зависноста од работа. Зависниците се најчесто водени од чувството на ниско самовреднување, кое го надополнуваат со тешка работа, додека пак претприемачите се обземени од работата, затоа што таа за нив е стимулативна и задоволувачка.

- Издржливост

Издржливоста во остварување на целта е исто така уште една вредна карактеристика на успешните претприемачи. Тие знаат дека за да се постигне саканата цел, неопходно да се одржува фокусирана концентрација со недели, месеци, па дури и години. Водени од потребата за остварувања и успех, оваа издржливост на претприемачите им генерира истрајност и посветеност, карактеристики кои не исчезнуваат, се додека не се постигне целта.

- Потпирање на сопствените сили

Успешните претприемачи се потпираат сами на себе и силно веруваат во своите способности дека ќе ги постигнат целите кои си ги поставиле. Тие веруваат дека имаат контрола врз надворешните настани во нивните животи, дека сами ја коваат својата судбина. Како последица на тоа, тие ретко веруваат во судбина. Тие веруваат дека со сопствените напори, оригиналност и одлучност ќе остават сопствен белег. Тие имаат храброст да станат и да се одржат како одлучни и самостојни личности и нескромно да ја покажат оваа разлика пред другите. Тоа им дава храброст да бидат иновативни и креативни во соочувањето со проблемите при започнување на сопствените потфати. Нивните главно надежни и оптимистични ставови доаѓаат од таму што тие се гледаат себе си како способни, силни и одговорни личности.

- Независност

Успешните претприемачи не се дел од групата. Тие се независни. Испитувањата покажуваат дека потребата од припадност и спријателување го ограничува претприемничкото однесување. Претприемачите се предржуваат кон групата само поради тактичка причина од остварување контакти, собирање корисни информации, барање помош во разрешување на секојдневни проблеми или пак заради проширување на сопствените деловни зафати.

- Самодоверба

Сигурната самодоверба што ја покажуваат претприемачите се основа на нивното очекување и верување дека успешно ќе ги совладаат предизвиците и препреките и ќе ги реализираат своите желби. Оваа самодоверба укажува на силно его, но во позитивна смисла.

- Самопочитување

Ефикасните претприемачи имаат самопочитување кои произлегува од здравото чувство на самовреднување и самоприфаќање. Претприемачите со позитивна сопствена слика главно се задоволни со тоа какви што се. Тие може да ги признаат сопствените недостатоци и превземаат активни чекори да ги надминат. Уште една битна карактеристика на претприемачите е да имаат верба во самите себе. Оваа верба е уште поважна од самодовербата, особено кога ќе се појават сериозни пречки и науспеси. Вербата им дава можност да преживеат сериозни разочарувања и порази.

- Одговор на неуспех

Друга важна карактеристика на успешните претприемачи е нивниот став дека грешките и пречките се само привремени бариери на патот кон нивните цели. За разлика од многу луѓе, кои по неколку неуспеси се повлекуваат успешните претпримачи имаат способност многу брзо да се повратат од зададениот удар, кога ќе увидат дека планираниот проект претрпел неуспех. Наместо да се кријат или да не ги признаваат своите грешки, тие признаваат дека истите настанале и продолжуваат со тоа што ги анализираат причините кои ги предизвикале. Тие имаат способност да се помират со своите грешки, да научат од нив, да ги поправат и да ги искористат како искуство за да не ги повторат во иднина. Успешните претприемачи знаат дека треба да превземат лична одговорност за успесите и за неуспесите на нивните потфати и не бараат други виновници кога работите ќе тргнат наопаку. Суштината не е во тоа како да се биде успешен и никогаш неуспешен, туку како да се прифати промената на среќата во животот. Успешните претприемачи знаат како да се надградуваат од успесите и како да учат од неуспесите.

- Разрешување проблеми

Ефикасните претприемачи знаат дека поставувањето на една стратегија бара големо внимание на деталите. Уште пред да го направат обидот кон целта, тие продолжуваат со пробите и тестирањата на логистиката и стратегијата. Тие се осигуруваат дека ги

имаат сите информации за условите со кои ќе се сретнат. Ефикасните претприемачи со совето внимание на деталите се способни да ги избалансираат сите факти и размислувања со интуитивни одлуки и да ги комбинираат информациите за применливи цели. Тие знаат дека никогаш нема да имаат доволно факти и дека често и најдобриот план треба да се ревидира. На крајот, успешните претприемачи се потпираат на претчувството. Некои од нив имаат големи интуитивни способности.

- Толеранција на нејасност и несигурност

Претприемачите толерираат нејасни состојби и може да донесат одлука и во услови на неодлучност. За разлика од многу луѓе тие не чувствуваат нетрпеливост, кога ќе се соочат со релативно висок степен на несигурност во поглед на нивните одлуки. Тие може да се ослободат од било какви наметнати шеми и да се држат што е возможно помалку до стереотипни решенија или планови.

Карактеристиките на претприемачите во основа се: самоувереност, талент, креативност, предизвик, динамизам, визија, иницијатива, оптимизам, реализам, прифаќање критика, осторумност, настојчивост, прифаќање ризик, независност, поливалентност, потреба од реализација, флексибилност, предвидување, лакомост, желба за богатење и самодокажување, но и помагање за социјални цели итн.

### 1.2.2 Развојна улога на претприемачите

Како задача на претприемачите се јавува разместувањето на развојните ресурси од точките на стопанисување со помали приноси кон точките на стопанисување со поголеми приноси. Во различни претпријатија и различни гранки на стопанството постојат различни профитни стапки наспроти стремежот за создавање на општа просечна профитна стапка на долг рок. Количината на трудот што претприемачот го извлекува од своите работници по час, управувањето со своите ресурси и добрата или лоша организација на операциите се услови на висината на профитната стапка. Постојат разлики во висината на профитните стапки, дали се повисоки или пониски, кои зависат од тоа дали препријатијата добро работат, дали имаат среќа и дали добро проаѓаат на пазарот на труд.

Доколку претпријатијата остваруваат повисоки профити тоа значи дека добрите претприемачи успешно ги искористиле своите ресурси во економските сектори преку механизмите на селење на капитал (производна преориентација, производна диверзификација и сл).

За донесување повисок профит добрите претприемачи се водат од сопствената интуиција, чувството за движење на пазарот, а исто така за успешно разместување на ресурсите потребни се и знаења: за барањата, вкусот и желбите на потрошувачите, економската политика на Владата и за подолгорочните структурни промени во гранката. Доколку во една национална економија за три различни гранки на производство постојат различни профитни стапки кои се одржуваат релативно долг временски период, мотивот за максимизација на профитот нужно ќе предизвика селење на капиталот.

### 1.2.3 Претприемнички вештини

Вештината претставува капацитет за исполнување на предходно утврдени резултати. Значи за да постои вештини треба да се има знаење за тие вештини, односно на некаков начин да се научени, дали преку класично учење или пак искуствено, не е важно. Всушност вештините се комбинација од учење и искуство.[6]

Никогаш на едно место нема да се најдат сите вештини кои треба да се поседуваат доколку некој сака да отвори сопствен бизнис.Тоа е затоа што секој бизнис, во кој било сектор, во кои било услови за работа и во какво било окружување секогаш ќе бара различни типови вештини кои ќе бидат потребни за успешно водење на бизнисот.

Сепак, постојат неколку генерални типови вештини кои се скоро секогаш застапени кај претприемачите:[7]

[6] Статија објавена во Претприемач, 2012, Скопје

[7] Статија објавена во Бизнис 101, 2011, Скопје

• **Проактивност** - способноста секогаш да се бараат нови можности во бизнисот, да се бараат нови патишта;

• **Мотивираност** - подготвеност за остварување на зацртаните цели, колку понекогаш и да се чинат тешки и неостварливи;

• **Иновативност** - секогаш да се нешто ново, нешто по што ќе бидат препознатливи; да бидат во чекор пред другите;

• **Оптимизам** – да се биде постојан оптимист, да не се задоволуваат со ништо помалку отколку што предвиделе;

• **Ориентираност кон целите** – секогаш да се настојува да се има јасна цел пред себе, цел која ќе мотивира да направите се за да ја остварите;

• **Работа** - Сите сакаат да стигнат до врвот, само некои преферираат да го чекаат, а некои се подготвени да работат напорно за да ја постигнат целта.

Сите овие горе наведени вештини и ставови се само предуслов за да може да се влезе во морето од претприемачи коишто ги користат истите тие, за да бидат успешни на пазарот. Добрата вест е што луѓето, повеќе или помалку, ги поседуваат сите нив, и можат постојано да ги подобруваат. Лошата вест (не и ако се сфати како предност) е тоа што постојат илјадници луѓе, што секојдневно истите тие вештини ги ставаат во полза на нивните бизниси. Значи, треба да се пронајде начин како постојано да се додава некоја дополнителна вредност што, како што ги прави луѓето како индивидуа посебен/на од другите, така ќе го прави и бизнисот поразличен од останатите учесници на пазарот.

## 1.3.Жени претприемачи

Жените претставуваат еден голем и значаен дел од светската популација, со несомнено големо влијание во сеопфатното општество. И покрај сознанието дека жените се нежни и создадени да не се борат, тие покажале дека можат да владеат со поголем успех и од мажите. [8]

[8] Цитат од Мој портал Жена

Жена претприемач е секоја жена која организира и раководи со некое претпријатие, бизнис, обично со значителна иницијатива и ризик со остварување на профит. Исто така, жена претприемач е секоја жена која започнува сопствена компанија која остварува брз и експанзивен раст.[9]

Со порастот на свеста кај населението за потребата од афирмација на жените и развој на женското претприемништво, ќе се овозможи современ поглед кон улогата на жената, рамноправна на мажот. Подигнувањето на свеста, како на индивидуално ниво, така и на национално ниво, за значајноста на женското претприемништвото, надминува голем број на проблеми, меѓу кои спаѓа и проблемот на невработеноста. Доколку во поголем степен се промовира женското претприемништвото, ќе се намали бројот на невработени лица, а ќе се зголемува стандардот на населението.

Жените и нивната улога во претприемништвото добиваат се поголема актуелност како во развиените земји, така и во земјите во транзиција. Во развиените економии се следат сите фактори кои можат да придонесат за развојот и тие фактори се користат максимално. Во светот континуирано се појавуваат поволни услови за развој на женското претприемништво, политика, наука... За тоа многу придонесуваат разните лоби групи и дефинирани макро економски политики на поддршка. Исто така и падот на наталитетот игра големо влијание на се поголемото значење на жените во светот. Тука се и фондовите на владите за развој на женското претприемништво, како и финансирање од разни профитни или непрофитни организации. Како главен проблем во работењето се јавува финансирањето и фактот дека не биле сериозно прифаќани како сопственици на претпријатија.

### 1.3.1 Карактеристики на успешни жени претприемачи

Во целиот свет, жените играат голема улога во националната економија на нивните земји. Во развиените земји, ниската стапка на раѓање, заедно со стареењето на населението, ги алармира владите за потребата од учество на жените во економските сектори, бидејќи тие претставуваат околу половина од населението, и исклучувањето од работа и економските активности ќе предизвикаат сериозни штети на економијата.

[9] Шутевски, Д., Чубровиќ, И., Статија објавена во Претприемач, 2012, Скопје

Во овој поглед, со ревизија на законите за труд и воспоставување на работилници и финансирање на претприемачите, владите се обиделе да им помогнат да влезат во работната сила. Карактеристики на успешна жена претприемачи се:[10]

1) Позитивен став: Позитивниот став е главен фактор во вртење на идеи во практични програми и ставајќи ги во акција.

2) Надминување на пречки: Жените може да ги претворат заканите во можности за компанијата. Жените претприемачи мора да научат нешто од секој проблем што се појавува. Постепено, тие ќе сфатат дека проблемите не се толку големи како што ги замислиле.

3) Висока самодоверба: Да се биде моќен и самоуверен не значи да се биде агресивен и храбар. Напротив, самодоверба и моќ значи креативност и движење по вистинскиот пат. Кога поединката има позитивен став за себе и е одговорна, таа има посилно чувство за претприемништвото, а другите ќе соработуваат со неа на поубедливи и посигурни начини.

4) Чувството да се биде корисен за другите: Жените имаат поголем капацитет да станат влијателни на другите со тоа што се корисни за нив. Надежта да се направи позитивна промена во животите на другите е една од најважните карактеристики на жените претприемачи, и тоа се смета за важен фактор во нивните економски активности. Меѓу различни мотиви како што се висок приход, демонстрација на способностите, користењето на универзитетски дипломи итн, чувството да се биде корисен за другите и правење на позитивни промени во животите на другите се најважните фактори за жени претприемачи.

5) Чесност: За да се биде успешен со сигурност не е потребна никаква агресија. Нема потреба да се гази по другите за да се постигнат високи цели. Негативното чувство за конкурентност е почесто кај мажите отколку кај жените.Овој фактор буди чувство на доверба во другите за секој што сака да работи со чесни, доверливи и искрени луѓе.

6) Баланс помеѓу животот и работата: Иако жените обично се одговорни за нивниот приватен и семеен живот, оние кои можат да го балансираат животот и работата, имаат тенденција да бидат поуспешни. А балансираниот живот му помага на умот за

---

[10] Sarmayeh newspaper, The Characteristic of Successful Woman Entrepreneurs, 2012

креативни идеи. Овој фактор е карактеристика на жените, бидејќи тие се повлијателни на нивните семејства отколку мажите.

7) Цел-насоченост: целите се соништата кои се дополнети со јасно практично програмирање. Ако целите не се напишани тие остануваат соништа и желби. Жените кои имаат јасна и детална програма имаат тенденција да бидат поуспешни. Ова се однесува и за мажи и за жени претприемачи, но сепак, бидејќи жените имаат семејни обврски, програми кои ги имаат им помагаат да се направи добар баланс помеѓу живот и работа.

8) Прецизност: откривањето на вакууми во пазарот да се пополнат со претприемништвото е стратешка задача во секоја програма. Откривањето на неисполнети потреби е клучот за успешно производство. Жените, поради нивната внимателност и голема прецизност , се повеќе способни од мажите во препознавањето на тие потреби. Од друга страна, статистиките покажуваат дека речиси во сите земји во просек жените имаат повисоко економско знаење од мажите. Затоа тие имаат појасна слика за потребите на пазарите, а нивните претстави може да ги задоволи потребите на пазарот.

9) Обука: Повеќето жени претприемачи го пренесуваат своето работно познавање на нивните наследници, како и формата на пренос на искуства е видлива во компанијата во која се наоѓаат, што е далеку поголема од онаа што се одвива во трговските друштва основани од страна на мажите. Оваа карактеристика исто така води кон нивната способност да ги искористат предностите на искуството на другите.

10) Долгорочна визија: највисокиот отпор честопати се случува пред неуспех. Претпазливост и предвидливост се меѓу посебните карактеристики на жените претприемачи. Заради долгорочната визија на жените во соочувањето со проблемите, нивниот отпор кон неуспех е повисок во нив. Сепак, претпазливоста не прави пречки за успешните жени да го преземат следниот чекор. Иако во целиот свет бројот на жените претприемачи е помал од мажите, тие во сите работи се еднакви и нивната стапка на успех е повисока.

### 1.3.2 Разлики меѓу мажи и жени претприемачи

Карактеристиките на успешни претприемачи повеќе им се препишуваат на мажите отколку на жените. Тие произлегуват од традиционалното сфаќање дека претприемништвото е машка работа, дека машките имаат поголемо работно искуство поради биолошките функции на жените (раѓање и одгледување на деца), кое влијае на помалото образование и работно искусто. Не треба да се смета дека сите жени се помалку способни за бизнис од мажите. Иако не постојат голем број разлики меѓу мажите и жените претприемачи, ќе бидат разгледани разликите и сличностите односно она што е најкарактеристично и по што се издвојува женското претприемништво од машкото претприемништво.

Многу мажи (не сите) имаат потешкотии да прашаат за помош кога станува збор за нивните сопствени бизниси. Но, повеќето жени немаат проблем да признаат дека не се сигурни како да завршат одредена задача или што треба да се направи следно во градењето на бизнисот. Ова понекогаш може да обезбеди предност во знаењето на изворите кои пак придонесуваат да се изгради нивниот бизнис побрзо.

Не е дека мажите не ги ставаат вредностите во прв план на нивната компанија но на повеќето жени претприемачи тоа им е приоритет број еден над се друго. Жените размислуваат каков ќе биде нивниот бизнис уште пред да почнат да планираат нешто друго.

Машките претприемачи ги гледаат нивните бизниси како машини, а женските претприемачи ги гледаат како живи организми. Тоа можеби произлегува од тоа дека мажите имаат поголема веројатност да ја заземат позицијата која што “лошите вработени” можат лесно да бидат заменети со нови и пофункционални.[11] Многу машки претприемачи можат да го предвидат фактот дека тие вработени стануваат лоши бидејќи во тој момент бизнисот не е во добра состојба. Некои можат да ја заземат позицијата која нов вработен тука или таму би помогнал за да го направи бизнисот пофункционален отколку испитување на целиот бизнис да се види кои се основните проблеми.

[11] Cramer, M., What makes women entrepreneurs different from men?, 2013

Жените претприемачи имаат тенденција да бидат на другиот крај со перспектива дека ако вработените во околината не работат тогаш целиот екосистем на бизнисот би можел да пропадне. Во суштина жените претприемачи повеќе се фокусираат на сигурноста дека работната околина е подобна за добивање на најдобри резултати од нивните вработени отколку очекување на најдоброто од нивните вработени и покрај состојбата на животната околина.

Жените претприемачи имаат тенденција да се фокусираат на градење на бизниси толку силно што тоа би можело да функционира целосно и успешно и без нив. Мажите градат силни бизниси или јаки, но често сакаат да бидат сигурни дека тие секогаш ќе се дел од главниот елемент кој што прави работите да се движат во правилна насока.

Половиот стереотип е главна причина за нееднаквото образование и искуство, што ги ограничува можностите за отворање и проширување на претпријатијата па врз основа на тоа се формираат стереотипи од типот на надреденост на мажите.

Жените по својата интелегенција, способност, снаодливост... во никој случај не заостануваат зад мажите. Значи тие реално ги заслужуваат тие позиции (тоа е практично веќе докажано). Резултат на ваков полов стереотип е тоа што жените претприемачи имаат повеќе финансиски проблеми отколку мажите.

Во однос на стартувањето на бизнис, се смета дека мажите се поискусни при започнувањето на бизнисот, а имаат и поголеми очекувања, додека жените сепак се повнимателни при стартувањето на својот бизнис и тие повеќе време посветуваат на планирањето на истиот т.е поставувањето на профитни таргети за разлика од мажите. Жените претприемачи најчесто сакаат да работат во малопродажба, домашните ракотворби, шиењето и други услуги, како и работи кои можаат да се извршуваат од дома во современи услови со компјутер и преку интернет.

Некои типично женски особености, како што се способноста за соживување со туѓи проблеми, емоциите, силно изразената желба за интеграција, изразениот талент за комуницирање, снаодливоста и слично се плус или минус во женското претприемаштво, посебно во делот кога фирмата треба да се управува. Навистина, бизнисот не познава емоции и туѓи проблеми и потреби, освен емоциите и проблемите за сопствениот бизнис кои даваат енергија за напредување.

Жените го дефинираат успехот различно од мажите. За жените успехот означува поседување контрола над нивните сопствени судбини, градење тековни односи со клиенти (потрошувачи) и работење нешто исполнително.

Жените доминираат во услужните дејности. Односот замјоделство-индустрија-услужни дејности е во корист на услугите. Тоа значи дека тие се наоѓаат во секторот кој во наредниот период ќе доживува раст.

Голем дел од фирмите што ги поседувале жените остануваат мали. Едната причина за тоа се финансиите. Бизнисите што ги поседуваат жените би растеле побргу доколку се овозможи еднаков пристап до капиталот каков што го имаат мажите. Жените почнуваат бизнис со помалку пари. Тоа е зошто почнуваат бизнис во услужните дејности, по природа се препознатливи, а имаат и поголеми тешкотии околу набавка на финансии.

### 1.3.3 Главни проблеми на жени претприемачи

Кај нас се уште постои размислувањето дека жената е за домот и за децата, и дека не и местото да води бизнис. Најчесто, кога жените пробуваат да дојдат до кредити, заеми и слично, инвеститорите имаат дилема во нивната способност да водат бизнис. Меѓутоа, овие трендови се менуваат. Многу битно за една жена која сака да започне со сопствен бизнис е цврсто да верува во својата идеја, да биде самоуверена и никако да не потклекнува пред тешкотиите. Треба да верува во своите ставови, да се држи до своите принципи. Ако таа верува во самата себе, ќе веруваат и сите околу неа. Колку повеќе жени стануваат претприемачи, толку самиот процес на влегувањето на жената во овој свет ќе стане се полесен и полесен.

Жените претприемачи се срекаваат со голем број проблеми при започнување на свој сопствен бизнис кои може да се класифицираат како:[12]

1. Општествено персонални – погрешниот став на општеството спрема жените претприемачи се должи на недостатокот на соодветна едукација и информираност, економска заостанатост и ниска способност за ориентација.

[12] Шулајковска, А., Јовановска, В., Презентација:Карактер на жени претприемачи, 2011, Скопје

2. Менаџмент проблеми – овие проблеми се должат на недостатокот на доволно познавање од општиот менаџмент и искуството, недостаток на вештини за работа, недоволна посветеност на работата, недостаток на прецизно зацртани цели и низа друго проблеми.

3. Производствени проблеми – како што се: нееднаквата расположливост на земја, парцели и простории, нередовна понуда на доволно инпути, неадекватна техничка поддршка на производната идентификација и недостаток од технолошки истражувања.

4. Маркетинг проблеми – се должат на недоволното знаење како да се рекламираат производите и исто така недостаток на поврзување на локалните пазари, тешка конкуренција од поголеми претпријатија, експлоатираност од продавачот на големо, потешкотии во собирањето на долговите и неадекватен пристап за продажба на промоции.

5. Финансиски проблеми – ова се главни проблеми со кои се соочуваат сите претприемачи: проблемот на добивање заеми и субвенции, инсистирањето на колатерално обезбедување и маргнални парични услуги.

6. Проблем на помош од Владата – во пракса жените претприемачи се соочуваат со многу потешкотии во добивањето на помош од Владата што се должи на бирократијата на различни нивоа, експлатативните советувачи, проблеми на нечесните функционери, комплицираните и долгите процедури за добивање на потребната помош.

7. Проблеми во работењето – најчесто во однос на платите, работните часови, отсуствата од работа и бонусите кои треба да се поделат на вработените.

### 1.3.4 Политики за развој на женско претприемнишво

Пред да се работи на промоција на политиките потребно е да се открие улогата на женското претприемништво во економијата. Основната улога и резултат на што го нуди женското претпименииштво е креирање на работни места за самите себеси и за другите, како и зголемување на степенот на самодоверба и независност на жените.

Клучните политики, кои се препорачуваат, претставуваат обврска на целото општество, почнувајќи од самиот народ и завршувајќи со Владата.[13]

Како позначајни се издвојуваат следните политики за развој на женско претприемништво:

- Зголемување на можностите на жените да учествуваат во пазарот на работната сила преку обезбедување на места за згрижување на децата и еднаков третман на работното место.

- Слушни го гласот на жените претприемачи. Создавање на владини канцеларии наменети за жени претприемачи е еден начин да се оствари ова. Таквите канцеларии имаат разни програми за да се обезбедат деловни центри за жени, потоа организираат информативни семинари и состаноци со цел да се подобри и промовира женското претприемништво.

- Промоција и развој на мрежи и асоцијации за жени претприемачи. Ова е еден од основниот извор на знаење и алатка за развој и промоција на женското претприемништво. Соработката и партнерствата на жените во националните и меѓународните мрежи може да ја олесни промоцијата на жените претприемачи во глобалната економија.

- Програми насочени за помош на жените при старт на бизнис, преку тренинг, бизнис совети и други форми на подршка.

- Обезбедување на финансиска помош на жените претприемачи, преку олеснување на можностите при добивање на финансиски средства, пристап до кредити, фондови наменети за жени претприемачи.

- Еднакви можности на жените и намалување на половата дискриминација.

- Зголемување на образованието на жените и намалување на нивната неписменост.

Може да се констатира дека политиките за развој се едни од основните што можат да ги намалат бариерите и ограничувањата на промоција и развојот на жените претприемачи и поради тоа потребно е да се применуваат како на индивидуално, така и на национално ниво. Дел од овие политики се применуваат во некои европски држави

[13] Цитирано од Википедија, Разговор со корисник, 2013

како што се Германија, Австрија, Италија и сл. за кои поконкретно ќе биде елаборирано во ова истражување.

### 1.3.4 Пет мега компании основани од жени претприемачи

Во не толку далечно минато мажите биле сметани за посоодветни за бизнис, но реалноста е дека жените се природни претприемачи, што значи дека тие се родени да основаат бизниси односно да се занимаваат со претприемништво.

Жените имаат вродени претприемнички способности. Успехот во бизнисот бара интуиција, здружување со конкуренцијата, споделување на таленти, информации и ресурси- сето ова е својствено за жените.

Денес, се повеќе компании се основани од жени. Ова се петте најуспешни мега глобални компании основани од жени[14]:

- **Flower films**- Основана е во 1995 година од страна на Drew Barrymore и Nency Juvonen. Оваа компанија има заработка повеќе од $ 870 милиони ширум светот и продуцирала хитови како што се Never been kissed (нивниот прв филм), Charlie's Angels, Donny Darko и Fifty first dates. Кога го започнале бизнисот немале никакво искуство со продукција, а денес се моќни во забавната индустрија.
- **The Baby Einstein company**- Julie Aigner Clark ја основа својата компанија во 1997 година од својата дневна соба, промовирајќи ги првите Baby Einstein видеа за бебиња и деца, при што заработи 10 милиони долари за помалку од 3 години. Една година подоцна, компанијата Walt Disney ја купи оваа компанија, за непозната голема сума на пари.
- **PC Connection**- Во 1982 Patricia Gallup заедно со својот бизнис партнер David Hall, преку заедничко вложување од 80000 долари, ја формираа компанијата. Денес, оваа компанија е на листата на Fortune 1000 company, со годишни приходи од преку 1 милијарда долари.

[14] Цитат од Бизнис идеја, Пет мега компании основани од жени претприемачи, Јануари, 2010

- **Discovery Toys-** Lane Nemeth, поранешна учителка, ја основала својата компанија во 1978, со 5000 долари кои ги позајмила од својата баба. Таа регрутирала образовни консултанти, кои биле задолжени за продавање детски играчки, книги, софтвер по домовите. Компанијата имала продажба од преку 100 милиони долари, а во 1997 е превземена од страна на Avon Products, Ins. Пет години подоцна, Nemeth ја основа Petlane, компанија која ги има истите принципи на работа, но производите се за домашни миленичиња.
- **Omega World Travel-** Основана 1972, од страна на Gloria Bohan и претставува 4-та најголема туристичка агенција во САД. Со заработка од 1,2 милијарди долари годишно не е чудно што Bohan се наоѓа во оваа листа на славните.

## 1.4. Иновација

Како клуч за почеток со секој бизнис е иновацијата. Иновацијата е примарниот фактор кој го води создавањето на претприемништвото. Иновацијата е специфичен инструмент на претприемништвото чин што им дава на ресурсите нов капацитет да креираат богатство.

Претприемачите, по правило, донесуваат иновации. Тие се значи, специфичен инструмент на претприемништвото. Иновацијата, според Drucker[15] претставува активност кој ги обдарува ресурсите со нови капацитети за создавање на ресурси.

Истиот автор разликува и посебно обработува седум извори на иновации: неочекуван успех, неочекувано промашување или неочекуван надворешен настан, несовпаѓање меѓу постојаната реалност и реалноста заснована на потребата на некој производен процес, промена во структурата на стопанството или пазарот кои секого ќе го изненадат, демографски промени, промени во перцепцијата, расположението и знаењето, нови сознанија, научни и ненаучни.

Иновацијата е една од најважните карактеристики на претприемништвото. Претприемништвото најчесто се темели врз некаков вид на иновација, промена во која

[15] Peter Drucker, Innovation and Enprepreneurship, 1985

претприемачот гледа можност за успех на бизнисот и остварување профит, а со воведувањето на иновацијата тоа реално може и да се оствари. Тоа значи дека иновативноста е континуиран процес со кој секогаш се отвараат нови можности за развој.

Претприемач е личност која се ангажира во откривање на можности од деловен потфат, преземајќи ризик со рационално искористување на расположивите ресурси. Ги донесува ресурсите, материјалите, трудот правејќи ја нивната вредност поголема од претходно, а тој е личноста која внесува промени и иновации.

При работа претприемачите употребуваат различни иновации и тоа: воведување на нова организација на производство, воведување нов производ или нова производно-технолошка постапка, пронаоѓање на нов извор на суровини, пронаоѓање на нов пазар, итн.

Претпремничкото однесување ги содржи во себе креативноста, инвентивноста и иновативноста кои меѓу себе се разликуваат. Креативноста претставува можност за создавање нова содржина, процес или појава во комбинација на постојните елементи односно фактори на производство. Способноста да се гледа  повеќе од очигледното исто така се смета дека е карактеристика на креативноста. Инвентивноста е процес на создавање на нешто ново. Инвенцијата вообичаено означува придонес кон нивото на општочовечко знаење. Иновативноста се поврзува со дефинитивното маркетирање на новиот производ, услуга или технолошки процес што беа резултат на инвентивноста.

Иноватор е личност кој бил/а во можност да идентификува проблем, непресретната потреба или неисполнето барање и да се сети на решение за истото пред тоа да го направи некој друг.

Претприемачите може да се наречат и иноватори, бидејќи многу лесно можат да влезат во ризик кои сметаат дека голем дел од проблемите се остварливи и дека од нив самите зависи успехот. Тие се индивидуалисти кои што ретко се потпираат на среќата но и ретко веруваат дека можат да бидат жртви на лоша среќа

Добрите претприемачи се и вистински лидери, а претпремачот е добар лидер ако има големо влијание врз луѓето кои што работат за него во фирмата без примена на сила.

Претприемничката активност може да се образложи со неколку основни карактеристики :

1) иновација,
2) преземање ризик,
3) независност во делувањето

Со овие карактеристики може да се разликува претприемничко од непретприемничко непретприемачко однесување. Претприемничката работа како своја карактеристика ја има иновацијата која се однесува на:

- откривање нови пазари
- воведување нова организациска структура
- модификување на постојната технологија
- воведување нова технологија
- откривање нови извори на енергија
- модификување на постојната организациска структура
- воведување нови производи и услуги
- модификување на постојните производи
- откривање нови суровини
- воведување нови методи на работа

Како алатка за разликување на претприемничкото од непретприемничкото однесување на претприемачот се користи концептот на иновација. Дали малите претпријатија ќе бидат помалку или повеќе иновативни зависи од степенот на иновација.

Со користење на иновацијата, односно со нивната примена во новите техники и технологии на производство, се подигнува нивото на општата продуктивност и севкупниот раст и развој

### 1.4.1 Жени иноватори

Една од многубројните „полови предрасуди" се однесува на неможноста и ограниченоста на жената да биде дел од светот на технолошките достигнувања. И некои од жените често велат „тоа е машка работа" кога треба да се промени некоја светилка или пак гумичките на славината. Вистината е дека не постои реална поделба на машки и женски способности, па оттука ниту на машки и женски работи.

Познато е дека жените се навистина вешти при пронаоѓањето на практични решенија, па треба и да имаат и поголеми можности за реализирање на таквите идеи. Во основа, ретко се зборува за женското иноваторство, па ако некоја жена и има некоја добра идеја, тешко дека ќе може самоиницијативно да ја презентира. Но понекогаш се наидува на светли примери, Па иако на овие простори малку се говори за тоа, сепак, во светот на иноваторството постојат поттикнувачки примери на жени-иноваторки.

Жените-иноваторки често остануваат во сенка, и покрај нивните револуционерни откритија. Зафатени со домашните обврски и грижата за семејството, многу од нив немале време за размислување за работите кои им биле потребни и за ескпериментирање, но кога имале слобода и време тие создавале иновации коишто денес ни ги спасуваат животите и буквално и метафорично.

Овие жени-иноваторки ги препознале потребите, не стравувајќи од неуспех. До 1840 година на жените им биле признаени само 20 патенти, од кои повеќето биле поврзани со делови од облеката и со апарати за домашна употреба. Сосема е возможно да постоеле и повеќе, но во тој период жените не поседувале еднакви права со мажите за овој облик на интелектуална сопствсност, па затоа и изумите ги пријавувале под имињата на нивните сопрузи и татковци. Револуцијата настапила во 1876 година, кога припадничките на суфражетското движење со агресивен притисок се избориле за правото за поставување на првиот павилјон за жени на *Светската изложба* во Филаделфија.[16]

Времињата на оспорувањето на интелектуалната сопственост сега се зад нас. Денес стотици илјади жени ги пријавуваат своите патенти, иако тие претставуваат само околу 20% од сите иноватори. Иноваторките им препорачуваат на жените да не се

[16] Цитирано според Ивана Цесарец, статија во Окно, Жени – иноваторки, 2013

плашат од своите идеи, бидејќи кога ќе помислат дека „сè е веќе измислено”, би можеле да се изненадат од сознанието дека навистина не е така.

## 2. Женско претприемништво во земјите членки на Европската Унија

Состојбата на жените во Европската унија е таква да жените тендираат рамноправно да учествуваат во одлучувањето во сите нивоа и сите полиња. Жените навлегуваат во политиката и економијата, но засега не е прифатен предлогот на ниво на ЕУ да се утврди задолжителниот број на жени во области каде се носат одлуки. Во 2010 година само во три членки на ЕУ жени биле на чело на владите, а нивниот број во националните парламенти бил помалку од четвртина од пратениците. Истовремено, во Унијата жените ретко се на водечки деловни позиции. Многу земји преземаат чекори во правец на подобрување на положбата на жените. Мерки за поголемо учество на жените во одборите на компаниите во приватна или државна сопственост веќе се преземени во Шпанија, Италија, Франција, Германија, Белгија и Австрија. Сепак, Советот на министрите на истите ги повикува членките на ЕУ да преземат чекори до 2020 година со цел жените да учествуваат рамноправно со мажите во одлучувањето „на сите нивоа и на сите полиња”. Жените заработуваат 18% помалку од мажите и работа на пониски позиции.[17] И покрај зголемувањето на бројот на жени во парламентите, постигнувањето еднаквост со мажите во политиката продолжува да биде далечна цел за многу држави.

Европа ги промовира жените претприемачи преку Европска мрежа за помош на жените претприемачи (WES). Оваа мрежа има членови од 30 европски земји (ЕУ, Исланд, Норвешка и Турција). Делегатите ја претставуваат националната влада и имаат одговорност да го промовираат женското претприемништво во нивните земји. Во нив се даваат совети, помош, информации и контакти во врска со постојните мерки за поддршка на жените претприемачи. [18]

Некои од методите кои се применуваат во Европската мрежа за помош на жените претприемачи се:

- Унапредување на постојните жени претприемачи;
- Воспоставување на клима која ќе биде погодна за жените претприемачи;

[17] http://www.epm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=161:2011-03-14-13-12-27&catid=1:latest-news&Itemid=50

[18]Извор: WES - Европска мрежа за промовирање на женското претприемништво, 2014

- Пораст на бројот на нови жени претприемачи;
- Зголемување на големината на постоечките бизниси на жените.

Во натамошниот текст најчесто ќе бидат користени податоци од официјални извештаи на WES од 2012 и 2013 година како последно ажурирани податоци од Европската Комисија, а за дел од земјите членки, поради недостаток на информации користени се податоци од постари извештаи заради потребата да се изврши соодветна анализа и компарација за сите земји членки на ЕУ.

## 2.1 БУГАРИЈА

Родовата еднаквост претставува вредност која е утврдена во бугарското општество, регулирана од страна на националното законодавство во согласност со европските барања и меѓународните договори потпишани од страна на Република Бугарија. Прашањата за полот и женското претприемништво се опфатени од страна на Националната стратегија за унапредување на родовата еднаквост 2009 - 2015, која што се ажурира и специфицира во годишниот Акционен план за промовирање на еднаквоста меѓу жените и мажите. Овие документи ги вклучуваат приоритетите на Стратегијата на ЕУ за еднаквост меѓу жените и мажите 2010-2015 година .

Целта е да се елиминираат разликите и да се промовираат еднакви можности на половите во согласност со целите утврдени во Договорот на концептите на ЕУ. Основните предизвици се зголемување на вработеноста на жените, подобрување на нивната позиција на пазарот на трудот, елиминирање на социјална дистанца меѓу половите.

Жените во Бугарија претставуваат 51,3% од вкупната популација во земјата. Во 2012 година бројот на вработени мажи се намалил за 25 700, а бројот на вработени жени се зголемил за 6300.[19] Сепак бројот на вработени мажите е повисок од оној на вработените жени, но се очекува овој тренд да се смени во 2013 година, каде невработеноста кај мажите достигнува 12,7 % и е повисока од онаа кај жените кој е 10,1 %. Жените во Бугарија претставуваат речиси 36,7 % од самовработените и околу

[19] Извештај од WES – Европска мрежа за промовирање на женското претприемништво, 2012

30% од работодавачите. Статистичките податоци покажуваат дека бројот на жените претприемачи и менаџери на мали и средни бизниси расте оддржливо. Жените претприемачи имаат универзитетско или специјализирано високо образование, тие се на возраст од 35-64 години. Приближно просечната возраст на кадарот во женските компании е помеѓу 28 и 54 години. Регистрацијата и режимот за лиценца и општинското законодавство, се главните пречки за бизнисот. Меѓу претпријатијата на жените доминираат микро претпријатија со најмногу 10 вработени. Според жените - сопственици нивниот кадар го има потребното ниво на квалификација и нивната опрема соодветствува на стандардите на земјата. Речиси сите жени - сопственици прават редовни студии за задоволството на потрошувачите. За половина од испитаните жени, странски фирми донесуваат нови менаџмент практики во бизнисот. За половина од жените претприемачи, компаниите во рамките на своите филијали се конкурентни на домашниот пазар, а според една четвртина од нив, нивните претпријатија се конкурентни и на надворешниот пазар. Овие претпријатија направиле инвестиции во новите технологии во последните години.

Претпријатијата во кои менаџерите се мажи, почесто прибегнуваат кон банкарските кредити за финансирање на активностите на компанијата - 47 % во споредба со 35 % од жените испитаници. Високите менаџерски позиции почесто се завземени од мажите. 72 % од анкетираните мажи заземаат позиција на партнерот за менаџмент во споредба со 58 % од женските испитаници. 18 % од жените се дефинираат себеси како вработени кои учествуваат во процесот на донесување на одлуки - и процентот на анкетираните мажи за оваа позиција е 6 %. Жените претприемачи во Бугарија водат претежно мали бизниси во трговијата и услугите, а бројот на консултантски фирми раководени од жени значително се зголемува, 65,5 % од овие фирми имаат постојан пристап до интернет, но само околу 11 % имаат корпоративен сајт.

Жените кои развиле сопствен бизнис во Бугарија и ЕУ имаат заеднички проблем - пристап до финансии, особено за start- up. Над 62 % од бугарските жени претприемачи изјавиле дека почнале бизнис со сопствени средства. Отсуството на кредитна историја и доволната доверба во жените спречува натамошно кредитирање на бизниси во сопственост на жени во земјите на ЕУ. Ова ја покренува потребата за создавање организации кои ќе го поддржуваат бизнисот на жените, и кои ќе обезбедат посебна поддршка од индустриските организации.

Сликата на жените претприемачи е дефинитивно различна од онаа на мажите. Пред сè повеќе од нив се добро образовани и повеќе ги користат странските јазици од машките сопственици на малите и средни претпријатија - 75 % од жените сопственици на мали и средни претпријатија истакнале дека тие ги користат странските јазици, во споредба со 61 % од машките сопственици на МСП.

Жените почнуваат бизнис претпријатија подоцна од мажите. Ова од една страна се утврдува со пониската просечна возраст ( 44 години за жени и 47 години за мажи) и, од друга страна со помал број на години на искуство во претприемништвото (просек од 12 години за жени и 15 години за мажи). Генерациите од 51 до 60 години и на возраст над 61 година меѓу претприемачите, се претставени исклучиво со мажи - 4 од 5 сопственици на малите и средни претпријатија во овие возрасни категории се мажи. Женски сопственици на МСП почесто се наоѓаат во пониски старосни групи.

Половина од сите жени претприемачи работат во областа на услугите што е 12% повеќе од мажите во оваа област. Но само 1 % од жените поседуваат мали и средни претпријатија кои се занимаваат со градежништво(споредено со 9% од мажите). Обично компаниите од женски претприемачи се микро претпријатија. Мали и средни претпријатија генерално се карактеристични за машки претприемачи.

Жените претприемачи имаат тенденција да покажат понизок степен на страв од банкрот и повисок степен на подготвеност да почнат ново претпријатие ако нивната компанија станува несолвентна( под стечај).

Во Бугарија бројот на фирми во кои жените сопственици и менаџери можат да работат од дома on-line е занемарлив, додека во другите европски земји е широко распространет и обезбедува целосен или делумен работен ден за милиони работници.

Сепак, жените продолжиле да работат во претежно ниско платени и ниско статусни сектори. Овој тренд на жените кои работат во одредени сектори делумно објаснува зошто, во просек, жени заработуваат околу 69 % од платите на мажите, една од најголемите разлики во платите меѓу мажите и жените меѓу земјите од источна Европа.

Во 2011 година во Софија, Бугарија се одржал втор меѓународен форум за женско претприемништво, кој бил организиран од страна на Бугарската Агенција за промоција на мали и средни претпријатија и Бугарското здружение на жени

претприемачи (член на Бизнис и професионални меѓународни жени ). Главната цел на Меѓународниот форум е поттикнување на женското бизнис лидерство и промовирање на нивното активно присуство на раководни позиции меѓу деловните кругови, како и кај општата јавност, со презентирање на, од една страна активноста за кои што компаниите се задолжени, а од друга - подложување на жените на дискусија на тема претприемништво и моменталниот интерес за него. Она што е битно е идната политика на Земјата за обезбедување ефективно спроведување на законската рамка на Европската унија за родова еднаквост, реализацијата на вистинска и ефективна родова еднаквост во сите политики вклучувајќи ја и онаа на трошење на средствата на Европскиот социјален фонд.

Во согласност со Националната стратегија за еднаквост меѓу жените и мажите, Агенцијата за промоција на мали и средни претпријатија на Бугарија ( BSMEPA ) во 2012 година спровела неколку настани каде членувале членовите од водечките организации на бизнис жени во земјата - *Клуб на жени претприемачи и менаџери во Бугарија* и *Бугарското здружение на жени претприемачи:*

1. Информативни семинари, биле оддржани во период од март до април 2012 година во 27 региони на земјата. Главната цел на овие настани била да се обезбедат информации за учесниците за можностите и условите за бугарските компании да добијат одобрение за учество на: специјализирани изложби; бизнис мисии во странство; специјализирани семинари за развојот на меѓународната трговски вештини и перформанси, влегување на нови странски пазари; информации за Националниот портал за извоз.

2. Информативни семинари, одржани во периодот од 7-15 октомври 2012 година во 7 поголеми градови во земјата. Главната тема на семинарите била: "Политики за промоција на извозот. Можности за пристап до финансирање" За време на семинарите инструментите кои биле применети од страна на Бугарските владини институции за промоција на извозот, биле предложени од страна на државата и приватните институции. Експерти од Министерството за економија, енергетика и туризам презентирале информации за различни странски пазари. Таму се дискутирало за различни финансиски инструменти предложени од страна на Бугарската банка за развој и Бугарската Агенција за извоз и осигурување.

Бугарските бизнис жени учествувале во многу настани за промоција на родовата еднаквост на европско и меѓународно ниво и го изразувале своето мислење и предлозите на Европската Комисија за родовата рамнотежа во бизнис раководствата, како што се:

• основање на канцеларии на европските бизниси основани од жени во рамките на Европската комисија и во надлежните министерства на ниво на земјите членки без утврдување на сосема нови структури.

• назначување директор на женските претпријатија, пратеник или претставник од висок степен во рамките на Европската Комисија и Министерствата на претпријатијата од Земјите членки, со одделенска улога во подигање на свеста за економските придобивки од поттикнување на повеќе жени да започнат и да го зголемуваат бизнисот.

• собирање податоци и производство на годишна политика и ажурирање на истражувањето за женските претпријатие низ европските региони, зголемување на пристапот до податоци за поделба по род низ владини институции и агенции.

• конкретните мерки во корист на женското претприемништво да се воведат во Програмата во период од 2014-2020 година и ова е потребно за да се доделат ресурси за кофинансирање.

## 2.2 ЕСТОНИЈА

Од сите регистрирани претпријатија во Естонија 30,4% од акционерите се жени. Најголем дел од женските акционери се во секторите на социјална работа 78,2%, здравство 74%, производство на облека 67,9 %, производството на текстил 59,6 % , правни и сметководствени активности 58,5 %, туристички агенции и тур-оператори 53,6%. Најмал процент на акционери има во водниот сообраќај за 8,8%, производството на моторни возила, приколки и полуприколки 9,3 %, производство на метал 10,7 %, трговија на големо и мало и поправка на моторни возила и мотоцикли 11,1 %, производство на гуми и пластични производи 12,1 % и телекомуникации 12,7%. 22,7 % од членовите на Управниот одбор се жени. Во секторите, најголем процент на женските членови се во социјалната работа 70 % , производство на облека 66,3 %, производство на текстил 60,2 %. Помалку женски членови се во други сектори,

рударство 3,2 %, водоснабдување 4%, производството на гума и пластични производи 6,7 %. Во однос на работната сила 50,5 % од вработените се жени.

Во период од 01.06.2012 до 31.01.2014 бил спроведен проектот ETNA Microcredit.[20] Големината на проектот е 268 794 евра од кои 240 197 евра се грантови, а 28 597 евра се со кофинансирање. Проектот е поддржан од фондацијата *Отворена Естонија* (The Open Estonia Foundation), а партнери на проектот се невладината организација ETNA Estonia (ETNA) и Асоцијацијата за заштеди и кредити за рурален развој(Rural Development Savings and Loan Association-MEHLÜ).

Главните цели на проектот биле:

•Обезбедување на интегриран пакет за поддршка за жените кои сакаат да започнат свој сопствен бизнис или да прошират постоечки бизнис и развој на претприемничкото размислување. Поддршката се состои од менторство, обука и бизнис кредити за жените.

• Поддршка на бизнисот преку микро-кредитна програма.

• Поттикнување и убедување на жените да создадат свои работни места и започнување бизнис.

• Жените да се направат повидливи и поефектни во бизнисот.

• Да се зголеми довербата и претприемничкото размислување кај руралните жители.

• Придонес во намалувањето на сиромаштијата и невработеноста во руралните области.

Жените учествуваат во ментор групи и се обучуваат под водство на ментор. Кредитот се доделува на групата и групата е слободна да одлучи колку и на кого ќе даде, а програмата работи на принцип на доверба и меѓусебна гаранција и се бара членовите на групата да се поддржуваат и да соработуваат едни со други. Каматната стапка е 4%, достасаноста е 3 години и максималниот износ е 10 000 евра по група.

Одржливост на проектот и идни насоки:

[20] Цитирано според официјалната страна на MEHLÜ( Rural Development Savings and Loan Association)

• менторите кои се обучени и работат на проектот се во можност да понудат поддршка за лицата во проектот (start-up компаниите работат во парови или во група).

• членовите на групата за кредитирање продолжуваат со своите активности и тие исто така се силни партнери за деловна соработка по завршувањето на проектот.

• ресурсите за кредит се зголемуваат. Пресметаниот интерес ќе се додава на вкупниот износ на заемот.

• научените лекции може да се користат во нови проекти.

• микрокредитот овозможува зголемување на способноста на жените да дејствуваат како претприемачи.

Од страна на Enterprise Estonia[21], Европската Комисија и Центарот за ресурси и студии за жени во Естонија(ENUT) била организирана *Конференција за женско претприемништво* која се одржала во октомври 2012 год. Таа е од големо значење бидејќи била главниот настан на Европската недела на МСП (European SME week)[22]. На Конференцијата се одржале многу презентации и добри практики за тоа како да се започне бизнис, а и вмрежувањето било важен аспект за споделување на мисли и идеи.

## 2.3 ИТАЛИЈА

Резултатот е од големо значење кога ќе се спореди со оној за вкупниот број на италијански компании, кој се зголемил во 2012 година за 0,3% и што е поважно, ако се погледне придонесот за компании предводени од жени за бизниси на национално ниво. 7,298 од женските бизниси, всушност, претставуваат една третина од состојбата на целиот систем на претпријатија, каде што уделот е нешто помалку од една четвртина (23,5%) од вкупниот број. Женското претприемништво, дури и во време на криза, покажува дека е снаодливо. Благодарение на позитивните резултати, состојбата на

[21] Enterprise Estonia- основана е во 2000 година и промовира бизнис и регионалната политика во Естонија и е една од најголемите институции во рамките на националниот систем на поддршка за претприемништвото, обезбедување на финансиска помош, советување, можностите за соработка и обука за претприемачите, истражувачки институции, јавноста и непрофитна сектори.

[22]European SME Week- kоординирана од страна на Европската Комисија, оваа кампања промовира претпријатија низ Европа во согласност со Законите за мали бизниси во Европа

постоечките бизниси во сопственост на жени на крајот на 2012 година изнесувал 1.434.743.

Сектори во кои жената има најголеми активности се трговијата и земјоделството проследени со услуги за сместување и храна, производство и други деловни услуги.

Жената претприемач сеуште го има нивото на учество во светот на бизнисот далеку под нивниот потенцијал , иако во текот на годините се зголемиле ветувањата дека ќе заземаат многу простори преку нови економски активности, купување или преземање на веќе постоечките.

Жените претприемачи (исто така и остатокот на претприемачите ) помалку ги користат сервисите за грижа и совети, и манифестираат поголема потреба за услуги за поддршка на конкурентноста, особено за иновации. Повеќе се чувствува човечката комплексност на управувањето со работното време и семејство, се користи интернет и on-line сервиси , вклучувајќи го и пристапот до услугите на јавната администрација.

Како приоритет меѓу Владините мерки се смета намалувањето на даноците, повеќе јавно финансирање и административно поедноставување. Таа има широка мрежа на контакти во околината и претпочита да имаат добри односи со колегите , со кои исто така реализираат проекти од заеднички интерес кои што се успешни.

-Fifth eddition of “Giro d'Italia delle donne che fanno impresa”

Ова е иницијативата промовирана од Unioncamere со локалниот комитет за женски претприемачи која има за цел да развие територијална професија. Ова преставува роуд шоу кое вклучува повеќе од 600 учесници, започнало во Империја, застанало во Катанцаро, Белуно, Римини, Киети, Пескара, Анкона и Таранто, а завршило во Катанија.

Централна тема во 2012 година била создавање на претпријатија од страна на жени: чекор по чекор, патување за увидување на потребите, овозможувајќи им можности да се соочат, што им дава можност во секоја територија да дојдат во контакт со експерти “еден на еден” во креирањето на претпријатија. Во Катанија настанот бил закажан во работен ден, со што се вклучиле училишта, клубови, а особено

универзитетите и истражување и презентирање на можноста за "мост" меѓу светот на образованието и трудот.

-Table to support the internationalization of Women's Companies

Во јули 2012 година, Министерството за економски развој формирало маса за поддршка на интернационализацијата на женските претпријатија со цел да се најдат решенија и алатки за да им се овозможи на овие компании да растат и да се отворат на меѓународните предизвици. Масата е составена од институционални субјекти (Министерство за надворешни работи, Unioncamere), сите организации кои се вклучени во интернационализацијата на претпријатијата (SACE, ICE, SIMEST, ABI, INVITALIA) и некои од попрезентативните здруженија кои се вклучени во промовирањето на женското претприемништво.

Меѓу првите мерки за поддршка се идентификува вметнување на Центар за меѓународна трговија во Италија (International Trade HUB Italy) – (технолошка платформа за олеснување на завршувањето на административните и бирократски процедури поврзани со надворешната трговија, експанзијата на волуменот на извозот на земјата, поддршка на обезбедување на сервиси за информации и финансиски консултации за увоз-извоз, поддршка за директни инвестиции во земјата од страна на надворешни оператори, кои работеле во мај 2013 година). Таа покажува каде би се ставиле сите конкретни информации поврзани со интернационализацијата на бизнисите во сопственост на жени: институции кои нудат специфична меѓународна обука за лидерство на жени, бизнис школа за извоз во Италија, финансиски инструменти кои даваат предност на бизнисите во сопственост на жени, мрежи на интернационализација, стипендии за млади жени претприемачи кои сакаат да интернационализираат, информации за родови бизнис мисии итн.

## 2.4 ПОЛСКА

Тешко е да се измери родовиот јаз во претприемништво за Полска. Меѓународните податоци на ГЕМ за женско претприемништво не се достапни за оваа земја и полската Централна канцеларија за статистика која собира податоци за бројот на бизниси создадени не прави евиденција на податоците по пол. Во однос на

самовработувањето, учеството на самовработени жени во Полска е 26,7% од вкупниот број на самовработени. Сепак, се проценува дека само 35% од полските самовработени жени може да се сметаат како претприемачи. [23]

И покрај недостигот на статистички податоци за жени претприемачи, голем број национални и меѓународни студии се спроведени за бариерите и пречките со кои жените се соочуваат при станување претприемачи. Наодите укажуваат дека жените мора да надминат неколку тешкотии, како што се културните стереотипи за положбата на жените во општеството, недостиг на обука и бизнис вештини, тешкотии во кои имаат пристап до финансии, и недостаток на самоувереност.

Централната власт во Полска спроведува серија на активности насочени кон помагање на жените при влегувањето во работната сила и промовирање на женското претприемништво. Се спровеле неколку проекти ко-финансирани од Европскиот социјален фонд во рамките на Оперативната програма на човечки капитал: “Социјално - економско активирање на жените на локално и регионално ниво “, “ Сместување на семејството и работни улоги на жените и мажите”, “ Родовата интеграција како алатка за промена на пазарот на трудот “ (ко-финансиран од страна на Европската комисија).

Очекувани резултати од горенаведените проекти се зголемување на свеста и познавањето помеѓу институциите (синдикати , работни организации и др) во однос на спроведувањето на политиките за фаворизирање на вработени родители и зголемување на способноста за спроведување на алатки кои им овозможуваат спојување на семејните улоги и работата ( флексибилни форми на вработување). Ова придонесува за зајакнување на активностите и женското претприемништво.

Ова помага за промовирање современ модел на општество во кое жените и мажите ќе се третираат подеднакво. Податоците и искуството добиено од проектите може да се користи за создавање стратегии и програми на централно и регионално ниво кои се поврзани со економски, правни и социјални активности помагајќи во промовирање на вработувањето и претприемништвото.

Полската Агенција за развој на претпријатијата спровела проект за истражување наречен “ Женското претприемништво во Полска “. Главната цел била да се прошири

[23] Promotion of Women Innovators and Entrepreneurship, European Commission, 2008

познавањето за женското претприемништво во Полска и да се подготват препораки во врска со начините за поддршка и ограничување на бариерите кои оневозможуваат да ги зголемат своите бизнис активности.

Министерството за економија во Полска работи на создавање на повеќегодишна програма во форма на Фонд за кредити насочени кон жените кои се заинтересирани за создавање на свој бизнис. Буџетот за програмата е 5-6.000.000 евра. Жените заинтересирани за создавање на свои компании ќе добијат советодавни услуги и на крајот оние што ќе се квалификуваат ќе имаат можност да добијат кредит од фондот за да создадат сопствен бизнис. Се работело на одредување дали националниот закон дозволува создавање на инструмент кој ќе се фокусира само на жените. Од ова може да произлезат и потенцијални дискриминаторски проблеми.

Во 2012 год Берзата во Варшава спровела студија за утврдување на улогата и учеството на жените во менаџерските позиции во јавни трговски компании. Собраните податоци претставуваат 15% од компаниите наведени во Варшава – односно оние кои што се согласиле да учествуваат во студијата. Студијата покажува дека најголемо присуство жените имаат во управувачките одбори на средните претпријатија - во финансиските (13,9%) и услужните сектори (13,7%). Кога во предвид се земаат надзорните одбори, жените имаат најсилно присуство во мали компании, особено во градежниот сектор (21,2%). Сепак тие сочинуваат само 5,5% од сите раководители на компаниите.

Вкупно жените сочинуваат 37% од сите вработени во менаџментот (сите нивоа под управниот одбор). Во 2012 година, 48,3% од сите менаџери во финансискиот сектор биле жени. 84% од компаниите кои учествувале во студијата активно презеле чекори за да се осигураат дека каква било форма на полова дискриминација нема да се случува во овие бизниси. Примери за овие дејства се: следење на платите на сите вработени за да се осигураат дека нема да се случи дискриминација на плата, следење на структурата на вработеност во однос на застапеноста на мажи и жени на различни нивоа на менаџмент.

## 2.5 ПОРТУГАЛИЈА

Бројот на само-вработени жени веќе неколку години се зголемува. Според Националниот институт за статистика и статистиката за вработување, во 2012, некои 976,0 илјади луѓе биле само-вработени, од кои 366,0 (16,7%) беа жени и 610,0 (25,0%) биле мажи. Типичната жена претприемач во Португалија е самовработена, таа е во услуги за убавина, чистење, здравје, угостителски услуги, консалтинг и обука.

Националната политика за еднаквост помеѓу жените и мажите е фокусирана на Националните планови за рамноправност. Комисијата за државјанство и родова еднаквост (CIG) е механизам за еднаквост, одговорна за координирање на имплементацијата на Националниот план за родова рамноправност и недискриминација. Овој план има три мерки на финансиска независност:

1) Промовирање на женското претприемништво преку обука, консултации и поддршка за конституирање на мрежи за бизнис здруженија, и тоа преку финансирање

2) Промовирање на квалификувано женско претприемништво

3) Поддршка на женско претприемништво преку воспоставување на протоколи кои го олеснуваат пристапот до кредити, односно до микрокредити .

Овој механизам е главно ко-финансирана од Европскиот социјален фонд преку две програми на Националната стратешка референтна рамка (НСРР 2007-2013), човечкиот потенцијал (POPH ) и конкурентноста ( POFC). Оперативната Програма за промоција на човечкиот потенцијал (POPH) е национален орган одговорен за спроведувањето на Европскиот социјален фонд. Под POPH биле дизајнирани неколку приоритетни секторски политики (политики на сектори). Оската 7 има за цел развивање на капацитетот на националните јавни институции и организациите на граѓанското општество со цел да се промовира родова еднаквост. Во тој поглед, (*Промоцијата на женското претприемништво* ), во 2012 година, од страна на жените биле создадени 17 компании и била промовирана обука за жените. Исто така, во рамките на Оперативната програма за конкурентност (POFC), во 2012 година, имало два повици за предлози, со специфично финансирање за промовирање на женското претприемништво. Со оглед дека женското претприемништво има позитивен придонес за конкурентноста и продуктивноста и како извор на иновации во бизнисот на

национално ниво, во рамките на оваа Програма, биле поддржани 75 проекти. Тоа доделува бонус за женско претприемништво, со оглед на проекти предводени од страна на жените при специфични услови.

Комисијата за државјанство и родова еднаквост, и покрај тоа што не била кориснички субјект или преодно тело во рамките на POFC, издава мислења за квалитетот на проектите кои што се применуваат за ова финансирање. Од 2008 година, CIG е дел од националната мрежа на корпоративнати организации за социјална одговорност (Rede Spot). Главната цел на оваа мрежа е да се промовира развојот на општествената одговорност , што придонесуваза имплементација на политики и добри практики, особено во животната средина, економијата, на еколошки и социјален план , во родовата еднаквост и женско социјално претприемништво .

-Microcredit Program - Програма за Микрокредитирање

CIG формирала протокол со CASES - Cooperative António Sérgio for Social Economy во контекст на Националното Микрокредетирање, одобрен во 2012 година. Оваа програма е наменета да се стимулира создавањето на работни места и претприемништвото меѓу населението кое има најголеми тешкотии во пристапот на пазарот на труд, со што се олеснува пристапот до кредит и техничката поддршка за создавање и консолидација на бизнис проекти. IEFP - Институт за вработување и стручна обука–усвоил мерки за поддршка на претприемништвото и самовработувањето преку Програмата на поддршка на претприемништвото и создавање на самовработување. Оваа програма спаѓа во рамките на активните политики за вработување со кои се уредува доделувањето на поддршка за создавање на претпријатија од страна на невработени жени, млади луѓе кои ја бараат нивната прва работа и други маргинализирани групи, преку механизми кои олеснуваат пристапот до кредити, техничка поддршка за креирање или создавање и консолидација на проекти или други бенефиции. Мерките на поддршка и поттик на создавањето на компаниите се прегледуваат со два инструменти: кредитни линии за микроинвестирање и инвестирање.

Други програми:

IAPMEI - Институт за поддршка на мали и средни претпријатија и инвестиции - раководи со програмата FINICIA која има за цел да ја подигне свеста за

претприемништвото, за поддршка на неиздеференцирано претприемништво, односно отворена е за сите сектори на активности. Тоа е насочено за потенцијалните претприемачи, без оглед на нивните квалификации, како и имигранти со дозвола за престој .

ACIDI - Висок комесар за имиграција и меѓукултурен дијалог – управува со проектот за имиграциско претприемништво (PEI), која има за цел да ја подигне свеста кај имигранти на претприемништвото како важен облик на интеграција на трудот за развој на лични, општествени и технички вештини. Исто така промовира создавање на бизниси и зајакнување на веќе постоечките. Во 2011 година, ACIDI поддржала 286 проекти за имигрантско претприемништво.

*Здруженија на жени претприемачи* - во Португалија, постојат здруженија за жени претприемачи кои развиваат проекти и активности наменети за промовирање на женското претприемништвото, како и активности кои ја зголемуваат видливоста на жените особено, Националната асоцијација на жени претприемачи (ANE), португалското Здружението на жени претприемачи (APME ) и Здружението на жени претприемачи (AMEP) во Португалија и Федерацијата на здруженија на жени претприемачи. Исто така има и невладини организации, односно Националното здружение на млади претприемачи ( ANJE ) и Португалската Индустриско Здружение (ПДИ - ЦГИ) . Покрај тоа, во 2012 година, Португалската мрежа на амбасадори за женско претприемништво продолжува да прави добра работа во поттикнување и инспирирање на други жени да започнат свој сопствен бизнис.

## 2.6 ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

Во Велика Британија, мнозинството од малите и средни претпријатија предводени од жени придонесуваат околу 50 милијарди фунти бруто додадената вредност (БДВ), 11 отсто од вкупниот БДВ на МСП во Велика Британија. Се проценува дека, какво било вклучување на женското лидерство сочинува приближно 28% од вкупниот БДВ на МСП на Велика Британија. Во голема мера произведени од рамките на постојаното проширување на услужниот сектор.

Истражување за мали бизниси (BIS 2012) било спроведено за следење на клучните индикатори за претпријатијата.[24] Истражувањето ги мери карактеристиките на МСП како што е соодносот на оние кои се предводени од жени и MEG (малцинска етничка група), и соодносот за аплицирање и добивање на надворешно финансирање. Според ова истражување:

- 18,0 % од малите и средни претпријатија биле предводени од жени. Тоа резултира со 860.000 МСП (од вкупно 4,7 милиони бизниси).

- МСП предводени од жени придонеле 75 милијарди фунти за економијата на Велика Британија.

- 87% од малите и средни претпријатија предводени од жени работодавци се микро-бизниси (помеѓу еден и девет вработени).

- две третини (66%) од МСП предводени од жени работодавци имаат за цел да го зголемат нивниот бизнис во текот на следните две до три години.

-жените сега сочинуваат 17,4% од FTSE100 со зголемување од 10,5% и 13,8% од одборите на FTSE250 до 6,7% од 2010 година

МСП се од клучно значење и за одржувањето на вработувањето и за економската активност во текот на економската криза и обезбедувањето на раст, во што Велика Британија гледа кон закрепнување. Главната цел на економската стратегија на Владата е промовирање и развој на претпријатија вклучувајќи и женски претпријатија.

Во текот на стратегијата на Владата за женските претпријатија, се спроведуваат некои мерки: препознавање на важноста од промена на ставовите меѓу жените спрема претпријатието; преземање чекори за зголемување на стапката на женско претприемништво; давање совети и поддршка на жените во започнување и водење на нивните бизниси; и помагање на жените претприемачи да го постигнат растот во нивните бизниси

Владата ги поддржува женските претпријатија во пет клучни области:

---

[24] Извештај од WES – Европска мрежа за промовирање на женското претприемништво, 2012

• Систем на наметнати бариери – ги вклучуваат оние на ниво на компанија (како што се нејасни и неодредени критериуми) за напредување во кариерата кој може да доведе до пристрасни одлуки во процесите на промовирање и пресудата на потенцијалната кариера на жените, постоењето на неформални мрежи кои што влијаат на одборите и чии членови не се жени, нееднаквите плати, итн) и на ниво на влада (на пример, немаат пристап до сервисите за нега на деца) кои го прават општественото и деловното опкружување неподдржливо за вработените жени.

• Самонаметнати бариери - поврзани се со различните психолошки пречки; пример: потешкотиите на жените во идентификување себеси како успешни , потребата да се постигне и да се одржи рамнотежа помеѓу приватниот и деловниот живот, недостаток на самодоверба и амбиција, перцепцијата дека со цел да се успее жените мора да ги надминуваат нивните машки колеги.

Сите овие бариери се меѓусебно поврзани. Тие можат да бидат отстранети само со истовремено дејствување, активности за соработка и вработување на систем на мулти секторски пристап. Од системот на наметнати бариери истите може да се отстранат со внимателно и добро обмислени активности во краток временски период. Сепак, отстранувањето на социо-културните или психолошките бариери е процес кој одзема многу време во кој сите засегнати страни (жени, владата на сите територијални нивоа, компании, медиуми, итн) целосно учествуваат. Бизнис и политичките елити имаат посебна одговорност за ова. Тие треба да бидат основен двигател на иницијативите за позитивна трансформација.

По периодот на постојан економски раст, Хрватска се соочила со пад во 2008 година и од 2009 до 2012 година, со економската криза, период на економски пад. Стапката на вработеност се намалила и малите бизниси биле првите кои страдале од кризата, а последни кон кои секторот на владините политики се фокусирал.

Во март 2010 донесена е стратегија на Владата за развој на Женско претприемништво во Република Хрватска (2010-2013)

Оваа стратегија била усвоена со намера да го намали бројот на невработени жени преку поттикнување на женското претприемништво и самовработувањето и со генерирање на поволен амбиент за претприемништво. Финансиската криза го истакнала отсуството на конзистентна политика за да се затвори јазот помеѓу учеството на мажите и жените во претприемачките активности и недоволната поврзаност помеѓу спроведувањето на различни активности за претприемачкиот развој на капацитетите на национално и на локално ниво. За специфичните цели на Стратегијата, финансиската поддршка се доделува од Државниот Буџет.

Од 2004 година, Министерството за претприемништво[34] обезбедува програми за зајакнување на жените претприемачи со посебни програми само за жени претприемачи. Во 2012 година на жените претприемачи им биле доделени вкупно 58 грантови и целата сума била 8.000.000 куни. 2013 е првата година во која таквите програми не постојат, но новост е тоа што жените сега можат да се натпреваруваат во секоја програма и тие добиваат дополнителни кредити за тоа што се жени претприемачи. Во моментов, тоа не може да се оцени дали овие нови мерки и програми се поуспешни од претходните.

Хрватското Министерство за претприемништво и занаети (MINPO) во 2013 година усвојува стратегија за развој на мали и средни претпријатија во земјата, со цел да се подобри конкурентноста на малите бизниси, Стратегија за развој за претприемништвото 2013-2020 (Development Strategy for Entrepreneurship 2013-2020), за подобрување на својата позиција на пазарот и можности за нови работни места.

Податоците покажуваат дека секторот на мали и средни претпријатија во Хрватска е потполно во согласност со секторот во ЕУ-27. Сепак, постојат 30% помалку мали бизниси во Хрватска, отколку во други 27 ЕУ земји, што покажува дека овој сектор е помалку развиен отколку во другите земји-членки. Во земјата, повеќе од половина од малите бизниси работат во услужниот сектор и една третина од МСП се ангажирани во иновациите. Покрај тоа, се забележува дека процентот на ученици кои го напуштаат училиштето или колеџот е повисок отколку во другите земји членки,

[34] Извор: Извештај-The policy on gender equality in Croatia, 2013

како и дека претприемачите немаат доволно ниво на образование и професионални вештини за да бидат целосно успешни.

Покрај тоа, start ups бизнисите и новоформираните мали бизниси се соочуваат со тешкотии за да добијат финансирање, недоволната понуда за микрокредитирање (банката HBOR дава кредити за жени претприемачи но под многу строги услови ). Но исто така се напоменува дека постои негативен став кон самовработувањето во земјата: иако 54% од луѓето сметаат дека претприемништвото е атрактивно, 80% сметаат дека тоа е неизводливо. И покрај ваквиот негативен став, Стратегијата за развој на претприемништвото 2013-2020 година започнала да се спроведува и MINPO обезбедило 97.400.000 евра за поддршка на секторот на МСП, што укажува на спремноста на Владата за подобрување на состојбата на претприемачите.

Стратегијата за развој на претприемништвото 2013-2020 година има пет стратешки цели:

- Подобрување на економските перформанси на малите бизниси во секторите на производство, услуги, иновации и бизнис мрежи ;

- Подобрување на пристапот до финансии од страна на развивање финансиски можности за мали бизниси;

- Промоција на претприемништвото преку поддршка на создавање бизнис и со зајакнување на институциите за поддршка на претприемништвото;

- Подобрување на претприемачките вештини преку обезбедување на поддршка на доживотното учење и

- Креирање на нови бизнис средини со отстранување на административните оптоварувања.

## 2.16 УНГАРИЈА

Не се достапни статистички податоци за женското претприемништво во Унгарија, но во случај на поставување на примерок неопходен за насочени истражувања за жени претприемачи, бројот на индивидуални жени претриемачи лесно

е достапен. Информациите за сопственичката структура на корпоративните претпријатија може да се постигне со спроведување на долго и слободно истражување во базата на податоци на Судот за регистрација . Во согласност со проценката т.н. збир на истражувања на Министерството за економија и транспорт, 30% од регистрираните претпријатија биле во сопственост на жени. Во согласност со ова, истражувањата на унгарските претпријатија обично проценуваат дека 30-40% од сите претприемачи се жени.

Идејата за промовирање на женското претприемништво е родена во раните 1990-ти најмногу во кругот на НВО-ите фокусирани на жени и други обесправени групи кои се соочуваат со невработеност. Овие програми биле финансирани главно од ресурсите PHARE и со други странски донатори. Од пристапувањето во ЕУ, Националниот развоен план и оперативните програми (OPs) утврдиле специфични цели кои се однесуваат на невработени жени над 40 години и млади жени, со цел да им се помогне на нивната реинтеграција во пазарот на трудот и да се стимулира да станат самовработени. ЕСФ ја поддржува обуката и програмите за преквалификација за да се достигнат овие цели. Законодавството, исто така, ги зајакнува овие напори: како резултат на новиот закон против дискриминација и промовирање на еднакви можности, во Унгарија постои јасна политика за еднакви можности.

Со цел да се постигне родова еднаквост, Владата на Република Унгарија има донесено резолуција со наслов “Националната стратегија за промовирање на родовата еднаквост - насоки и цели 2010-2021 година “ .

Соодветно на тоа, Владата ја усвоила оваа стратегија и со цел да ги спроведе долгорочните цели на таквата стратегија, Владата наредила изработка на мерките за имплементација за првите две години (2010-2011) и идентификација на соодветни показатели на следниве цели:

1. Остварување порамномерна економска независност на жените и мажите, пополнување на вработувањето и јазот во платите, разгледување на проблемите на жените и сиромаштијата и жените и здравјето;

2. Позајакнато олеснување на усогласувањето на професионалниот, приватниот и семејниот живот;

3. Помага да се намали диспропорцијата меѓу присуството на жените и мажите во донесување на политички и економски одлуки и во науката;

4. Преземање мерки за ефикасна борба и спречување на насилството;

5. Олеснето елиминирање на родовите стереотипи;

6. Утврдување на професионалните основи за неизбежните промени потребни за постигнување на целите на родовата интеграција (обука, институциите на системот, родово буџетирање, сумирање на собраните податоци за полот).

Првиот приоритет во Стратегијата ги вклучува главните стратешки насоки и цели во областа на "Жените во бизнисот":

*Елиминирање на проблемите на економиите на обем кои што влијаат на жените и мажи, обезбедување на релевантни информации на сите нивоа на донесување на економски одлуки.

*Промовирање на самовработување и претприемништво на жени, намалување на знаење и ризици поврзани со култура.

*Поддршка на мерки за подобрување на вработеноста и олеснување на пристапот до ресурсите со цел да се стават женските бизнисот на добар пат.

*Создавање шеми за Микрокредитирање достапни за жените во мноштвото неповолни позиции.

## 2.17 ЛИТВАНИЈА

Во последните години се забележува пораст на вработеноста на жените во Литванија и нивната улога во економијата на земјата. Се забележува дека постои раст во женските области на активност.

Градежништвото и транспортот претходно се сметале исклучиво за машки области, но жените сега исто така се вклучуваат во овие области на бизнисот – сеуште во мала мера, но со релативниот успех. Најголема група на жени претприемачи била во

секторот на хотели и ресторани, финансиското посредување и други комунални, општи и лични услужни активности.

Исто така се зголемува и бројот на жени кои се вклучуваат во: трговијата на големо и мало во недвижнини, имоти и други слични активности во финансиско посредување, во сообраќај и комуникациски активности. Во Литванија се намалил стереотипниот став дека мажите се подобри бизнис менаџери од жените. Бројот на жени кои се на водечки позиции во компаниите е во пораст и повеќето жени се на возраст од 41-50 години и 51-60 години. Овој факт укажува дека тоа главно се жени со поголемо искуство во бизнисот во кој учествуваат.

Не постојат посебни програми и стратегии за промовирање на бизнисот за жените во Литванија. Сепак мерки за промовирање на женското претприемништво и помош за женските бизнис вложувања биле вклучени во различни национални програми, Националната програма за еднакви можности на мажите и жените 2005-2009 година, Акциона програма за развој на човечки ресурси 2007-2009 година, Стратешка оска за мали и средни претпријатија до 2008 година, Програма за рурален развој во Литванија во период од 2007-2013 година.

Во регионите во Литванија биле основани 42 Бизнис информативни центри (BIC) и шест бизнис инкубатори (BI). Секоја година Министерството за економски прашања ги финансира Деновите за информации за претприемачи и жените кои што сакаат да започнат бизнис организирани од страна на Бизнис информативните центри. Исто така BIC и BI воделе различни курсеви за обука и семинари за постојните и идните претприемачи. Повеќето важни мерки за поддршка на женските бизнис потфати се: финансиска поддршка за бизнис start up, специјализирани фондови за кредити, гаранции за заеми, поволни кредити за бизнис start ups и поддршка за бизнис инвестиции.

Се спроведува Иницијатива за промовирање на женско претприемништво во рурални средини од страна на Министерството за земјоделство заедно со Организации како што се Стопанската комора за земјоделство и една од најактивните Чадор организации за жени од руралните средини во Литванија, Здружение на жени земјоделци од Литванија кое има за цел да ја зајакне самодовербата на жените од руралните области да ги развијат своите вештини и да им обезбеди знаење особено во областа на алтернативни претпријатија.

## 2.18 ФИНСКА

Во 2012 година имало околу 85 000 жени претприемачи во Финска, што значи околу една третина од сите претприемачи се жени. Околу 30% од жени претприемачи имале вработени, додека учеството на работодавачите меѓу мажите претприемачи било 40 %. Во просек женските претпријатија биле помали од оние на мажите. Исто така претприемништвото со скратено работно време е прилично честа појава меѓу жените.

Жените претприемачи се најактивни во услужниот сектор, образованието и секторот на трговијата на мало. Повеќе од 70% од сите претприемачи во секторот на социјални и здравствени услуги се жени. Голем пораст на бројот на жени претприемачи во текот на последните неколку години може да се најде во услугите поврзани со физички тренинг и рекреација.

Уделот на претприемачите во вработеното население е речиси половина помал меѓу жените (7,1%), отколку меѓу мажите (13,7%). Нивото на образование на жените претприемачи е повисоко од онаа на мажите. Во 2011 околу 15% од женските претприемачи имале универзитетска диплома, а во однос на тоа машки претприемачи имало 10%. Старосната структура е речиси иста за и за мажи и за жени претприемачи.

Агенција за женски претпријатија

Агенцијата за женски претпријатија е основана во 1996 година. Нејзините канцеларии се наоѓаат во Хелсинки и во Тампере. Мисијата на Агеницјата за женски претпријатија е да им помогне на новите женски бизниси во нивниот start up период, да се промовира женското претприемништво, да се поддржат постоечките жени претприемачи во развојот на нивните бизниси и да се создадат мрежи меѓу жените претприемачи. Агенцијата за женски претпријатија обезбедува услуги за start-up, пример бизнис советување, информации сесии, “Вовед во Претприемништвото “, курсеви за обука за претприемништво, степени на претприемништво, InnoLady Camps,, бизнис менторство и настани за вмрежување. Првиот проект за Менторство се одржал во 1998 година.

Целта на Агенцијата е искусните жени претприемачи да им дадат поддршка на новите во нивните start up фази. Агенцијата за женски претпријатија е приватна иницијатива финансирана од страна на неколку приватни компании, а делумно и од

Министерството за вработување и економија. Во 2002 година, работата на Агенцијата била идентификувана од страна на Европската комисија како “модел на најдобра пракса” во промовирањето на женското претприемништво. Во 2009 година, Агенцијата ја освоила Европската награда за промовирање на претпријатија во категоријата “Инвестирање во вештини”. Оваа Агенција е дел од Финската мрежа на Агенции за претпријатија која се состои од 32 агенции за претпријатија во различни делови на земјата, но тоа е единствената што се концентрира на женското претприемништво.

Центри за економски развој, транспорт и животна средина (ELY)

Во 15 ELY[35] центри биле преземени следните активности: обезбедување на помош за идните жени претприемачи во претпријатието со специфични дејности, поддршка за жени во стартување и проширување на бизнис активностите, промовирање на развој на нови оперативни методи со кои се зголемува женското претприемништво, активирање на мрежа на жени претприемачи.

Менторирање

Проектите се организирани според концептот на Агенцијата за Жени претприемачи. Финансирани се од ELY центрите и ESF, посебна Ментор Банка е во развој.

Женски советодавни организации за развој на рурални области

Тоа е организација на Национално ниво која дава совети на домаќинствата и на потрошувачите и га промовира начинот за управување и малите претпријатија во руралните области. Советодавна работа се одвива во 16 национални регионални центри, кои што работат поврзани со Советодавниот рурален центар.

Централното Здружението на жени претприемачи во Финска е организација на Национално ниво која е во потрага по интересот на жените претприемачи во оперативни, бизнис и социјални проблеми. Здружението се фокусира на посебни прашања во врска со жените претприемачи, на пример, поврзани со семејството и социо- политички проблеми.

[35] ELY – Центар за економски развој, транспорт и животна средина

## 2.19 АВСТРИЈА

Околу 40,3% од австриските компании (околу 137.054) се предводени од жени. Во 2012 година 34.652 луѓе основале претпријатија, од кои 42,1% се жени. Просечната возраст на жените претприемачи е 45,4 години. Истражувањето, иницирано од "Жените во бизнисот" (AFEC) и Сојузното министерство за здравје и жени, беше објавено во март 2006 година. Тоа ја покажува застапеноста на жените во главните улоги во австриските претпријатија: 16% од претпријатијата со повеќе од 50 вработени се предводени од женски извршни директори и 3% од жените се членови на управните одбори. 83% од австриските компании имаат најмалку една жена на водечка позиција. Повеќе од 30% од сите компании имаат повеќе од три жени лидери.

Активностите во местото за промовирање на женското претприемништво во Австрија, и во јавниот и приватниот сектор, можат да бидат сумирани :

Специјалната обука за жени предводници на микро бизниси без вработени успешно е започната во 2006 година. Поради уникатната комбинација на обуката и тренингот, жените предводници на микро претпријатијата кои постоеле најмногу 3 години, ги подобрија своите бизнис стратегии во рамките на посебна академија. Главната содржина на наставната програма се состои од изработка на бизнис планови, маркетинг, продажба, соработка / вмрежување и баланс меѓу животот и работата. Проектот бил многу успешен: досега учествувале околу 180 дипломци.

Во 2003 година, Женската мрежа *Eurochambres* започнала со имплементација на позитивни акции во корист на женските претприемачи со проектот "Жените во бизнисот и во донесување одлуки", проследено од "Стопанската комора против стереотипите во вработувањето" во 2004 година. Мрежата во 2007 година го започнала својот трет проект "Жените во одборите на локалниот развој"- во која Австриската федерална стопанска комора - *Жени во бизнисот*[36] ја презеде улогата на лидер на проектот на работната група "Жените на одборот на стопанската комора".

[36] Жени во бизнисот – (Women in Business) - од 1983 година претставува контакт партнер во рамките на Австриската федерална стопанската комора за 100.000 жени претприемачи во Австрија. Women in Business е сервисен центар, ги застапува интересите и мрежата на федерално ниво, како и во девет провинциски организации.

Целите на работната група биле во краток рок да се анализираат причините за недоволната застапеност на жените во одборите на стопанската комора и да се развијат упатства за зголемување на присуството на жените во одборите на стопанската комора, како и за промовирање на овие упатства за други локални и регионални комори во земјата-учесничка, на национално ниво и во размена со други комори во ЕУ. На долг рок, целта била да се мотивираат женските претприемачи да се кандидираат на изборите за Комората. Целта била да се доведат повеќе жени во одборите на Комората со цел да се постигне посилна видливост за женската бизнис агенда.

Истражувањето било спроведено меѓу женските претставниците на бизнисот кои се вклучени во Комората и жените во земјите партнери и регионите со цел да се идентификуваат пречките кои ги спречуваат жените да се кандидираат во избори за комората и да станат членки на одборите на Комората. Резултатите дале детални информации за мотивирачки фактори, како и специфични бариери кои влијаат на неангажман на жените во Комората. Додека, недостатокот на време, невклучувањето во соодветните мрежи и недостатокот на информации за постапките биле најважните пречки за вклучувањето на женските претприемачи во одборите на Комората, организирањето информативни настани, мрежи на женските претставниците на бизнисот, менторство преку квалификувани женски бизнис претставници и активностите за обука постигнале највисоки резултати за зголемување на учеството на жените во одборите на Комората. Проект групата развила општи упатства, со цел да се зголеми уделот на женските претставниците на бизнисот.

*"Жени во бизнисот"* низ Австрија го претставиле "Betriebshilfe" (помош за продолжение на бизнисот), каде како олеснување за малите компании квалификуваната замена за претприемачот привремено е ставена на располагање, ако таа станува неспособна за работа во случај на несреќа или за време на породилно отсуство, итн. Со оваа услуга живеењето на претприемачот може да биде обезбедено. Околу 500 задачи годишно се задолжителни. " Unternehmerin " е периодично квартално објавен од страна на *Жени во Бизнисот* кој нуди информации за актуелни теми и многу практични совети за жени претприемачи. Настани како што е "Ladies Lounge" се организираат за жени претприемачи, извршни директори и жени кои работат во претпријатија на нивните сопрузи четири пати годишно. Овој настан им нуди на учесниците можност да дискутираат за важни прашања со високо квалитетни личности

од политиката или економијата и исто така обезбедува можност да вмрежување и размена на идеи.

Во 2009 година по долгогодишното барање на жените во бизнисот во владината програма било донесено: дневното згрижување на деца да е ослободено од данок во Австрија. *"Жените во бизнисот"*, исто така, бара попладневна грижа за деца на школски деца на доброволна основа наместо целодневна настава. Ова ќе им овозможи на жените претприемачи да го поминуваат слободното попладне со нивните деца. Таа, исто така бара поддршка за жени претприемачи кои раководат со компании со една личност сакајќи да го вработат првиот член на персоналот. Ова треба да се реализира со помош на експерт во комбинација со обука. Во 2010 година *"Жени во бизнисот"* воведуваат менаџмент програма за управување на иднината на жената. Целта на програмата била да се видат повеќе жени во управни и надзорни позиции во одборот и да се осигура дека жените се мотивирани и посилни, со желба да се постигнат повисоки позиции и соодветно да се применуваат. Целните групи се жените кои се на пат кон првото ниво на управување, високо управување, на одборот на директори или на надзорниот одбор.

Поради големата важност и влијанието на медиумите врз перцепцијата на луѓето на реалноста и општеството, "Жени во бизнисот" воспоставува "Повелба за неутрална презентација на родовите улоги во медиумите"(Charta für rollenbildneutrale Mediengestaltung"). Намерата на проектот била да се подобри тековниот процес на менување на традиционалните улоги на мажите и жените во општеството односно мажите и жените треба да бидат дел од дискусијата, опсегот на дискриминацијата треба да биде строго отфрлен, мажите и жените треба да се сметаат и цитираат како експерти, итн. Од почетокот на проектот во 2011 година, "Жените во бизнисот" успешно ја доведува оваа повелба да биде потпишана од 27 медиумски претпријатија во Австрија, од кои некои многу добро познати и влијателни.

"Жените во бизнисот", исто така, го презема предизвикот на родовите улоги во работата на рана возраст. Се уште има сектори и работните услови (пола или цело работно време), каде главно се вработени главно мажи или жени. Затоа многу млади девојки ги интернализирале овие родови улоги на типични "машки или женски работи" што ги ограничуваат нивните можности. За да се отвори простор за преиспитување на традиционалните улоги и стереотипите на мажите и жените, како и за поддршката на

работниот свет, каде сите, без оглед на полот, можат да бидат исполнети во било која работа, се објавува мала книга за младите девојки.

## 2.20 РОМАНИЈА

Од 2008 година процентот на новоформирани женски фирми изнесува околу 42% почнувајќи од 2011 се гледа благо зголемување до 44%.

Постојат повеќе од 10 женски здруженија. Од нив може да се наведат:

- Здружението на романските жени основано во декември 1989 година има цел задоволување на потребата за организација, застапување и исто за одбрана на женските права;

- Коалицијата на Здружението на деловни жени основано во 2004 година од 9 женски здруженија со цел да биде важен партнер во процесот на донесување одлуки кои влијаат на деловното опкружување.

Исто така, во 2011 година, 41% од МСП биле создадени од страна на жените од МСП создадени од страна на младите во рамките на програмите за млади претприемачи имплементирани од страна на AIPPIMM[37] (од 1256 МСП создадени во рамките на програмата, 516 биле создадени од страна на жените). Во споредба со други програми имплементирани од страна на AIPPIMM каде процентот е околу 32% се забележува дека младите жени се заинтересирани да станат претприемачи.

Се обрнува посебно внимание за развој на претприемничката култура кај жените менаџери од секторот на МСП. Во однос на ова, AIPPIMM ја продолжува националната програма за Охрабрување на жените во бизнисот и со европското финансирање ја создал првата мрежа на жени амбасадори и првата мрежа на ментори за жени претприемачи.

*Националната програма за развој на претприемничката култура кај жените менаџери* од секторот на МСП успешно започнала во 2005 година. Од 2009 година, AIPPIMM ја продолжува програмата и е тесно поврзан со активностите на програмата

[37] AIPPIMM - Агенцијата за спроведување на проекти и програми за малите и средни претпријатија во Романија

настаните од Европската недела на МСП. Програмата има две важни фази: работилници со семинари и претприемнички тренинг курсеви. Работилниците вклучуваат презентации за главните здруженија за бизнис жените од оваа земја и биле организирани на регионално ниво од страна на 8 регионални претставништва координирани од AIPPIMM. Учесниците покажале голем интерес и биле убедени да дојдат во втората фаза на програмата: претприемачки тренинг курсеви. Треба да се спомене дека овие семинари се отворени и за мажи претприемачи. Дополнително, оваа програма има и трета фаза: елаборирање на брошурата или национална конференција. Во 2011 година третата фаза од програмата вклучува изработка и печатење на брошурата " Избор на добри претприемачки практики од романските мали и средни претпријатија ", а во 2012 година, третата фаза би била национална конференција во Букурешт на октомври.

Почнувајќи со 2013 година, се очекувало да се прошири поддршката преку нудење на грантови за отпочнување на бизнис врз основа на избор на бизнис планови подготвени од страна на учесниците на курсот, а исто така се очекувало да се рестартира традицијата во организирање на мали поставки за локалните компании на жени претприемачи за промовирање на нивните производи и услуги со цел да воспостават деловни контакти меѓу учесниците. Специјалната сесија ќе биде за правата на жените и начините за борба против родовата дискриминација и домашното насилство.

- *Романска мрежа на амбасадори за женско претприемништво* (Romanian Network of Female Entrepreneurship Ambassadors)

Почнувајќи од 2010 година, AIPPIMM реагирала на европската иницијатива која го започнала овој проект како лидер на проектот, во партнерство со асоцијацијата на млади претприемачи од Романија и Националното Здружение за бизнис Жени од мали и средни претпријатија. Проектот бил финансиран од страна на Европската Комисија.

Главните резултати во 2011 година биле:

- Избор на 14 амбасадори на романското женското претприемништво;

- 4 регионални семинари организирани во 4 региони на Романија: Клуж, Иаси, Крајова и Тулчеа - 252 учесници;

- 1 Национална конференција организирана во Букурешт на 29 октомври 2011 - 130 учесници;

- 1 брошура: "Проект на Романската мрежа за амбасадори на женското претприемништво"

- 13 амбасадори станале ментори за жени претприемачи.

*Романска мрежа на ментори за жени претприемачи* (Romanian Network of Mentors for Women Entrepreneurs)

Почнувајќи од 2011 година, AIPPIMM го започнува овој проект, како партнер во проектот, во партнерство здружението на Младите претприемачи од Романија како лидер на проектот и Националното Здружение за бизнис Жени од мали и средни претпријатија . Проектот е финансиран од Европската Комисија.

Главните резултати :

- Избор на 14 ментори за жени претприемачи - 13 од нив се амбасадори на романското женското претприемништво ;

- Избор на 55 ментори;

- 4 регионални семинари организирани во: Темишвар, Клуж, Иаси и Констанца ;

- Месечни состаноци помеѓу менторите и менторираните;

- 1 Национална конференција била организира во Букурешт во февруари 2013 година.

## 2.21 БЕЛГИЈА

Жените во Белгија се високо едуцирани и се ангажираат во можностите на претприемништвото. Во принцип, жените во Белгија, во споредба со другите земји во развиената Европа, доживуваат помалку можности и се помалку свесни за своите способности да се однесуваат претприемнички и имаат повеќе страв од неуспех за да го започнат својот бизнис.

Во Белгија претприемништвото е тема која е главно прашање за регионите, но фактот дека тоа е исто така одговорност која што се дели, особено меѓу министерот за мали и средни бизниси (Sabine Laruell) и министерот за еднакви можности (Joelle Milquet), ја бара и ја објаснува работата која што се врши во мрежите и на национално ниво.

Во оваа земја постои Институт за родова рамноправност чија улога е давање на информации и издавање на статистики за мажите и жените во Белгија, а конкретно за жените врши преглед на форумот Jump[38] кој што почнал да се одржува Јуни 2010.

Секој април, форумот Jump дава можност различни мрежи и спонзори да се обединат и да дискутираат на различни теми: развој на претприемништвото на жените, подобрување на имиџот на жените претприемачи, политика на менторство и обука во однос на создавањето, пренос и преземање фирми, како да се подобри нивното учество и видливост во економските активности и сл.

Институтот за Родовата еднаквост спроведува иницијатива која е развиена од страна на ресурсниот центар AMAZON и претставувал првиот on-line водич во врска со женската стручност и родовиот пристап со наслов Промовирање на жени експерти и родов пристап (Valoriser les Expertes et l'Approche de Genre-VEGA).

## 2.22 МАЛТА

Годишните вредности за вработувањето од Анкетата за работната сила откриваат значајни зголемувања на стапката на вработеност кај жените од 2003 година, наспроти остатокот кој е значително помал од оној за мажите. Стапката на вработеност кај жените на возраст од 15-24 години изнесувала 42 отсто, додека за оние на возраст од 25-34 таа изнесувала 65 отсто. Во 2011 година, 6,6% од жените биле самовработени, што резултира со мал пораст од 0,3% од 2010 година.

Според Еуростат, стапката на вработеност кај жените помеѓу 20-64 години во 2012 година бил 46,8%, со зголемување од 3% од 2011 година.

[38] The Jump Forum се најголемите еднодневни настани за кариерата на жените и родовата еднаквост на работното место кои им нудат на жените практични алатки за да им се помогне да ги постигнат своите професионални и лични аспирации и ги поддржуваат организациите кои сакаат да се промовира подобра родова разновидност во рамките на нивното управување.

Активности за поттикнување на женско претприемништво во Малта:

1 . Амбасадори во Малта за зголемување женско претприемништво (Amie[39])

Главната цел на Amie е да се промовира женското претприемништво во Малта преку воспоставување на мрежа на жени амбасадори, кампања меѓу невработени жени, жените во активен професионален живот, како и студенти кои го започнуваат нивниот бизнис и стануваат претприемачи. Понатаму амбасадорите дејствувале како модели за да се подигне способноста на жените и да се создаде визија за себе како претприемачи, како и потребната мотивација и самодоверба во поставување и создавање на успешен бизнис. Амбасадорите ги инспирираат другите жени да станат претприемачи со "кажување на својата приказна". Тие имале различни разговори за да ги инспирираат учениците во различни училишта низ Малта. Исто така, има и разговори со различни локални совети и одржување разговори во соодветните локалитети и насочување невработени жени и жени кои не се задоволни со своето сегашно вработување.

2. Продолжување на породилното отсуство - Породилното отсуство се зголемило од 14 недели на 16 недели, во 2012 година и се зголемило на уште две недели во 2013 година. Екстра неделите се плаќале од јавните финансии со фиксна неделна стапка од 160 евра. Ова исто така ги вклучува самовработените жени, кои би требало да поттикнат повеќе жени претприемачи.

3. Nista[40] - *Поделбата на работните и животните одговорности* - Ова е социјална маркетинг кампања, насочена на специфична публика да се промовира рамнотежата меѓу работата и животот. Оваа рамнотежа меѓу работата и животот може да биде постигната преку влез од сите страни, жените, мажите, работодавците и општеството во целина. Оваа кампања вредна 1.300.000 евра е финансиран проект на ЕУ кој што е насочен кон поттикнување што повеќе жени да влезат и да останат во пазарот на трудот преку информативна кампања која ќе трае повеќе од две години преку користење на ТВ, радио и другите медиуми. Оваа кампања е поделена во четири фази:

Прва фаза: Генерирање на свеста кај општеството во целина.

Втора фаза: Предизвикување на традиционалните улоги за жените.

[39] Amie - Амбасадори во Малта за зголемување на женско претприемништво
[40] Nista - Кампања за поделба на работните и животните одговорности

Трета фаза : Промовирање на мажите во фамилијарната сфера.

Четврта фаза: Работодавците во рамнотежата меѓу работата и животот.

## 2.23 ГРЦИЈА

Грција се соочува со тешка фискална криза и криза на растот која била проширена до сите сектори на реалната економија и сите региони со директно и значително влијание врз економскиот и социјалниот живот. Кризата драматично влијае на секторот за вработување, која вклучува брзо зголемување на невработеноста, особено на младите и жените. Стапката на вработеност на жените во Грција се намалила од 48,7% во 2008 година, на 41,9% во 2012 година (процентуално 6,8% намалено).

Во Грција, 850.800 работни места биле изгубени, помеѓу третото тримесечје од 2008 година и третото тримесечје од 2012 година. Невработеноста достигнала дури 26% за време на последното тримесечје на 2012 година, според органот за статистика на Грција. За жените процентот е 29,7%, а за младите жени процентот се зголемува до 65%.

Генералниот секретаријат за родова рамноправност (GSGE) во Националната програма за родова еднаквост 2010-2013, поставил стратешката цел за поддршка на женското вработување, женското претприемништво, како и нивната финансиска независност.

Посебни програми веќе се активирани и се во тек со NSRF 2007 - 2013[41] година. Проширувањето на економската криза и континуитетот на порастот на невработеноста создале дополнителни потреби за експанзија и поголема специфичност за слични програми. Во рамките на 2012 година била спроведена анкета во име на Министерството за развој, конкурентност, инфраструктура, транспорт и мрежи со наслов “Специјализирани специфични студии за интегрирани интервенции со цел да се поддржи вработувањето на жени и млади преку поттикнување на претприемништвото- детален акционен план “.

---

[41] NSRF - Програма за развој, 2007-2013

GSGE дизајнира посебен Проект на NSRF за зајакнување на младите и вработување на жените на тема: "Интегрирана интервенција за поддршка на вработувањето на жени и млади преку подобрување на претприемништвото". Проектот бил спроведен од страна на Министерството за развој, конкурентност, инфраструктура, транспорт и мрежи.

Проектот вклучува грантови за start-ups и се состои од:

• Распределба на средства (грант) од 10 – 20 илјади евра по корисник за да се покријат 100% од валидните трошоци за работење - дистрибуирани во еднакви месечни износи за 24 месеци максимум,

• дополнителни средства за грант до 12,000 евра за трошоците за годишна плата за создавање (1) една нова работа со вработување на невработено лице. Оваа активност има за цел да го стимулира вработувањето преку создавање на дополнителен пристап до можности на пазарот на трудот на жените загрозени од невработеност, невработени лица кои бараат работа, самовработени со приходи кои што се под прагот на сиромаштијата и неактивни жени.

Активности насочени кон жени:

- Мерки за поддршка за унапредување на родовата еднаквост во вработувањето Пристапот и достапните установи за згрижување на деца биле финансирани во годишните циклуси (од Септември до Јули), со цел да се поддржи вработувањето на жените. За школската година 2012-2013 година, биле распределени 146.000.000 евра, а околу 35.000 се очекува да се од корист со овие мерки.

-Надградба на професионалениот статус на жените работници и самовработените жени (Буџет за активностите 9.780.000,00 евра), со цел надополнување и одржување на работниот статус на жените преку обезбедување на кориснички информации, советување, обука, менторство и поддршка на прилагодливост и развојот на жените корисници. Од овие комбинирани активности корист имале околу 4.800 жени. Оваа оска е дел од тематската приоритетна оска "Подобрување на приспособливоста на човечките ресурси и бизниси "и неговото спроведување е доделено на Генералниот Секретаријат за родова рамноправност.

Проектот бил започнат од страна на Генералниот секретаријат за родова рамноправност. Генералниот Секретаријатот за родова рамноправност, исто така, го спроведува и проектот "Подобрување на учеството на жените во донесувањето одлуки на Оперативната програма "Административна реформа 2007-2013" во високите синдикати, како што е Грчката федерација на претпријатија (SEV), Грчката Конфедерацијата на професионалци, занаетчии и трговци, (GSEVEE) и Националната конфедерација на грчките комори (eSEE). Проектот има за цел промовирање на жените во репрезентативните организации на сите нивоа и создавање на структури за родова еднаквост во канцелариите на организациите на социјалните партнери за да се обезбедат целосни информации, свест и советување за оние жени, во врска со нивните продуктивни активности.

## 2.24 ИРСКА

Во последниот квартал од 2012 година (октомври-декември), 1.848.900 лица (на возраст над 15 години) биле вработени во Ирска преку самовработување, што е за 1,200 (0.1%) поголемо отколку во 2011.

Бројот на самовработени лица во декември 2012 година (291.100) претставува зголемување на 3600 или 1,3% во однос на 2011 (285.800) што бил на најниско ниво уште од четвртиот квартал од 1998 година, кога 282.500 лица биле класифицирани како самовработени..

Од 291.100 самовработени лица во последниот квартал од 2012 година околу 20% биле жени од кои 33% биле вработени со плата. За истиот период во 2011 година, имало 285.800 самовработени лица вработени во Ирска. Од овие нешто повеќе од 46.5% беа жени, и 20.1% од овие жени биле вработени со плата.

*"Програма за менторство на жени претприемачи".*

Како резултат на успехот од 2009-2010 на Ирската мрежа за амбасадори за женско претприемништво, во 2011 година се одржала промоција на програмата за менторство за жени претприемачи (Септември 2011) со 15 Ирски ментори официјално инаугурирана од страна на Европската Комисија на Конференцијата на жени

претприемачи во Варшава, Полска (ноември 2011 година). Оваа нова иницијатива претставува дел од поширокота Европска мрежа на ментори за жени претприемачи.

Главниот фокус на Enterprise Ireland[42] е поддршка на развојот на новите ирски претпријатија со успешно искористување на креативноста и иновативноста на домашните претприемачи. Државната поддршка за претприемништвото, преку Enterprise Ireland, е јасно фокусирана на тековното создавање на нови претприемачи предводени од стопанските субјекти со солидна база на иновации, интелектуален капитал и способност да стане меѓународно конкурентна во краток временски период.

Целокупната финансиска и советодавна поддршка на Enterprise Ireland е подеднакво достапна на мажите и жените. Нема специфични поддршки кои се базирани на пол достапни за жените претприемачи. Сепак, државните агенции за развој имаат улога во поддршката на женските претприемачи кои сакаат да растат нивните бизниси. Во минатото целокупната поддршка за женското претприемништво била водена преку не материјални методи на поддршка, како што се конференции и состаноци за поврзување. Конференциите и поврзувањето се покажале како непроценливи во контекст на испитувањето на улогата на жените претприемачи во економскиот развој. Се направил потег за поголемо дејствување кој што е ориентиран за поддршка на механизмите за жените во бизнисот, развој на одржливи бизниси.

Во текот на 2011 година Enterprise Ireland спровела понатамошно истражување и голем број на фокус групи, истовремено со развој на нови “Жени во Бизнис старт-ап центри”. Последователно формирана е нова деловна единица во рамките на Enterprise Ireland за фокусирање на забрзување на женското претприемништво во Ирска.

Во 2012 година Enterprise Ireland започнала со Пилот Фонд за конкурентна остварливост за женски претприемачи. Целта на овој фонд е да им овозможи на женските промотори (Enterprise Ireland) да стигнат до цврсти заклучоци во врска со одржливоста на проектот и да утврдат инвеститор за подготовка на планови и финансиски извештаи поврзани со развојот и комерцијализацијата на производ или услуга на меѓународните пазари.

Овој фонд е сличен по обем, финансирање, организирање администрација итн како специфичен пилот фонд во регионот започнат претходно во 2012 година, кој што

[42] Enterprise Ireland – Државна агенција за економски развој

бил специјално насочен кон компании лоцирани во одредена географска област. Резултатите покажуваат дека привлечноста на фондот драстично се зголемила кога е насочен кон специфични групи / региони, и покрај фактот дека слични финансиски средства се достапни за машки и женски претприемачи, во сите региони опфатени со Фондот за конкурентна остварливост под стандардите на Enterprise Ireland .

Иницијатива "*Going for growth*[43] "

Иницијативата поддржана од Enterprise Ireland и NDP[44] (Gender Equality Unit with EU funding), била промовирана во октомври 2007 година. Иницијативата била дизајнирана за да биде комплементарна со улогата на агенциите за развој. Иницијативата *Going for growth* имала обезбеден механизам за поддршка за жени претприемачи со јасни аспирации за раст на бизнисот. Програмата нуди еднаква поддршка на младите и насоки за станување поискусни и водечки претпориемачи.

## 2.25 ЛУКСЕМБУРГ

Во однос на бизнис дозволите што ги издава Министерството за мали и средни претпријатија (јули 2011 година), бројот на истите издадени за женски лица (физички лица) бил 304 што е 20,79% од вкупниот број на деловни дозволи кои биле издадени на физички лица. Бројот на бизнис дозволите издени за компании раководени од жени, изнесува 62, што е 17,49% од вкупниот број на деловни дозволи издадени за компаниите.

Овие бројки не го покриваат само создавањето на нови бизниси но, исто така, промените на менаџерот во постоечките компании.

За промовирање и развој на женското претприемништво, во Луксембург биле спроведени следните мерки и активности:

1 . Национален акционен план за еднаквоста меѓу жените и мажите 2009-2014, (the PAN Egalité или Plan d'action national de l'égalité entre les femmes et les hommes 2009-2014) кој бил одобрен од страна на Кабинетот во јануари 2010 година. Како и за

43 Цитирано од Иницијативата: Going for growth, 2007

44 NDP – Национален план за развој

претходниот законодавен период, Министерството за еднакви можности ( MEGA ) е одговорно за работна координација. Сепак, ефективната имплементација на огромното мнозинство на дејствија и мерки договорени со PAN Egalite еднаквата оперативна одговорност на другите министерски оддели. Тоа била причината затоа што договорот бил постигнат за поблиска соработка со Министерството за малите и средни претпријатија и туризам и Министерството за Економски прашања посебно во однос на прашањето за создавање бизнис од страна на жените Договорот во врска со научната поддршка за спроведување на PAN Egalite еднакво бил потпишан со Université Libre de Bruxelles на 21 мај 2010 година.

2 . Развој на бизнисот и Денови на креативност (d'entreprise Journées création et développement) се одржал помеѓу 26 ноември и 9 декември 2010 година, дозволен е на сите оние кои сакаат да се создадат, преземат или да развијат бизнис за да се задоволат клучните страни и да се соберат што е можно повеќе информации. Исто така, бројните конференции и работилници опфаќаат широк опсег на теми.

3 . Позитивни акции (Actions positives)- Тие продолжиле со новата Влада, која дошла на власт во јули 2009 година, преку национален акционен план за родова еднаквост (2009-2014), донесен во јануари 2010 година. Позитивното дејство на Програмата се состои од три приоритетни теми. Во 2010 година, два бизниси потпишале договор со Министерството за еднакви можности , со цел да учествуваат во оваа програма. Персоналните истражувања и анализата на податоци биле спроведени како дел проектот Actions positives во три бизниси во банкарството, комуникација, услужниот сектор, како и угостителски и сектор за чистење. Петте проекти Actions positives биле презентирани на Комисијата за Actions positives и добиле зелено светло од Комитетот, и министерското одобрение за период од две години биле доделени на петте бизниси. Сите бизниси со оглед на министерското зелено светло, исто така, добиле субвенции за нивните проекти.

4. Програма за бизнис менторство - Ова биле доверливи услуги понудени од страна на искусно лице кое дејствува како “ментор” на друг, менторирање за целите на неговиот / нејзиниот проект. Програмата за бизнис менторство ја следела политиката на владата за поддршка на мали и средни претпријатија, и е целосно во согласност со мерките од третиот МСП акционен план и владинита програма. Таа има потенцијал да охрабри повеќе жени за вложување во креирање во бизнисот или обновување.

5. Амбасадори на женско претприемништво во Луксембург ( The Réseau des Ambassadrices de l'Entrepreneuriat Luxembourgeois FEALU) е мрежа на искусни и успешни женски бизнис менаџери и кампања за поттикнување на други жени, особено оние кои се на почетокот на нивните кариери или бараат промена во кариерата и женски студенти за да креираат свои сопствени бизниси. Единаесетте амбасадори служат како примери за да ги инспирираат и мотивираат другите жени со презентирање на своите лични искуства.

6. Разни истражувачки проекти. Во 2010 година, една студија била финализирана за важноста на родовиот аспект во пракса во луксембургските новороденчиња, основните и средните училишта. Две други студии биле нарачани од страна на Министерството за еднакви Можности со Centre d'Etudes de Populations, de Pauvreté et de Politiques Socio-Economiques (CEPS/Instead), на тема: Les femmes et les hommes sur le marché de l'emploi (мажите и жените на пазарот на трудот, http) и L' entrepreneuriat féminin et masculin o Luxembourg ( Машко и женско претприемништвото во Луксембург).

7. Биле доделени голем број на награди - Награда за најдобрата практика за родова еднаквост во бизнисите Од 2000 година, победничкиот бизнис избран од редот на бизниси кои учествувале во програмата за позитивна акција водена од страна на Министерството за еднакви Можности. Наградата за најдобра практика за родова еднаквост во бизнисите треба да биде доделена на 13 бизниси од различни сектори на економијата, како што се сектор за занаетчиство, индустријата, трговијата, услугите, банкарскиот и болничкиот сектор. Комитетот на Actions positives, создаден согласно законот од 12 февруари 1999 година за имплементација на Национален акционен план за вработување од 1998 година,кој одлучува кои од бизнис кандидатите е поубедлив со програмата на Actions positives на Министерството за еднакви можности, и се извршуваат акционите планови за конкретни мерки за поттикнување на еднаквоста на работното место, на сите нивоа и во сите области: вработување, работни услови, обука, плата и промоција. Заслугата на победничкиот бизнис лежи во неговата заложба за надминување на било каков недостаток на еднаквоста меѓу мажите и жените што постои во рамките на својата структура, со ригорозна примена на програмата на Actions positives формирана од страна на Министерството за еднакви можности.

Во 2010 година, управувањето на сите женски извршни директори или раководители на бизниси кои придонеле преку проектот за развој на бизнис основан во Луксембург би можеле да учествуваат во натпреварот за “Бизнис жена менаџер на годината”.

## 2.26 ШПАНИЈА

Според Анкетата за работната сила (ЕПА) од последниот квартал на 2011 година, жените претставуваат околу 33,6% од претприемачите, која што само малку варирала од 2008 година, кога тие претставуваа стапка околу 31,7%.

Институтот на жените, како самостоен орган под надлежностна Министерството за здравство, социјални услуги и еднаквост, на национално ниво е задолжен за спроведувањето на јавните политики насочени кон промоција и поддршка на социјалнитои економското јакнење на жените. Исто така ја фокусира својата дејност за поттикнување на родовата интеграција во активноста и структурата на јавните и/или приватните субјекти вклучени во општите економски контексти.

Посебни програми за економско јакнење на жените:

- Создавање на бизнис и консолидирана програма

Ова е специфичен договор за соработка потпишан на 10 октомври 2011 година, помеѓу Секретаријатот за еднаквост во државата, Институтот за жени и Фондацијата EOIco цел за промовирање на претприемничката активност на жените во рамките на Стратешкиот план на еднакви можности 2008-2011 година економското учество и третата цел е промовирање на женското претприемништво и нејзиното економско јакнење и подигање на свеста и обука за еднакви можности за жените и мажите.

Во рамките на овој договор за соработка биле имплементирани неколку тренинг активности од перспектива на родот на учесниците на курсевите за претприемништво, со цел да се зајакне потенцијалот на раст на бизнисот од родова перспектива. Во овие активности учествувале 115 жени.

- On-line алатки за поддршка

Во 2011 година, се продолжува со сајтот “Жени претприемачи”, на институционалната Веб-страница, за поддршка на женското претприемништвото и учество во економскита сфера, каде што е можно да се најдат некои програми развиени од страна на истакнати женски бизнис организации на национално ниво: “Создавање на симулирана Бизнис Игра”, а национална “ On-line мрежа на жени претприемачи “

Во текот на 2012 година, Шпанија работела на две јадра на активност:

- Континуитет и развојна одредени програми насочени кон поттикнување на жените да станат активни како претприемачи во бизнисот.

- Насочена работа со јавни и приватни субјекти, кои учествуваат во општиот економски контекст, и во неколку акции со цел да ја инкорпорираат родовата интеграција во нивните програми.

1. Програма “Бизнис Поддршка за жени” (PAEM)

Оваа програма, која започнала во 1998 година во рамките на “Иницијативата NOW”, била развиена од 2008 година од страна на претходното Министерството за еднаквост (сегашен Државен Секретаријат за социјални работи и еднаквост) во соработка со Високиот Совет на шпанскиот Сојуз на стопански комори, индустрија и навигација и локалниот Сојузот на стопански комори, за подигнување на свеста и поттикнување претприемачка активност од страна на жените. Околу 60 стопански комори учествувале на целата Шпанска територија. Од 2001 година, оваа програма, исто така, обезбедува 'on-line' консултантски услуги на www.e-empresarias.net, давајќи одговор максимум за 48 часа. Оваа програма е консолидирана како референца за женско самовработување.

Во текот на 2012 година, канцелариите за совети предвиделе информации лице-в-лице за 14.020 жени и била обезбедена поддршка за основање на 2164 претпријатија. On-line совети сервисот за совети обезбедува информации од вкупно 6646 корисници. Заедно со самовработувањето и бизнис активностите за промоција кај жените, програмата PAEM, исто така, се фокусирала за подигање на свеста во еднаквоста на можностите во економски и бизнис агенти, посебно во техничкиот персонал на стопански комори, со помош на различни тренинг конференции и, исто така, во 2012 година, подобрување и создавање на бизнис проекти во новите сектори. Оваа програма

била одбрана за да се претстави на Седмото издание на Европските Награди за промоција на претприенмиштвото.

Од 2012 Високиот совет на шпанскиот Сојузот на стопански комори, индустрија и навигација учествувал како лице посредник, во Програмата за Микрокредити, која е водена од страна на Државниот секретаријат за социјална работа и еднаквост.

Со цел да се олесни пристапот до одредена финансирање во промоцијата, консолидацијата, растот и подобрувањето на проектите за бизнис жени, Државниот Секретаријатот за социјални работи и еднаквост потпишал договор со Microbank;

Преку ова финансиско лице, до десет милиони евра би биле обезбедени како микрокредити без потреба од гаранции. Условите на финансирање биле: максимум 25.000 евра, максимална финансиска стапка од 7,5%; без провизии, максималниот износ на финансирање е 95% од вкупните проектни трошоци.

2. Програма за микрокредитирање со Организации на Бизнис жени

Шпанското Министерство за здравство, социјални работи и еднаквост ја промовирало оваа програма во соработка со MicroBank (Социјална банка на La Caixa). На друга страна, осум организации на Бизнис жени на национално ниво соработувале со советодавните служби и мониторинг, само за да им помогне на претприемачите да се справат со раните пречки и да се обезбеди нивен континуитет.

Максималниот износ на финансирање е 95% од вкупната цена на проектот, со граница на 25.000 евра, и задолжително е да нема провизии и банкарски гаранции. Мора да се земе остварлив бизнис проект и еден финансиски поддржувач како субјект кој се согласил за негово финансирање. Резултатите кои биле добиени во рамките на оваа програма се: бројот на пребарувања: 5986; број на акции на мониторинг: 812; број на доделени микрокредити: 128

3. Консолидација на бизнис иницијативите за претприемништво на жени имигранти

Во соработка со шпанскиот Cruz Roja консолидацијата на бизнис проектите за претприемништво била спроведена од страна на жените имигранти. Неколку активности од специјализираната обука лице во лице биле направени со цел да се обучат жените во: менаџмент и бизнис прашања, нови технологии, Шпанската

регулатива за труд, даночните закони, социјални и комерцијални вештини, маркетинг, итн.

Жените претприемачи преку интернет биле охрабрени да учествуваат во женски организации и социјални мрежи.

4. Project “Recovering experience and talent: a new job”

Државниот секретаријат за социјални работи и еднаквост во 2012 година спровел програма, во соработка со Фондацијата Integra, со цел полесно доаѓање до можност за работа за невработени жени во сериозен ризик од социјална исклученост, особено за жените постари од 45 години. Се состои од обезбедување на специјализирана обука и работно ориентирање на секоја жена.

5. Participation in the Congress “Forum My Business Lounge” and other specialised forums

Овој Конгрес бил соодветна локација преку кој биле промовирани иницијативите кои Државниот Секретаријат ги развил во однос на прашањето на женското претприемништво. Тоа придонело за подобрување на женското претприемништво. Конгресот бил организиранна Февруари 2012 година, биле организирани и голем број на тематски и работилници за вмрежување и на настанот присуствувале 8907 луѓе.

## 2.27 ШВЕДСКА

Повеќе од 27 % од новите бизниси се водени од страна на жените (во 2010: 32 %) и уделот на жени кои го водат бизнисот е околу 35%. Од 2009 до 2010 година бројот на start-ups бизнисите, меѓу жените се зголемила за речиси 8% и овие бизниси на жените и мажите заедно се повеќе од 37 %. Во 2010 година речиси 163 000 компании биле водени од жени ( се зголемил за 13 % од 2006 година ), кои имаат повеќе од 364.000.000.000 SEK[45] (зголемување од 38 % од 2006 година ), биле вработени речиси 405 000 луѓе ( пораст од 22 % од 2006 година ) и плаќање на своите

[45] SEK – Шведска Круна – Платежна единица во Шведска

вработени со повеќе од 82 милијарди SEK (зголемување за 44% од 2006 година). Влијанието на женските претпријатија во шведската економија продолжува да расте.

Околу 23-29 % од шведските мали бизниси се стартувани од страна на жените (бројот зависи од изворот на статистика). Сепак, учеството на женските start up бизниси е значително повисоко од учеството на жените кои веќе водат компании. Ова покажува дека уделот на жените и мажите меѓу претприемачите постепено расте.

Амбицијата за раст е силна кај претприемачите. Во 2011 година, 77 % од жените претприемачи сакале нивната компанија да расте во споредба со 72 % кај мажите .

Недостатокот на време е најголема бариера за раст на бизнисите за жените и мажите. Шест од од десет компании се сметаат себеси за иновативни, исто за бизнисите водени од жени или мажи. Жените претприемачи имаат тенденција да имаат повисоко образование од мажите претприемачи. 45 % од жените претприемачи имаат студирано на универзитетите, во споредба со 35 % кај мажите .

Расте важноста на секторот за услуги. Поголемиот дел од шведските компании работат во услужните сектори. Оваа доминација се однесува на компаниите раководени и од жените и од мажите.

Иако жените и мажите започнуваат компании во сите сектори, нивниот избор на сектори го следи примерот како да се најдат на пазарот на трудот воопшто, односно пазарот на трудот е сеуште поделен меѓу жените и мажите. Во вработувањето и деловните услуги, трговијата, како и хотелите и рестораните уделот е праведен меѓу жените и мажите претприемачи. жените имаат тенденција да доминираат како претприемачи во лични услуги, медицински и здравствени услуги и образование. Трговец Поединец е најчестиот тип на компанија кај жените претприемачи. Мажите почесто од жените се започнуваат друштва со ограничена одговорност (2011), мажи: 58 %, а жени: 41 %.

Шведска агенција за економски и регионален раст Tillväxtverket, обработува две програми кои се фокусираат на женското претприемништво: Промовирање на женското претприемништвото (вклучувајќи ја мрежата на амбасадори за женското претприемништво) и ресурсни центри за жени. Шведската агенција за економски и регионален раст работи со женското претприемништво од 1993 година.

Tillväxtverket од 2007 година во согласност со Комисијата на Владата ја координира и спроведува програмата Промовирање на женското претприемништво. Во март 2011 година Програмата била пролонгирана, би завршила во 2015 година, што значи дека шведската Влада има посветено вкупно 87.000.000 € во текот на 8 години (2007-2014 ) во промовирање на женското претприемништво. Повеќе од 178 000 жени досега ја употребиле оваа програма .

Главната цел на програмата е да се подобрат условите за бизниси раководени од жени и раст на истите. Програмата се фокусира на обезбедување на алатки за жените претприемачи; за да им се овозможи на жените да бидат претприемачи денес; да се направи на жените претприемачи повеќе видливи во деловниот живот и во општеството како целина.

Досегашни резултати:

За време од 2007-2012 година речиси 40 000 жени претприемачи учествувале во повеќе од 850 програми за развој на бизнисот. Во текот на 2011-2014, SEK 45.000.000 од годишниот буџет на програмата, SEK 65.000.000 оди за развој на регионалните бизнис програми.

Во текот на 2007-2011 повеќе од 31 000 жени учествувале во различни претприемнички проекти. Повеќе од 7 300 учествувале во претприемничките обуки, со повеќе од 540 компании. Акциите исто така вклучувале обука за бизнис советниците, како дел од развој на стратегијата и активности за подобрување на поддршка на бизнис системот, така што тоа може да понуди еднакви услови за жените и мажите во иднина.

Како дел од програмата Промовирање женското претприемништво, Tillväxtverket ја координира националната мрежа на амбасадори за женско претприемништво. 900 амбасадори се распространети низ целата земја и претставуваат различни бизнис сектори, бизнис форми, возраст и потекло. Целта е да се охрабрат жените и девојките да го земат во предвид водењето на компанијата, како опција за кариера. Амбасадорот се согласил да остварува 4 доброволни задачи секоја година, односно да говори во училишта, универзитети, различни мрежи, непрофитни организации и сл. Тие го споделуваат своето искуство како претприемачи и им ја раскажуваат нивната приказна , со цел да ги инспирираат другите .

Амбасадорите за претприемачки се важни, како roll model, особено за младите луѓе. Крајот на декември 2012 година амбасадори се сретнал во вкупно повеќе од 127 000 луѓе. Националниот натпревар за жени претприемачи, Beautiful Business Award, во кој инвеститорот на годината бил награден за четири години, е уште еден начин на зголемување на видливоста на жените претприемачи. Исто така производството и ширењето факти и статистиката, ја покажува вредноста и влијанието на женското претприемништво во економијата и општеството како целина, е од витално значење во програмата. Tillväxtverket исто така работи со филмови и социјални медиуми во правењето на женските претприемачи повидливи.

## 2.28 ХОЛАНДИЈА

Жените сочинуваат 50,5% од холандската популација и 70% од нив се активни на пазарот на трудот. Жените сочинуваат 31% од самовработените. Многу нови претприемачи се жени - 35% од ново-самовработените лица се жени. Ова значи зголемување од 10% во однос на 2000 година.

Жените претприемачи се најактивни во услужниот сектор, заштита и образование. Жените претприемачи се високо образовани: 42% се дипломирани или се магистри, 38% имаат завршено стручно образование.

Холандија има генеричка политика и инструменти за претприемништвото. Министерството за економски прашања се фокусира на подобро запознавање на политиките и инструментите на претприемништвото.

Покрај тоа врз основа на истражувањето од 2010 година на Министерството развило политика за женско претприемништво со три цели: 1. за подобрување на профитот, 2. поголем раст, 3.обединување.

Со цел да се реализира економскиот раст потребен е поголем пораст од страна на жените претприемачи. 50% од жените претприемачи сакаат нивниот потенцијал да расте, да се подобри и да се искористат предностите сега и во иднина. Затоа Министерството се фокусира на подостапност на политиките и инструментите за олеснување на претприемништвото. Тоа бара многу напор во спроведувањето.

Конференција за раст за жени претприемачи со 10 + FTE организирана од Port4Growth, Agentschap NL и VNO-NCW -west. Целта на конференцијата е подобрување на амбицијата за раст и мрежата за раст на жени претприемачи. Темата била раст и финансии. Конференцијата ги поврзала учесниците со можностите на Agentschap NL со Холандските финансиски инструменти и субвенции, акцелераторот за раст (Port4growth) и мрежата на здруженија на жени работодавци. Pitch events for women entrepreneurs. Целта да се поврзат жените претприемачи во професионални и финансиски мрежи, со цел да се подобри растот. Тоа било само еднаш експеримент. Овие пет настани за жените претприемачи биле организирани во 2012 година. Во секој настан 10 pitchpreneurs ги презентирале своите прашања за професионалци и финансиски експерти. Pitchpreneurs можеле да ја подобрат нивната презентација во кратки работилница - непосредно пред pitchevent. Овие настани биле достапни за сите заинтересирани лица - мажи и жени – па голем број на луѓе можеле да научат и да го зголемат опсегот на знаење.

Програма We keep on growing (Продолжуваме да растеме)[46]

Холандија учествува во програмата на ЕУ за шемите за менторство за женско претприемништво (volunteer successful women entrepreneurs mentor starting women entrepreneurs), со We keep on growing. Овој проект се спроведува и развива од страна Syntens и Qredits (www.syntens.nl и www.qredits.nl). Во 2011 и 2012 година се случиле многу активности, како почетокот на владеењето на кралицата Maxima и заменик-претседателот. Процесот на изборот на менторите и монторираните, нивното спојување, обука, работилници и размената на искуства се доста тешки за сите. Менторираните биле во можност да добијат нови упатства и некои биле номинирани за награди како Sarah Liesker (Liesker Legal), Floor van de Water (by Loulou).

[46] Цитирано од програмата: We keep on growing, 2013

# 3.Женско претприемништво во Република Македонија

## 3.1 Жени претприемачи во Република Македонија

Женското претприемништво полека но сигурно започнува да игра голема улога во Република Македонија. Жените во Република Македонија се на добар пат, но потребна е сериозна поддршка за уште посилен развој на женското претприемништво. Се повеќе може да се сретнат жени на високи позиции во корпоративниот свет но и жени спостевници на бизнис. Доказ за ова е официјалната статистика во Република Македонија дека околу 30% од деловните субјекти се во сопственост на жени, дополнително Европската статистика покажува дека над 30% од претприемачите се жени. Сепак овој процент не е доволен бидејќи жените може да придонесат многу повеќе со поглед од поинаква перспектива и нови идеи. Потребна е поддршка и поттик со подигнување на свеста и поголема промоција на успешните приказни на деловните жени.

Предизвиците со кои се соочуваат жените претприемачи во Република Македонија не се разликуваат од оние со кои сите останати се соочуваат во бизнисот. Како поддршка за секојдневните предизвици, на жените им се доставува широк спектар на услуги од разни организации, постојано доставување на бизнис информации како саеми, конференции, повици за проекти, повици за субвенционирање, организирање на бизнис настани и вмрежување.

Најважните фактори дали ќе се отвори бизнис се почетниот капитал, поддршката од семејството и добра бизнис идеја, а најголемите пречки се недостиг на финансии, недоволно самодоверба и страв од запоставување на приватниот живот.

Свеста кај жените е се поголема за остварување на правото на работа како и подобар живот, преку поддршка на идеите и нивното самовработување и со поддршка на владата, било материјална или нематеријална, жените го наоѓаат своето место во македонското стопанство.

## 3.2 Пречки на жените како претприемачи во Република Македонија

Во Република Македонија жените претприемачи се соочуваат со истите пречки како и останатите жени во светот. Како најголеми пречки за да се стане жена претприемач се финансиските проблеми, недостатокот на самодоверба, неопходниот ризик, можното запоставување на приватниот живот и недостатокот на информации како да се стане претприемач. Жените би се нафатиле да имаат бизнис доколку имаат: пристап до финансиски средства, потребни обуки, поддршка од Владата и пристап до информации за тоа како да се води бизнис.

Од 2012 година Министерството за економија за прв пат започнало со реализација на мерка за директна финансиска поддршка на женското претприемништво, како дел од Програмата за развој на претприемништвото, конкурентност и иновативност на МСП. Во 2012 година биле одвоени 29.600 евра, а во 2013 година тој износ е 31.7% поголем и изнесува 39.000. Во првата година на 18 компании кои ги исполниле условите, им биле исплатени 27.100 евра. А во 2013 год одвоените и исплатените средства биле пониски. Биле одвоени 21.600 евра, а исто така и на 18 женски компании им биле поделени 20.800 евра. За 2014 година средствата за оваа намена се значително повисоки и изнесуваат 39.000 евра.[47] Оваа мерка овозможува кофинансирање до 75% од докажаните трошоци за набавка на опрема, алати, инвентар и заштитни средства, за уредување на деловниот простор, за чување на деца од предшколска возраст за жени кои започнуваат сопствен бизнис.

## 3.3 Организации и проекти за подобрување на положбата на жени претприемачи во Република Македонија

Во Република Македонија, за развој и промоција на на женското претприемништво делуваат голем број организации:

*1.Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија*

Агенцијата е државна институција основана за реализација на програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност

[47] Цитат од Капитал, Специјален прилог-Жените во бизнисот, 2014

на малото стопанство во Република Македонија, како и други програми усвоени од Владата, а кој се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство. Агенцијата за поддршка на претприемништвото е најрелевентна институција на национално ниво за имплементација и координација на домашната и меѓународната поддршка наменета за секторот на малото стопанство.

Средствата за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото ги обезбедува Владата на Република Македонија. Агенцијата може да обезбедува средства за вршење на својата дејност:

- трансфер од Буџетот на Република Македонија, по претходно донесена Годишна програма за работењето на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија

- донации

- приходи од вршење на дејност

- други извори во согласност со закон

Цел на Агенцијата е:

- Изградба на поволно економско опкружување и законска регулатива
- Создавање и развој на институционална инфраструктура за поддршка и развој на претприемништвото и конкурентноста во малото стопанство
- Спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, малите и средни бизниси
- Промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка
- Спроведување на Програмата за мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност во малото стопанство на Република Македонија

*2.Жени претприемачи на Македонија при Услужна комора во ССК*

Во Македонија во текот на 2013 година формирана е и *Групација на жени претприемачи* во рамките на Услужна комора при ССК (Сојуз на стопански комори). Цел на формирање на ова здружување е развој на женското претприемништво во

Република Македонија.[48] Жените претприемачи на Македонија се согласиле да се залагаат за развој на женското претприемништво преку организирање на голем број активности како:

-Вмрежување (национално и меѓународно)

-Информираност за субвенционирање на компании водени од страна на жени

-Поттикнување и менторство на жените за отварање сопствени бизниси

-Обуки и доквалификација

-Креирање на бизнис мрежа на жени претприемачи и останати активности

Во *Групацијата* членуваат околу 250 компании членови на Сојуз на стопански комори на Македонија кои се управувани или менаџирани од страна на жени

Општата цел на жените претприемачи на Македонија е здружување со цел развој на женското претприемништво во Република Македонија, а специфичните цели на жените претприемачи на Македонија се:

- Промоција, развој и застапување на жените претприемачи во рамки на ССК

- Развој на професионален и лидерски потенцијал на жените претприемачи

- Национално и меѓународно вмрежување, менторство и лобирање

- Залагање за зголемување на бројот на жени претприемачи во Република Македонија.

- Идентификација и дистрибуција на информации за финансиска поддршка за нови и тековни бизниси, обуки и дискалификација, како и доживотно учење

- Поттикнување, промоција и застапување на новоформирани бизниси од страна на жени претпримачи

- Поттикнување на процесот на регрутирање и влкучување на жените во релевантни економски, социјални и културни овласти од јавен интерес

- Креирање на бизнис мрежа на жени препприемачи

[48] Извор: Сојуз на стопански комори на Македонија, Формирана групација на жени претприемачи, 2013

- Иницијатива за вклучување на посебна категорија за избор на жена претприемач на годината во рамки на манифестацијата "Претприемач на годината"

- Финансиско зголемување и секторско проширување на програмата за поддршка на женско претприемништво во рамките на Министерството за економија, проширување на поддршката за започнување на бизнис од страна на жени

- Поддршка при започнување на бизнис од страна на жени од ССК[49]

3. *Здружение на бизнис-жени од Република Македонија*

*Здружението* се засновува со цел да се обезбеди поврзување на бизнис жените на регионално, национално и меѓународен ниво со цел развој на нивниот сопствен бизнис, презентирање на различните можности и потреби и на таа основа идентификување и користење на расположливи странски и домашни ресурси (партнери, знаење, нови пазари, капитал, технологија и сл.)

Поаѓајки од овие принципи на работа, Здружението на своите членки треба да им даде:

1. Поддршка на политиката за промоција на женското претприемништво

2. Поддршка на политиката за промоција на женското претприемништво, со цел постигнување ефикасен стратешки развој на женското претприемништво

3. Обуки за женското претприемништво

4. Финансирање на женското претприемништво

5. Промовирање на интересите на женското претприемништво

6. Воспостави врски со слични здруженија во странство

7. Давање поддршка на профитабилни, креативни и специјализирани проекти на своите членки

8. Да им помогне во промовирање на нивните бизнис интереси

9. Да организира база на податоци за бизнис жените и информирање на едно место

[49] Извор: Сојуз на стопански комори на Македонија, Жени претприемачи на Македонија при Услужна комора на ССК, 2013

10. Преку мрежата на женски организации да помогне во вклучување во проекти и кредитни линии како во државните, така и на европските и меѓународните специјализирани програми, организации и институции.

11. Да покрене организирање на обуки за одредени аспекти за покренување и за водење на бизнис.

12. Да покрене основање на специјализирани центри или одделенија кои би давале информации, консултантски и едукативни услуги.

13. Да овозможи вклучување на меѓународните бази на податоци

14. Да овозможи добивање на нови знаења и технологии

15. Да обезбеди поддршка на профитабилни, креативни и специјализирани проекти на своите членови.[50]

*4. Асоцијацијата на македонските жени - претприемачи Жени бизнис-лидери*

Во Стопанската комора на Македонија била промовирана *Асоцијацијата на македонските жени претприемачи Жени бизнис-лидери.* Целта на оваа Асоцијација е поттикнување на женското претприемништво во Македонија и има намера да направи добра мрежа меѓу македонските жени бизнис лидери. Тоа не е класично здружение на жени туку на успешни жени претприемачи за нивно охрабрување, да ги споделат своите искуства во надминувањето на бариерите во општеството, насочување кон позитивни примери и на тој начин креирање и зајакнување на капацитетите на женското лидерство во Македонија. Идејата на Асоцијацијата е да ги следи европските примери кои имаат регулатива  која го нормира присуството на жените во управните одбори и на одлучувачките позиции во компаниите додека во Македонија во главно, има регулатива само за присутвото на жени е само во политиката.

Проекти кои што биле спроведени во изминатите години:

[50] Извор: Здружение на Бизнис жени, Цели и задачи на здружението, 2011

1. Проектот *Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија* (new-MENTOR).

Фондацијата за Менаџмент и индустриско истражување во конзорциум со четири партнерски организации од Македонија, Фондација Бизнис Старт ап Центар (БСЦ) Битола, Националниот центар за развој на иновациите и претприемачкото учење, Фондација Евро Центар, Свети Николе и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија започна со имплементација на проектот *Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија* (new-MENTOR).

Проектот new-MENTOR се фокусира на воспоставување на национална мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија и помош на жените претприемачи успешно да ги надминат предизвиците во првите години од работењето на нивните бизниси. Поддршката на развојот на женското претприемништво во земјата земајќи ги предвид специфичните карактеристики на бизнисите раководени од жените претставува стратешка цел на проектот. Проектот е насочен кон поддршка на женското претприемништво преку креирање на национална мрежа на ментори како дел од Европската мрежа на ментори за жени претприемачи (European Network of Mentors for WomenEntrepreneurs). Овој проект е финансиран од Програмата за конкурентност и иновации на Европската унија со траење од 01/09/2011 до 31/08/2013. Вкупниот буџет на проектот е 83 980 евра во кој со 43% учествуваат петте партнери членови на конзорциумот и 57% се кофинансирани од Програмата за конкурентност и иновации на Европската Комисија.

Проектот new-Mentor е насочен кон поддршка на развојот на женското претприемништво и помош на жените претприемачи успешно да ги надминат предизвиците во првите години од работењето на нивните бизниси. Целта на овој проект била поддршка на развојот на женското претприемништво во земјата земајќи ги предвид специфичните карактеристики на бизнисите раководени од жени, преку креирање на национална мрежа на ментори како дел од Европската мрежа на ментори за жени претприемачи (European Network of Mentors for Women Entrepreneurs).[51]

[51] Цитат од Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија new-MENTOR

Очекувани резултат на овој проект:

- Промовирање на женското претприемништво преку креирање на успешни приказни, промовирање на добрите идеи и успешни жени претприемачи

- Учество на женското претприемништво во високо квалитетна и организирана менторска шема повеќе од една година, без никакви трошоци

- Обезбедување на можности за учење и наградување и за менторите и за менторираните, унапредување на различни вештини, умрежување и градење на долгорочни и доверливи релации меѓу претприемачите

- Промовирање на претприемничкото менторство преку различни алатки за дисеминација на информации како што се настани, публикации, социјалните мрежи и останати веб базирани алатки

- Градење на високо професионална мрежа преку адекватен систем за мерење на нејзината перформанса и размена на искуства и знаење со другите национални мрежи од разлучни делови на Европа

Проектот new-MENTOR бил организиран во две логично поврзани фази: воспоставување на националната мрежа и функционирање на мрежата. Во првите пет месеци од проектот (септември 2011-јануари 2012), активностите биле насочени кон обезбедување на сите неопходни елементи за креирање на мрежата, започнувајќи од изборот на менторите и менторирани, преку креирање на најсоодветните релации во менторската шема, до официјално воспоставување на националната мрежа (промоција на мрежата и потпишување на договори за менторство).

2. *Женско претприемништво - Мотор за креирање нови работни места во ЈИЕ*

Дел од невладините организации во регионот се здружиле во рамките на проектот „*Женско претприемништво - Мотор за креирање нови работни места во ЈИЕ*"

Формирање платформа за женско претприемништво во Македонија, правење база на податоци за жени-претприемачи, како и развивање на свеста за зголемување на бројот на жени-претприемачи во земјата се дел од целите што треба да бидат

реализирани во рамките на овој меѓународен проект. Една од целите, исто така, е и промоција на женското претприемништво во Југоисточна Европа преку заеднички напори на јавниот и на приватниот сектор.

Се проценува дека 30% од претприемачите во Европа се жени, додека овој процент во Југоисточна Европа изнесува меѓу 15% и 30%.[52]

Жените во Југоисточна Европа се соочуваат со многу препреки врзани со традиционалната родова улога која пак влијае врз нивните економски можности. Во повеќето случаи немаат сопственост над имотот, имаат мала или воопшто немаат поддршка од институциите, тешко доаѓаат до информации, како и до финансии. Голем број жени во регионот се подготвени да основаат, прошират или внесат иновации во своите претпријатија, но високите каматни стапки и барањата од банките на голем залог им овозможува такви чекори.

Како дел од овој проект, во организација на *Здружението на бизнис жени* и Министерството за економија, била одржана Конференција за состојбите на женското претприемништво во која било истакнато дека во Македонија околу 30% од деловните субјекти се во сопственост на жени. Ваквите резултати упатуваат на потребата од креирање мерки за поттикнување на женското претприемништво во Република Македонија, посебно во делот на зголемување на бројот на вработени во субјектите кои се во сопственост на жени, како и поттикнување на деловната активност на жените во руралните средини. Присуството на македонската жена во деловните активности не е за занемарување доколку се земе предвид податокот[53]дека во околу 50% од субјектите евидентирани во трговскиот регистар, жената се јавува или како сопственик или како управител. Многу е важно да се промовираат жените како неискористен потенцијал, а не како социјална категорија. Овој проект "Женско претприемништв-мотор за создавање работни места во ЈИЕ" се спроведува во 9 држави (Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Косово, Молдавија, Србија и Турција)

---

[52] Цитат од колумна, тв Сител , Платформа за женско претприемништво во Македонија, 2013

[53] Извор: Федерација на фармерите на Република Македонија, Претставници од ФФРМ на Конференцијата за состојбите за женско претприемништво, 2013

Една од активностите во рамки на тригодишниот проект „Женско претприемништво – мотор за создавање на работни места во ЈИЕ” чиј носител е Советот за регионална соработка е одржувањето на Саемот за женско претприемништво[54] одржан во Дубровник, Хрватска организиран од страна на организацијата „Gender Task Force” (GTF), во рамките на FCEM – Светскиот собир на меѓународни бизнис жени. Финансиран е од страна на шведската организација „Swedish International Development Agency” (SIDA), со цел промовирање на најдобрите пракси во женското претприемништво и изградба на национални и регионални женски мрежи и здруженија.

Имплементатори за Македонија на проектот се Здружението на бизнис жени од Македонија како и Националниот совет за родова еднаквост.

Како резултат на повеќегодишната успешна соработка, Здружението на бизнис жени од Македонија со посебни признанија станало член на Светската организација на бизнис жени. На саемот присуствувале и претставници од Македонија од сите комори, бизнис сектор и невладин сектор.

Како дел од Платформата за економско јакнење на жената, Здружението на бизнис жени и Федерацијата на фармери на Македонија(ФФРМ) организирале форум „Предизвиците на женското претприемништво во земјоделството”.[55] Платформата ги обединува сите активни чинители кои работат на тема женско претприемништво. Целта на настанот била се охрабрат жените за што поголемо учество како претприемачи во земјоделството и со тоа ќе се допринесе за развој на локалната заедница.

3. *Преку едукација кон вклучување на пазарот на труд*

Со донација на Амбасадата на Република Франција во Македонија, Националниот совет за родова рамноправност (СОЖМ) организирал проект со времетраење од 01.11.2012-31.01.2013 год. под наслов *Преку едукација кон вклучување на пазарот на труд.* Целта на проектот е зголемување на вработеноста на руралните жени и нивно вклучување на пазарот на труд. За таа цел организирани се три еднодневни обуки

[54] Цитат од веб-страна Република, 2014

[55] Цитат од Курир, 2014

насловени “Економско зајакнување на жени”. [56] 45 жени од рурални области биле обучувани за нивните економски права и можности, економски можности за женско претприемништво, личен и професионален развој, менаџирање на бизнис и маркетинг стратегија, развој на бизнис идеја и бизнис план

4. *Програма за економско зајакнување на жените*

Националниот совет за родова рамноправност организира “*Програма за економско зајакнување на жените*”. Стратешка цел на програмата е подобрување на социо-економската положба на жените. Цели на програмата биле: намалување на невработеноста и сиромаштијата кај жените и девојките, зајакнување на личните капацитети на жените и девојките за конкурентен настап на пазарот на трудот и поттикнување на женското претприемништвото.[57]

5. *Тренинг за професионален развој и женско претприемништво*

НВО ЛинкАкрос во соработка со општина Аеродром организирала тренинг курс *Професионален развој и женско претприемништво.* [58]

Тренингот започнал на крајот од октомври 2012 година и бил комплетиран на крајот од декември 2012 год. Целта на овој проект е да се едуцираат и мотивираат младите жени, невработените жени, и сите жени кои сакаат да го продолжат своето образование и професионален развој со цел да станат значаен дел од нивната заедница.

Тренингот се состоел од два дела. Првиот дел бил теоретски и ги покривал темите како развој на кариера и поставување на професионални цели, женско претприемништво - бариери и можности, професионални презентации итн. Вториот дел бил практичен, односно работилници, кои беа структурирани на таков начин за да

---

[56] Извор: Национален совет за родова рамноправност, Преку едукација кон вклучување на пазарот на труд, 2012

[57] Извор: Национален совет за родова рамноправност, Програма за економско зајакнување на жените

[58]Извор: Link Across, Тренинг за професионален развој и женско претприемништво, 2012

ја изградат тимската работа и комуникацијата. Целта на овие работилници била да се обезбеди активно и интерактивно учество на учесниците преку превземање на улоги, дискусии, видео клипови, презентации и тимска работа. Секоја сесија била евалуирана од учесниците и резултатите биле многу охрабрувачки и позитивни, така што овој тренинг се оценува како успешен.

Со овој проект се очекува подигнување на свеста за претприемништвото и развојот на професионалните вештини, како и придонес во решавањето на прашањето на невработеност во општината Аеродром преку мотивирање на жените да отворат нов бизнис.

### 6. *Жени во мрежа за иновативност и претприемништво*

Во рамките на ИПА програмата за прекугранична соработка ``Грција-Македонија 2007-2013``се реализирал проектот *Жени во мрежа за иновативност и претприемништво*. Проект е кофинасиран од страна на ЕУ во рамките на првиот повик на ИПА програмата за прекугранична соработка ``Македонија-Грција``[59]

Вкупниот буџет на проектот е во износ од 187.160,00 евра од кои за активности во Република Македонија ќе бидат наменети 87.160,00 евра.

Проектот бил имплементиран од страна на пет партнери и тоа: Општина Ресен, Здружението на уметниците ракотворци-македонски ракотворби од Битола, Здружение за развој на алтернативен туризам Љубојно од македонска страна и Ергани Центарот од Солун и Регионот западна македонија од Грчка страна.

Во рамките на овој проект се предвидени низа активности кои се насочени кон развој на женското претпиемништво во прекуграничниот регион во користењето на нови и иновативни алатки за развој и надоградба на професионалните претприемачки вештини. Засегнатите страни од овој проект ќе имаат одлична можност да научат да ги користат локалните традиции и производи како предност за развивање на своите бизниси. ќе бидат формирани и два стручни центри за потикнување на женското претприемништво кои ќе обезбедат континуирана помош на жените претприемачи.

---

[59] Цитат од Prespa news, Жени во мрежа за иновативност и претприемништво

*7. Програма "Жени во бизнисот"*

Од 2014 год Република Македонија ќе биде дел од проект програмата *Жени во бизнисот* која ќе се спроведува во наредните четири години. Програмата е наменета за малите и средни препријатија управувани од жени кои имаат потреба од финансии и совети, за да можат да го развиваат бизнисот. Исто така финансирање, техничка помош за учество во финансиските институции и бизнис совети се предвидени за жени претприемачи во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија. Програмата е финансирана со вкупен износ од 25,1 милион евра обезбедени преку Програмата на Западен Балкан за жени менаџери на мали и средни препријатија, на Европската банка за обнова и развој(ЕБОР), Шведската меѓународна развојна агенција(СИДА) и Луксембург. Првично Банката ќе учествува со 20 милиони евра, наменети за креирање на кредитни линии за бизнисите управувани од жени, и преку локалните финансиски институции, сé со цел да промовира одржливо позајмување на МСП управувани од жени, зависно од конечно одобрување на Бордот на директори на ЕБОР, соопшти канцеларијата на Европската банка за обнова и развој.

За спроведување на програмата „Сида" обезбедила[60] 3,6 милиони евра, а од Луксембург 1,5 милиони евра.

Мерки што биле преземени за поддршка на женското претприемништво:

1.*Мерка за финансиска поддршка на женско претприемништво 2014 год*[61]

Предмет на оваа мерка е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени(над 50%) и управување од жени, државјани на Република Македонија, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци но не повеќе од 120 илјади денари, направени за следните намени:

-набавка на опрема, алати и инвентар

-уредување/подобрување на деловниот простор и

[60]Извор: МРТ, ЕБОР, 2014

[61] Службен весник на РМ 13 Јануари 2014 бр.7

-грижа/чување на деца од претшколска возраст за жени кои отпочнуваат сопствен бизнис 60% од трошоците за градинка или дадилка, но не повеќе од 30 000 денари

Предвидени биле вкупно 2.4 милиони денари

Со реализација на оваа мерка која за прв пат се вовела во програмата во 2012 година се поттикнува женското претприемништво, а истовремено се дава поддршка на жените претприемачи да ги прошират своите бизниси и да обезбедат нови вработувања. Бројот на поднесени апликации наспроти ограничените буџетски средства кои биле на располагање се индикатор за интересот за оваа мерка и потребата од нејзино спроведување и во наредниот период според Министерството за економија, најавувајќи посилна соработка со невладиниот сектор кој работи на оваа проблематика за во иднина, со поддршка од странски донатори, да се реализираат проекти за поттикнување и поддршка на женско претприемништво. [62]

*2.Фонд за поддршка на жени и млади во претприемништвото*

Проектот на УСАИД (Американска агенција за меѓународен развој) за експанзија на мали бизниси заедно со меѓународната услужна компанија "Еколог" основале *Фонд за поддршка на жени и млади во претприемништвото.*[63]

Секој од партнерите учествувал со една половина од иницијалните 30.000 долари за основање на фондот, кој е прв ваков фонд во Македонија. Малите грантови од овој фонд ќе им помогнат на бизнисите водени од жени и млади да ги зголемат своите капацитети, да создадат повеќе работни места и да ја подобрат економијата во полошкиот регион. Еколог, со своето учество во Фондот, нуди одличен модел за корпоративна општествена одговорност и дава пример кој УСАИД се надева дека ќе го следат и други компании. За да се обезбеди долгорочно влијание на оваа иницијатива, УСАИД ги охрабрува и другите бизниси да инвестираат во Фондот.

Во текот на оваа и минатата година, Проектот на УСАИД за експанзија на мали бизниси има поддржано повеќе жени претприемачки во полошкиот регион преку доделување грантови на бизниси со висок потенцијал за раст кои се водени од жени.

[62] Цитат од Капитал, Специјален прилог-Жените во бизнисот,2014
[63] Извор: МРТ, Фонд за поддршка на жени и млади претприемачи во полошко, 2014

Со поддршката од УСАИД, бизнисите двојно го зголемија своето производство и заедно создале 33 нови работни места. Фондот ги насочува овие напори и кон младите претприемачи и продолжува да ги зајакнува локалните економии и да ги подобрува животите на граѓаните.

*3. Фонд за иновации и технолошки развој*

Владата на Република Македонија е стратешки насочена кон промоција и поттикнување на иновациите, иновациската дејност, претприемничкиот дух и технолошкиот развој со цел обезбедување на поддршка и помагање на бизнис секторот.

Во октомври 2012 година, Владата донесла Стратегијата за развој на иновациите 2012-2020 година, и Акцискиот план 2012-2015 година. Централна точка од Стратегијата е формирањето на нов *Фонд за иновации и технолошки развој*.

Тоа би било ново тело во политичко-економскиот систем на државата. Главен фокус бил поттикнувањето, но и финансирањето на иновациите, и општо поддршка на бизнис секторот. Интенцијата и заложбата на Владата е ова тело да биде управувано од страна на лица кои поседуваат искуства на полето на иновациите, кои се отворени и ја разбираат бизнис заедницата, кои ќе бидат нејзина поддршка и кои со својот професионален ангажман и способности ќе придонесат за економскиот развој на земјата.

Фондот требало да се развива во две поголеми фази. Во првата фаза, целосното финансирање на Фондот да го обезбедува државата. Во втората фаза, со почеток од 2014 година покрај владиното финансирање, Фондот да обезбедува средства за својата функција и од странски извори на средства пред се од Светската Банка, која стартува нов проект за подобрување на вештини (т.н. Skills project), преку кој може да се обезбедат средства за фондот и за градење на капацитети, и за кое користење на средства Владата веќе презема процесни постапки за апликација кои се во оперативна фаза. Од Светската банка се обезбедени девет милиони евра за финансирање на овие проекти, како и основен буџет и еден отсто од Програмата за рурален развој.

Фондот за иновации и технолошки развој е вклучен во Законот за иновациска дејност кој веќе е усвоен на Влада и е во собраниска процедура, а носител на законот е Министерството за образование и наука. Фондот претставува централно тело во рамките на политиката на иновациите, извршува голем делокруг, како и советодавна и финансиска поддршка на сите новоформирани компании на кои ќе им биде потребна помош.

Фондот треба да ги врши следните функции:

-да обезбедува техничка помош и консултантски услуги за новоосновани и постоечки претпријатја за зголемување на инвестциите во иновации;

-финансирање и кофинансирање на истражувачи и иновациски проекти на претпријатијата;

-комерцализација на знаењето и науката преку формирање на универзитетски спин-оф компании основани од страна на студенти, научни работници и претприемачи инвеститори.

Фондот ги има следните инструменти за финансирање и кофинансирање:

- доделување на грантови за start-up и иновации (до 10.000евра);

- доделување на грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации (до 30.000 евра);

- еквити и мезанин инвестиции ( до 80.000 евра);

- средства за техничка помош.

Намерата на Владата е фондот да биде на највисоко професионално ниво со вклучување на најспособните кадри кои досега имале искуство од областа на иновациите и технолошкиот развој. Тие ќе треба да имаат бизнис пристап и да ја разбираат економијата пред се во делот на реалниот сектор.

Со фондот би се помогнало на иноваторите во Република Македонија, бидејќи од тоа и зависи успехот на секоја држава, затоа што најголемите компании се најуспешни затоа што имаат иновации. Крајната цел всушност на економските

политики во нашата земја,[64] е да се подржат сите кои што имаат идеја за иновација, да ја матерализираат и комерцијализираат, а потоа од неа да се отворат нови работни места во Македонија и да се вработат невработените луѓе. Првите поддршки на иновативните активности се очекуваат околу септември 2014 година.

*4. Организирање на обуки за женско претприемништво*

Во текот на месец на август (23-ти) 2013 година се организирала финалната обука за менторираните ново вработени жени вклучени во проектот New Mentor, во кој Агенцијата за поддршка на претприемништвото во соработка со другите партнери од Република Македонија го реализирала овој двогодишен проект.[65] Обуката се организираше на тема партнерство и поврзување се со цел ново вработените да се здобијат со дополнителни вештини за нивните идни активности. Овој настан воедно се искористил и како финална манифестација за затворање на активностите на овој проект, кој траел до крајот на месец август. Покрај ова, во рамките на оваа програмска активност се подготвиле, превеле и испечатиле 400 брошури (200 на македонски и 200 на англиски јазик) за проектот New Mentor, во кои се содржат информации за текот на реализација на проектот како и даден е профил за менторите и менторираните.

## 3.4 Глобално истражување за претприемништво (ГЕМ)

Голем дел од креаторите на политики се согласуваат дека претприемачите и новите бизниси кои ги воспоставуваат имаат клучна улога во развојот и благосостојбата на општествата во кои дејствуваат. Глобалното истражување на претприемништвото (Global Entrepreneurship Monitor, ГЕМ) има за цел да ја истражи и оцени улогата на претприемништвото. ГЕМ е заеднички проект на водечки светски бизнис-универзитети, кој овозможува размена на информации за претприемничката активност во различни земји. Истражувачките активности започнале како партнерство

[64] http://a1on.mk/wordpress/archives/241057

[65] Извор: Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, Извештај за реализација на програмата, 2013

помеѓу Колеџот Бабсон од Бостон, САД и Школата за бизнис од Лондон, Велика Британија во 1999 г. На почетокот во ова истражување биле вклучени само 10 земји, додека за сите години истражувањето е спроведено во 99 различни земји. Од тогаш, ГЕМ прерасна во конзорциум составен од 64 национални тимови. Во 2012 година учествувале 69 земји, во кои е испитано мислењето на над 198.000 возрасни лица. Во секоја земја учесничка, истражувањето го спроведува национален тим, кој е акредитиран од страна на Светската асоцијација за истражување на глобалното претприемништво (ГЕРА). ГЕРА е формирана во 2005 г. непрофитна организација управувана од претставниците на националните тимови, основачите и спонзорите, задолжена за оперативните активности на ГЕМ.

Главни цели на ГЕМ се:[66]

- да се овозможи споредба на нивото и карактеристиките на претприемачката активност во различни економии;
- да се одреди влијанието на претприемничката активност врз економскиот раст;
- да се идентификуваат факторите кои ја охрабруваат и/ или попречуваат претприемничката активност; и
- да се даде насока за формулација на поефективни и целисходни политики за поттикнување на претприемништво.

Земјите во кои е спроведено истражувањето на ГЕМ во 2012 г. се поделени по две основи: по региони и по ниво на развој.

Првата поделба ги опфаќа следните региони: Јужна Америка и Карипските острови, Блискиот Исток и Северна Африка, Супсахарска Африка, Азија – Пацифик и Јужна Азија, Европска Унија, земји кои не се членки на ЕУ и на САД.

Поделбата по ниво на развој е во три групи: економии чиј развој се базира на основните фактори на производство, економии базирани на зголемена ефикасност и економии базирани на иновативност. Оваа поделба е според Глобалниот извештај за конкурентност на Светскиот економски форум, во кој се идентификуваат три фази на економски развој врз основа на бруто-домашниот производ по жител и учеството на извозот на примарни добра..

---

[66] Македонска развојна фондација за претпријатија, Претприемништвото во Македонија, Скопје, 2013

Фазата на развој базиран на основните фактори на производство се карактеризира со доминација на земјоделство за сопствени потреби и екстрактивни економски активности и со значително користење на (ниско квалификувана) работна сила и природни ресурси.Фокусот на развојните напори е насочен кон создавање на основните предуслови.

Во фазата на зголемена ефикасност, економијата станува поконкурентна со зголемена индустријализација и користење на економ иите на обем, при што расте бројот на големи капитално-интензивни претпријатија.Тука вниманието е фокусирано се помалку на основните предуслови, а се повеќе на развој на елементите кои ја подобруваат ефикасноста во економијата..

Фазата на иновации ги опфаќа економиите чија конкурентност се повеќе се базира на знаења и на високо развиен услужен сектор.

### 3.4.1 ГЕМ во Република Македонија

Македонија е дел од ГЕМ од 2008 година. Националниот тим за истражувањето на ГЕМ во Македонија го сочинуваат претставници на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) и Центарот за развој на нови бизниси (БСЦ) при Машинскиот факултет, Универзитет „Свети Кирил и Методиј" во Скопје од 2008 г.

Според ова истражување во Македонија генерално постојат позитивни перцепции за претприемништвото, а типичниот претприемач е маж на возраст од 25 до 34 години со повисоко ниво на образование и повисоки приходи.

Резултатите од истражувањето спроведено во 2008 год, укажуваат дека државата има највисока претприемничка активност од земјите во Европа[67]. Стапката на претприемничка активност во рана фаза или ТЕА индексот изнесува 14,5 проценти што значи дека 14 отсто од испитаниците на возраст од 18 до 64 години се вклучени во некоја претприемничка активност не постара од три и пол години.

Истражувањето исто така покажува дека 80 отсто од испитаниците сметаат оти претприемништвото е добар избор за кариера, а 66 отсто дека медиумите посветуваат

[67] Цитирано од Бизнис идеја, Македонија со највисока претприемничка активност во Европа, 2010

соодветно внимание на претприемништвото. Триесет и пет отсто од нив наведуваат дека стравот од неуспех би ги спречил да започнат бизнис, а 40 отсто би започнале бизнис во следните три години.

Во 2012 год во Македонија по трет пат се врши истражување на претприемништвото според методологијата на ГЕМ – Global Entrepreneurship Monitor, воспоставена од Колеџот Бабсон и од Лондонската школа за бизнис. Истражувањето опфаќа телефонска анкета на 2.003 испитаници на возраст од 18 до 64 години и се интересира за нивните пецепции и ставови за претприемништвото, за нивната претрпиемничка активност и аспирации. Во истражувањето биле анкетирани и 38 домашни експерти кои придонесле за анализа на опкружувањето за поддршка на претприемништвото.

Претприемничките перцепции ги отсликуваат ставовите на луѓето за претприемачите и претприемништвото, за можностите и ризиците за започнување бизнис, поседувањето вештини и искуства и други показатели. Скоро секој трет испитаник смета дека во следните 6 месеци постојат добри можности за започнување бизнис, а секој втор дека ги има потребните знаења и вештини за започнување бизнис. Според последниот показател, Македонија е лидер во однос на останатите земји во регионот и во однос на земјите од Европска Унија. 39 % од испитаниците кои сметаат дека во следните 6 месеци постојат добри можности за започнување бизнис, стравот од неуспех би ги спречил да започнат бизнис, а 28 % би започнале бизнис во следните 3 години. Дури 70 % сметаат дека претприемништвото е посакуван избор за кариера, а 67 % дека претприемачите уживаат висок статус во општеството. Споредено со 2008 година, кога прв пат беше спроведено ова истражување и во Македонија, последните два показатели бележат пад од 10 и 5 процентни поени, соодветно.

Во делот на претприемничка активност се испитува до кој степен луѓето преземаат нови деловни активности, но и зошто престануваат да се занимаваат со бизнис. Претприемничката активност е мерена преку клучниот индекс TEA (Total Early-stage Entrepreneurial Activity). Овој индекс во Македонија изнесува 6.97 % во 2012 година, од кои претприемачи во зачеток се 3.73 % (оние кои имаат деловни активности до 3 месеци), а 3.24 се нови (кои имаат деловни активности до 3,5 години). Овој индекс е во рамките на индексите на другите земји од регионот, како и на непондерираниот просек на ЕУ. ГЕМ прави разлика помеѓу претприемништво

мотивирано од можности и од нужност. Во Македонија 52 % од претприемачите изјавиле дека се мотивираниод нужност, а 29 % дека се водени од можност. Во 2012 година, како и во претходните истражувања, поверојатно да се биде претприемач доколку некој е маж, на возраст од 25 до 34 години, со повисоко ниво на образование и повисоко ниво на приходи. На слично ниво како индексот ТЕА, 6.73 % од испитаниците изјавиле дека се сопственици или менаџери на веќе воспоставени бизниси (со деловни операции над 3.5 години). И оваа година, меѓу најчестите причини за престанок со бизнис се наведуваат непрофитабилноста на бизнисот и проблемите со финансирањето.

Претприемничките аспирации ја даваат квалитативната природа на претприемничката активност преку испитување на аспирации за раст, ориентираност кон иновации и кон надворешен пазар. Во Македонија 60% од претприемачите во рана фаза очекуваат да вработат до 5 лица во наредните 5 години, а само 12 % над 20 лица. Воедно, 20% од претприемачите во рана фаза имаат аспирации кон иновации, а 26 % кон надворешни пазари за продажба на своите производи и услуги.

Дополнително, извештајот за ГЕМ вклучува анализа на опкружувањето за поддршка на претприемништвото преку анкета на домашни експерти. Оваа анализа дава увид на кој начин деветте дефинирани области го поттикнуваат или ограничуваат развојот на претприемачките активности. Тие области се: финансии, владини политики, владини програми, претприемачко образовани и обука, трансфер на истражување и развој, комерцијална и правна инфраструктура, отвореност на домашен пазар, физичка инфраструктура и културни и социјални норми

Според номиналниот БДП по глава на жител, кој во 2012 г. изнесува 4.683 американски долари, како и според другите карактеристики, Македонија се вбројува во земјите чиј развој се потпира на зголемена ефикасност.

## 3.5 Анализа на елементите на политиките во земјите членки на ЕУ и во Македонија

Во оваа глава ќе се врши анализирање на елементите на политиките на земјите кои се предмет на анализа односно земјите членки на Европската Унија како и

Република Македонија со цел да се согледа состојбата на женското претприемништво, предизвиците со кои се соочува и поддршката која што ја има во Република Македонија како и поддршката на женското претприемништво во земјите членки на ЕУ. Исто така ќе бидат разгледани колку и какви политички мерки постојат и какви се резултатите од нивната примена и колку искуствата од Европските држави може да се применат во Република Македонија.

Во табела бр.1 се презентирани статистичките податоци во однос на просечната возраст и процентуалната застапеност на жените претприемачи во дел од земјите членки на Европската Унија и Република Македонија односно во земјите каде ваквите статистички податоци беа достапни.

| | **Просечна возраст** | **Процентуална застапеност** |
|---|---|---|
| **Италија** | 25-34 | N/A |
| **Франција** | 25-34 | 38% |
| **Луксембург** | N/A | 17,49% |
| **Германија** | 35-44 | N/A |
| **Данска** | 38 | 25%-27% |
| **Ирска** | 38 | 7,61% |
| **Грција** | 25-34 | N/A |
| **Австрија** | 45,4 | 42,1% |
| **Шпанија** | N/A | 33,6% |
| **Финска** | 35-44 | 33,3% |
| **Чешка** | 33-44 | 30,5% |
| **Словенија** | 35-44 | 28% |
| **Унгарија** | N/A | 30%-40% |
| **Словачка** | N/A | 27,7% |
| **Бугарија** | 35-64 | N/A |
| **Романија** | N/A | 42% |
| **Македонија** | 30-35 | 32% |

**Табела 1**: Просечна возраст и процентуална застапеност на жените претприемачи во земјите-членки на ЕУ и Република Македонија

Според ова може да утврдиме дека просечната возраст на жените претприемачи се движи најчесто од 25-44 години, а процентуалната застапеност најчесто е околку 30%. Во Република Македонија жените претприемачи се на просечна возраст од околу

30-35 години, а процентуално се застапени со 32% со што се над просекот на ЕУ. Само пред извесен период бројката на жени претприемачи во македонската економија била 5%, за сега да се зголеми на 30-33%. Ваквиот раст на показателите е резултат на активностите кои се преземаат за подобрување на женското претприемништво, од нивна обука, пристап до информации, пристап до финансии, меѓусебна комуникација,помош околу секојдневните домашни активности при негата и развојот на децата и сл.

Табела бр.2 го опфаќа нивото на образование со кое се стекнале жените претприемачи и секторите на дејност каде што истите се вклучени.

| | **Образование** | **Сектори на дејност** |
|---|---|---|
| **Италија** | Високо образование | Трговија, земјоделство, услуги за сместување и храна, производство и др. |
| **Франција** | Високо образование | Образование, здравје и општествена активност |
| **Луксембург** | Високо образование | |
| **Холандија** | Високо и стручно образование | Услужен сектор, заштита и образование |
| **Данска** | Високо образование | Услужен сектор |
| **Велика Британија** | Високо образование | |
| **Португалија** | N/A | Услуги за убавина, чистење, здравје, угостителски услуги, консалтинг и обука |
| **Финска** | Високо образование | Услужен сектор, образование и секторот на трговија на мало. |
| **Шведска** | Високо образование | Лични услуги, медицински и здравствени услуги и образование |
| **Чешка** | Високо образование | Научни и технички дејности и активности со недвижен имот и финансии и осигурување. |
| **Литванија** | Високо образование | Сектор на хотели и ресторани, финансиско посредување и други |

| | | |
|---|---|---|
| | | комунални, општи и лични услужни активности. |
| **Словенија** | Високо образование | Услужни сектори, ускуги за сместување и храна, трговија на големо и мало |
| **Полска** | N/A | Најголемо присуство имаат во финансиските и услужните сектори |
| **Бугарија** | Универзитетско или специјализирано високо образование | Претежно мали бизниси во трговијата и услугите, а најмалку во градежништвото |
| **Македонија** | Високо образование | Услужни дејности |

**Табела 2:** Образование и сектори на дејност на жените претприемачи во земјите-членки на ЕУ и Република Македонија

Во однос на образованието речиси во сите земји членки на ЕУ жените претприемачи имаат високо образование, а најголемо присуство имаат во услужниот сектор, трговија, образование. Конкретно, за Република Македонија треба да се напомене дека го следи примерот на високо образование на жените претприемачи во државите членки на ЕУ т.е најголемиот дел од жените се стремат да имаат универзитетско образование.

Жените доминираат во услужните дејности. Се смета дека во иднина односот замјоделство-индустрија-услужни дејности ќе биде во корист на услугите. Тоа говори дека тие се наоѓат во секторот кој во наредниот период ќе доживува раст. Во Република Македонија жените се застапени во повеќе сфери, образование, услуги за убавина, трговија, но сепак какои и ве европските земји најактивни се во услужните дејности.

Во последната табела детално се презентирани програмите и мерките за поддршка и развој на женското претприемништво во одделни земји членки на ЕУ и Република Македонија и различните организации на жените претприемачи во овие држави.

| | **ОРГАНИЗАЦИИ** | **ПРОГРАМИ И МЕРКИ ВО ОДДЕЛНИ ДРЖАВИ** |
|---|---|---|
| [illegible] | -Artemis - професионална мрежа за жени претприемачи и женски професионалци.<br>-Belgian Association of Women Entrepreneurs (Здружение на жени претприемачи во Белгија) | N/A |

| | | |
|---|---|---|
| А | | |
| ИТАЛИЈА | -Бизнис асоцијација CNA Emilia Romagna - работи на програми за иновативни претпријатија за поддршка на жените | Намалување на даноците, повеќе јавно финансирање и административно поедноставување;<br>-Иницијатива Fifth eddition of “Giro d'Italia delle donne che fanno impresa”- промовирана е од Unioncamere со локалниот комитет за женски претприемачи и има за цел да развие територијална професија(роуд шоу);<br>-Table to support the internationalization of Women’s Companies - формирана од Министерството за економски развој во Јули 2012г. со цел да се најдат решенија и алатки за да им се овозможи на овие компании да растат и да се отворат на меѓународните предизвици;<br>-Центар за меѓународна трговија во Италија(International Trade HUB Italy) – технолошка платформа која содржи информации за интернационализација на бизнисите во сопственост на жени (институции кои нудат меѓународна обука за лидерство на жени, бизнис школа за извоз во Италија, финансиски инструменти кои даваат предност на бизнисите во сопственост на жени, мрежи на интернационализација, стипендии за млади жени претприемачи кои сакаат да се интернационализираат и сл.) |
| ФРАНЦИЈА | - Diversitelles - е мрежа на женски претприемачи започната 2008 година, чија прва дејност е да се создадат мостови помеѓу жените од различни хоризонти кои често започнуваат сопствени бизниси и со тоа креираат работни места, во мали структури со силен општествен белег.<br>- FCEM – France – Светско здружение за жени претприемачи. Основана е во Франција 1945 година и набргу се проширила во другите европски земји. Ги спојува солидарноста и пријателството и жени истомисленици кои делат заеднички интерес за претприемништвото. Тоа е непрофитна, невладина, неполитичка организација за промовирање на претприемничка иницијатива на жените и зајакнување на националните здруженија на жени сопственици на бизнис. | - Гарантни фондови за жени претприемачи- главна иницијатива за поддршка на женското претприемништво.<br>- Мрежа на Женски Бизнис ангели - олеснување на пристапот на жените до бизнис инвестициите и учество во иновативни start-up прозорци.<br>- Платформа за жени претприемачи-комплетна програма за обука на жени кои сакаат да бидат претприемачи или кои веќе се претприемачи. Се состои од индивидуален пристап (пр. како да се балансира професионалниот и личниот живот), индивидуално менторство, мрежи на жени претприемачи и конференции отворени за секој кој сака да научи повеќе за женското претприемништво, менаџмент и друго. |
| I У К С | N/A | - Национален акционен план за еднаквоста меѓу жените и мажите 2009-2014 - одобрен од Кабинетот. Одговорно за работна координација е Министерството за еднакви можности.<br>- “Развој на бизнисот и Денови на креативност”- проект дозволен за сите оние кои сакаат да се создадат, преземат или да развијат бизнис за да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | задоволат клучните страни и да се соберат што е можно повеќе информации.<br>-Позитивни акции - продолжуваат преку националениот акционен план за родова еднаквост (2009-2014).<br>- Програма за бизнис менторство - има потенцијал да охрабри повеќе жени за вложување во креирање во бизнисот или обновување.<br>-Амбасадори на женско претприемништво во Луксембург - е мрежа на искусни и успешни женски бизнис менаџери и кампања за поттикнување на други жени, особено оние кои се на почетокот на нивните кариери или бараат промена во кариерата и женски студенти за да креираат свои сопствени бизниси |
| | - Federation of Women Entrepreneurs– Холандска организација за жени претприемачи и ко-претприемачи. | Се развива политика за женско претприемништво од страна на Министерството со три цели: 1.за подобрување на профитот; 2.поголем раст; 3.обединување.<br>- Конференција за раст за жени претприемачи - целта на конференцијата е подобрување на амбицијата за раст и мрежата за раст на жени претприемачи.<br>- Програма “We keep on growing”- со оваа програма Холандија учествува во програмата на ЕУ за шемите за менторство за женско претприемништво. |
| | - Национална агенција за активности и услуги за женски start-ups (BGA) – чадор организација за поддршка на жени претпримачи и бизнис стартери која нуди информациим, совети, обука, можности за вмрежување и сл.<br>- Мрежа на амбасадори за поддршка на жени претприемачи-подигнување на свеста за можностите да се извршува свој сопствен бизнис. | - Програма “Можности за повторен влез”-обезбедува информации и поддршка за жени кои сакаат да се вратат на работа по долга пауза во кариерата поради семејни причини.<br>- “Жени на врвот” (поддржана од BMBF)-100 истражувачки и развојни проекти ги обработуваат причините за нивото на незадоволство на учеството на жените во економијата и во топ работните места.<br>- Пилот проект-”Switch”- Целта е да се охрабрат жените да се развијат бизнис идеите и да се обезбеди поддршка за да се реализира тоа. Проектот има развиено збир на инструменти за подигање на свеста, мотивирање и охрабрување на жените и менторство.<br>- Национална пилот иницијатива за промоција на млади женски научници во секторот на нанотехнологиите. Целта на иницијативата е да се стимулираат бизнис идеите од жените научници во нанотехнологиите |
| | - Данска фондација за претприемништво<br>- Орган за претпријатија и градежништво | - Акционен план за жени претприемачи содржи седум конкретни иницијативи за промовирање на мотивацијата и способностите на жените да започнат и да имаат успешен бизнис кои се финансирани од органот за претпријатија и градежништво.<br>- Иницијатива за повеќе женски ученици и студенти да се интересираат за претприемништвото во текот на |

| | | |
|---|---|---|
| | | нивните студии била спроведена од данската фондација за претприемништво и се фокусира на подигнување на свеста, собирање на специфични родови, статистика за образованието, за претприемништво и нови курсеви и теми за едукација на мнозинството женски студенти. |
| | - Enterprise Ireland - Државна агенција за економски развој - со главен фокус на поддршката на развојот на новите ирски претпријатија со успешно искористување на креативноста и иновативноста на домашните претприемачи | - Програма за менторство на жени претприемачи-(15 Ирски ментори) -инаугурирана од ЕК.<br>- Пилот Фонд(Enterprise Ireland) за конкурентна остварливост за женски претприемачи. Целта на фондот е да им овозможи на женските промотори (Enterprise Ireland) да стигнат до цврсти заклучоци во врска со одржливоста на проектот и да утврдат инвеститор за подготовка на планови и финансиски извештаи поврзани со развојот и комерцијализацијата на производ или услуга на меѓународните пазари.<br>- Иницијатива "*Going for growth*"- обезбедување механизам за поддршка за жени претприемачи со јасни аспирации за раст на бизнисот. Програмата нуди еднаква поддршка на младите и насоки за станување поискусни и водечки претпориемачи. |
| | -Агенција-Business Link - задолжена за создавање бизнис и поддршка и во која основна цел е политиката за женското претприемништво.<br>- Enterprising Women- е динамична широка заедница за вмрежување од над 8 илјади жени.Обезбедува поддршка за бизнисот и специјални информации за да им се помогне на женските бизниси од нивниот пред старт се до фазите на висок раст. Целта е да се зголеми бројот, оддржливоста и успехот на жените во бизнисот, обезбедување на широк спектар на поддршка, обука, настани за вмрежување, менторство и фонд за заеми. | - Економската стратегија на Владата има за цел промовирање и развој на претпријатија вклучувајќи и женски претпријатија.Стратегијата ги вклучува следните мерки:<br>- Преземање чекори за зголемување на стапката на женското претприемништво<br>- Давање совети и поддршка на жените во започнување и водење на нивните бизниси<br>- Помагање на жените да го постигнат растот на нивните бизниси;<br>Проекти:<br>-"Жени во одборите"-во кој е утврдена стратегија насочена кон обезбедување на тоа што повеќе жени да бидат назначени во управните одбори;<br>-"Женски бизнис совет"(распишан од Министерството за внатрешни работи)-независна едногодишна работна група со единствена цел за обезбедување вистински активности од страна на Владата, бизнис и други за да се зголеми придонесот на жени кон економскиот раст;<br>-Фонд Aspire-основан 2008г за промовирање на бизниси предводени од жени правејќи ко-инвестиции заедно со приватните инвеститори. Целта е зголемување на бројот на успешни жени што водат бизниси во рамките на Велика Британија. Инвестира повеќе од 3 милиони фунти во 6 компании во медицинскиот, комуникацискиот и софтверкиот сектор.(12.5 милиони од овој Фонд обезбедуваат до 50% финансирање на секоја инвестиција заедно со |

| | | |
|---|---|---|
| | | приватните инвеститори).<br>-Проект "Get Mentoring" (Секторот за бизнис, иновации и вештини и Канцеларијата за еднаквост на Владата инвестирале 1.9 милиони фунти)-обучил над 15 илјади волонтери бизнис ментори преку Иницијативата за развој на мали притпријатија(SFEDI) со фокус на обуките за поддршка на женски претприемачи, обезбедување силна позиција од успешни жени претприемачи и можности за промовирање на придобивките од менторство на женската публика.<br>- Министерот за жени и еднаквост во Септември 2012г. Распишал дополнителни 100 илјади фунти за помош на жените во бизнисот да најдат ментори.<br>-Иницијатива PROWESS - подобрување и развивање на инфраструктура и поддршка на пријателски женски бизниси. |
| | -Генералниот секретаријат за родова рамноправност;<br>-Грчка федерација на претпријатија (SEV);<br>-Грчка Конфедерација на професионалци, занаетчии и трговци, (GSEVEE);<br>-Национална конфедерација на грчки комори (eSEE).<br>-Организацијата на Грција на малите и средни претпријатија EOMMEX-работи на програми исклучиво за жени претприемачи. | - Националната програма за родова еднаквост 2010-2013 (Генералниот секретаријат за родова рамноправност(GSGE))- Цел: поддршка на женското вработување, женското претприемништво, како и нивната финансиска независност.<br>- Програма за развој 2007-2013(NSRF) - претставува референтен документ за програмирањето на фондовите на Европската унија на национално ниво за периодот 2007-2013 година.<br>- Проект на NSRF за зајакнување на младите и вработување на жените на тема: "Интегрирана интервенција за поддршка на вработувањето на жени и млади преку подобрување на претприемништвото (Министерството за развој, конкурентност, инфраструктура, транспорт и мрежи).<br>- Мерки за поддршка за унапредување на родовата еднаквост во вработувањето- со цел да се поддржи вработувањето на жените (146 милиони евра).<br>- Надградба на професионалениот статус на жените работници и самовработените жени - со цел надополнување и оддржување на работниот статус на жените преку обезбедување на кориснички информации, советување, обука, менторство и поддршка на прилагодливост и развојот на жените корисници(9,78 милиони евра)<br>-Проект: Подобрување на учеството на жените во донесувањето одлуки на Оперативната програма "Административна реформа 2007-2013 " - цел промовирање на жените во репрезентативните организации на сите нивоа и создавање на структури за родова еднаквост во канцелариите на организациите на социјалните партнери за да се обезбедат целосни информации, свест и советување за |

| | | |
|---|---|---|
| | | оние жени, во врска со нивните продуктивни активности. |
| | - Женска мрежа Eurochambres<br>-Австриска Федерална Стопанска комора-Жени во бизнисот | Проект: Специјална обука за жени предводници на микро бизниси без вработени-жените ги подобриле своите бизнис стратегии во рамките на посебна академија.<br>-"Жени во бизнисот и во донесувањето одлуки"<br>- Проект: "Жените во одборите на локалниот развој"<br>- Жените во одборот на стопанската комора- целта била во краток рок да се анализираат причините за недоволната застапеност на жените во одборите на стопанската комора и да се развијат упатства за зголемување на присуството на жените одборите на стопанската комора, како и за промовирање на овие упатства за други локални и регионални комори во земјата-учесничка, на национално ниво и во размена со други комори во ЕУ, а на долг рок целта била да се мотивираат женските претприемачи да се кандидираат на изборите за Комората.<br>- Настан "Ladies Lounge" - Овој настан им нуди на учесниците можност да дискутираат за важни прашања со високо квалитетни личности од политиката или економијата и исто така обезбедува можност да вмрежување и размена на идеи.<br>-Во Владина програма било донесено дневното згрижување на деца да е ослободено од данок.<br>-Менаџмент програма за управување на иднината на жената-(воведена од "Жени во бизнисот"). Целта била била да се видат повеќе жени во управни и надзорни позиции во одборот и да се осигура дека жените се мотивирани и посилни, со желба да се постигнат повисоки позиции и соодветно да се применуваат.<br>-Повелба за неутрална презентација на родовите улоги во медиумите("Жените во бизнисот")-Целта била да се подобри тековниот процес на менување на традиционалните улоги на мажите и жените во општеството. |
| | - Здружение на жени претприемачи во Португалија – развиваат проекти и активности наменети за промовирање на женското претприемништво како и активности кои ја зголемуваат видливоста на жените:Национална асоцијација на жени претприемачи(ANE), португалското здружение на жени претприемачи(APME), здружение на жени претприемачи (AMEP) во Португалија, Федерација на здруженија на жени претприемачи во Португалија | - Националната политика за еднаквост помеѓу жените и мажите се фокусира на националниот план за родова еднаквост и недискриминација имплементиран од Комисијата за државјанство и родоваеднаквост CIG, со 3 мерки на финансиска независност:<br>- промовирање на женско претприемништво преку обука, консултација и поддршка за конституирање на мрежи за бизнис здруженија преку финансирање;<br>- промовирање на квалификувано женско претприемништво;<br>- поддршка на женско претприемништво со |

| | | |
|---|---|---|
| | - Португалска мрежа на амбасадори за женско претприемништво-ги поттикнува и ги инспирира другите жени да започнат свој сопствен бизнис<br>- НВО | воспоставување на протоколи за олеснување на пристапот до кредити односно до микрокредити;<br>- Програма за микрокредитирање – наменета за стимулирање на создавање на работни места и претприемништвото меѓу населението кое има најголеми тешкотии во пристапо до пазарот на трудот.<br>-Програма за поддршка на претприемништво и создавање на самовработување-спаѓа во рамките на активните политики за вработување со кои се уредува доделувањето на поддршка за создавање на претпријатија од страна на невработени жени, млади луѓе кои ја бараат нивната прва работа и други маргинилизирани групи |
| | - Институт на жените - самостоен орган под надлежност на Министерството за Здравство, социјални услуги и еднаквост , на национално ниво е задолжен за спроведувањето на јавните политики насочени кон промоција и поддршка на социјалнитои економското јакнење на жените.<br>- WOMEN CEO(невладина организациј)- главна цел е промовирање на пристапот на жените до Одборите на компаниите и одборот на директори. | - Создавање на бизнис и консолидирана програма-договор потпишан помеѓу Секретаријатот за еднаквост во државата , Институтот за жени и Фондацијата EOI со цел за промовирање на претприемничката активност на жените во рамките на Стратешкиот план на еднакви можности 2008-2011година економското учество и третата цел е промовирање на женското претприемништво и нејзиното економско јакнење и подигање на свеста и обука за еднакви можности за жените и мажите.<br>- On-line алатки за поддршка-Веб сајт “Жени претприемачи”, On-line мрежа на жени претприемачи, создавање на симулирана Бизнис Игра<br>- Програма “Бизнис Поддршка за жени (PAEM)-целта е подигнување на свеста и поттикнување претприемачка активност од страна на жените.<br>- Програма за микрокредитирање со Организации на Бизнис жени(Министерство за здравство, социјални работи и еднаквост во соработка со MicroBank (Социјална банка на La Caixa). Максималниот износ на финансирање е 95% од вкупната цена на проектот, со граница на 25.000 евра, и задолжително е да нема провизии и банкарски гаранции.<br>- Проект “Пронаоѓање искуство и талент: нова работа”-се состои од обезбедување на специјализирана обука и работно ориентирање на секоја жена.<br>- Програма за финансиска помош на женски претприемачи и самовработени деловни жени |
| | -Агенција за женски претпријатија – дава помош на новите женски бизниси во нивниот start up период, промовирање на женското претприемништво, поддршка на постоечките жени претприемачи во развојот на нивните бизниси и креирање на мрежи на жени | - Центри за економски развој, транспорт и животна средина (ELY) (обезбедување на помош за идните жени претприемачи во претпријатието со специфични дејности, поддршка за жени во стартување и проширување на бизнис активностите, промовирање на развој на нови оперативни методи со кои се |

| | | |
|---|---|---|
| | претприемачи.Агенцијата е финансирана од Министерството за вработување и економија и приватни компании. Агенцијата е дел од Финската мрежа на Агенции за претпријатија која се состои од 32 агенции за претпријатија.<br>- Женски советодавни организации за развој на рурални области(организација на Национално ниво која дава совети на домаќинствата и на потрошувачите и га промовира начинот за управување и малите претпријатија во руралните области).<br>-Централното Здружението на жени претприемачи во Финска - е организација на Национално ниво која е во потрага по интересот на жените претприемачи во оперативни, бизнис и социјални проблеми.<br>- BPW Финска – Национална чадор организација за жени кои ги знаат нивните професионални и општествени одговорности. | зголемува женското претприемништво ,активирање на мрежа на жени претприемачи).<br>- Менторирање (проектот е финансиран од ELY центрите);<br>- Женски бизнис училишта (Lady Business Schools)-школо за менаџмент посветено ексклузивно на жени претприемачи и жени директори.<br>- Проект SIPA-е пилот проект за обука и за обезбедување замена за женски претприемачи за време на одмор, во случај на болест и породилно отсуство, и за друга општа поддршка.Проектот има главна цел на развивање на нови модели на вработување овозможувајќи за повеќе флексибилност, така да ги задоволи потребите на жените за балансирање на работата и семејниот живот.<br>- Проект WomEQUAL-е тригодишен проект чија цел е промовирање на претприемништвото на жените во науката и технологијата.<br>- Проект NaisWAY- има за цел да се зголеми женското претприемништво во технолошките сектори како логистика и транспорт, преку поддршка на жени кои се стремат да станат претприемачи и жени кои неодамна формирале нивни сопствени бизниси или сектори. |
| | - Шведска агенција за економски и регионален раст Tillväxtverket - | -Програма: Промовирање на женското претприемништво (Tillväxtverket)-Владата насочува 87 милиони евра за период 2007-2014 година. Главната цел на програмата е да се подобрат условите за бизниси раководени од жени и раст на истите.Како дел од програмата се координира националната мрежа на амбасадори за женско претприемништво.<br>- Проект за промоција на женското претприемништвото- национален пилот проект за ширење на CORE методологијата на жените активни во иновативна организациска поддршка во Шведска.<br>- Иницијатива PREFACE-има за цел да развие програма за обука, особено насочени кон женски студенти во науката и технологијата и да ги мотивира и да ги поттикне да креираат свои сопствени претпријатија во областа на нивните студии |
| | | -Шема за подобрување на женско претприемништво(дел од оперативната програма Одржлив развој и конкурентност) ко-финансирана од Европскиот регионален фонд за развој со и Република Кипар износ од 7.2 милиони евра со цел развој, поддршка и поттикнување на женско претприемништво на возраст 18-55 години кои сакаат да воспостават едно претпријатие во било која економска активност. Целта се постигнала со грантови и едукативни семинари за обука за |

| | | |
|---|---|---|
| | | создавање на нови многу мали остварливи претпријатија.<br>- Разните инвестициски проекти биле насочени кон градинките, фризерски и козметички салони, адвокатски канцеларии, сметководствени и консалтинг канцеларии, пекари, мали производствени бизниси итн. |
| | - Здружение на жени претприемачи и менаџери на Република Чешка(APM CR)- Целта на Здружението на жени претприемачи во Република Чешка (APM CR) е да ги собере жените претприемачи и менаџери за да се подобрат бизнис и менаџмент активностите , да креираат нови бизнис и социјални врски , да се создадат консултинг мрежи , да се развие потенцијалот на жените преку образование, да се развие бизнис етика и менаџерски вештини, да им овозможи на жените претприемачи и жени менаџери да се исполнат , размена на искуства , развивање на нови можности за бизнис.<br>- Моравско здружение на жени претприемачи и менаџери(MAPM)<br>- Здружение на жени претприемачи и менаџери во Јужна Бохемија(JAMP)<br>- Здружение на жени претприемачи и менаџери во Централна Бохемија(STAMP)- обезбедува заедничка платформа за жените претприемачи и жени менаџери | - Програми за поддршка на мали и средни претпријатија (дел од оперативната програма за претпријатија и иновации OPEI за период од 2007-2013 година).<br>- Главен извор на поддршка на проектите “Жените претприемачи” се програмите финансирани од Државниот буџет и структурните фондови на ЕУ<br>- Програма Start –овозможува спроведување на претприемнички намери на лицата кои за прв пат влегуваат во бизнис(во 2012 биле создадени 3 работни места за жените).<br>- Програма Guarantee – со поволни гаранции се овозможува полесно спроведување на претприемничките проекти за МСП фокусирајќи се на инвестиции и зголемување на нивната конкурентност(биле создадени 287 работни места за жените).<br>- Програмата Progress-спроведување на развојот на претприемнички проекти на мали и средни претприемачи со кратка историја(70 работни места и еден кредит) |
| | - Отворена Естонија(Open Estonia foundation)<br>- Enterprise Estonia - основана е во 2000 година и промовира бизнис и регионалната политика во Естонија и е една од најголемите институции во рамките на националниот систем на поддршка за претприемништвото, обезбедување на финансиска помош, советување, можностите за соработка и обука за претприемачите, истражувачки институции, јавноста и непрофитна сектори.<br>- Центар за ресурси и студии за жени во Естонија<br>- | Проект: ETNA Microcredit 01.06.2012-31.01.2014, вкупен буџет од 268 794 евра(240 197 евра се грантови, а 28 597 се со ко-финансирање. Главни цели на проектот: пакет за поддршка на жените составен од менторство, обука и бизнис кредити; Жените да се направат повидливи и поефектни во бизнисот; поддршка на бизнисот преку микрокредитна програма; придонес во намалување на сиромаштијата и невработеноста во руралните области;<br>-Конференција за женско претприемништво одржана во Октомври 2012г., главен настан на Европската недела на МСП;( презентации и добри практики за започнување бизнис како и можноста за вмрежување) |
| | - Стопаска Комора за земјоделство;<br>- Чадор организации за жени од руралните средини во Литванија;<br>- Здружение на жени земјоделци од Литванија. | - Националната програма за еднакви можности на мажите и жените;<br>- Акциона програма за развој на човечки ресурси;<br>- Стратешка оска за мали и средни претпријатија;<br>- Програма за рурален развој во Литванија во период од 2007-2013 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Биле основани 42 Бизнис информативни центри (BIC) и шест бизнис инкубатори (BI).<br>- Повеќе важни мерки за поддршка на женските бизнис потфати се: финансиска поддршка за start ups, срецијализирани фондови за кредити, гаранции за заеми, поволни кредити за start ups и поддршка на бизнис инвестиции.<br>- Иницијатива за промовирање на женско претприемништво во рурални средини (Министерството за земјоделство, Стопанската комора за земјоделство, Чадор организации за жени од руралните средини во Литванија, Здружение на жени земјоделци од Литванија) со цел зајакнување на самодовербата на жените од руралните области да ги развијат своите вештини и обезбедување знаење особено во обласга на алтернативни претпријатија. |
| | -Здружение Lidere (невладина организација која што делува како национален координатор) промовира менторство во Латвија;поддршка на жените пре故приемачи во градовите и во руралните области на Латвија; зголемување на густината на жените во основањето на остварени компании и во создавањето на нови работни места; обезбедување слободен пристап до информации и можност за добивање на совети. | Не постои единствена национална политика за женско претприемништво во Латвија.<br>-Невладиниот сектор е главен промотор на женските претпријатија преку нудење на институцијализирано образование и знаење со помош на нивната програма за менторство.<br>-Здружението Lidere делува како национален координатор на иницијативата"Break gender stereotypes, give talent a chance!" -преку работлиници се обезбедува ад хок обука за подобро раководство и целосна употреба на индивидуални таленти во рамките на една компанија.<br>-Пилот проект "Обука за кариера и менторство"-15 невработени лица добиле совети од ментор со цел создавање на сопствена компанија или промена на кариерата и развој. |
| | - Јавната агенција на Република Словенија за претприемништво и странските инвестиции-се спроведуваат настани наменети за жени претприемачи со главна цел за промовирање на најдобрите претприемнички практики; | - Настан за женско претпримништво- Целта на настанот била да се презентира претприемништвото како атрактивна можност за жените за развој на кариера и промовирање на претприемништвото помеѓу активната женска популација. Темите главно биле фокусирани врз промовирање на женското претприемништво и откривање можности на слободен избор на кариера и личен успех преку претприемништвото. |
| | - Полска Агенција за развој на претпријатија; | - Проекти ко-финансирани од европскиот социјален фонд во рамките на Оперативната програма на човечки капитал:Социјално економско активирање на жените на локално и регионално ниво; Сместување на семејството и работни улоги на мажите и жените; Родова интерграција како алатка за промена на |

| | | |
|---|---|---|
| | | пазарот на труд(ко-финансирана од ЕК).<br>- "Женско претприемништво во Полска"(спроведена од полската Агенција за развој на претпријатија)-со цел да се прошири познавањето за женското претприемништво во Полска и подготвување препораки за начините за поддршка и ограничувањето на бариерите.<br>- Повеќе годишна програма на Министерството за економија во форма на Фонд за кредити насочени кон жени кои се заинтересирани за создавање свој бизнис со буџет од 5-6 милиони евра.<br>- Проект DEW SET- развој на претпријатието и претприемачките способности на жените во науката, инженерството и технологија |
| | | "Националната стратегија за промовирање на родовата еднаквост -Насоки и цели 2010-2021 година "усвоена од Владата на Република Унгарија<br>-Оперативна програма за развој на човечките ресурси фокусирани на жените на пазарот на трудот и жените,<br>-Проект на SEED – "Претприемачите во почетокот на 21-от век: учење, знаење и иновации"- вклучува обука, совети и менторство за жените кои сакаат да почнат или да имаат свој бизнис |
| | - Здружение на жени во бизнисот (ZZVP)- Главна цел е поддршка на напорите за развој на претприемништво и креирање нови работни места во регионите на Словачка со фокус на мали женски бизниси и семејни бизниси. Ги спојува жените низ професиите, регионите, старосните групи како место каде што тие може да споделат искуства, информации, знаење, креирање нови контакти и соработка. Нуди различни образовни и можности за вмрежување и менторство за помош на жените за развој на своите бизниси. | N/A |
| | N/A | Активности за поттикнување на женското претприемништво во Малта:<br>- Амбасадори во Малта за зголемување женско претприемништво (Amie) – Главна цел на Amie е промовирање на женското претприемништво во Малта преку воспоставување на мрежа на жени амбасадори, кампања меѓу невработени жени, жените во активен професионален живот, како и студенти кои го започнуваат нивниот бизнис и стануваат претприемачи.<br>- Продолжување на породилното отсуство- Породилното отсуство се зголемило од 14 недели на 16 недели, во 2012 година и се зголемило на уште две недели во 2013 година. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Поделбата на работните и животните одговорности(Nista) - кампања, насочена на специфична публика за промовирање рамнотежата меѓу работата и животот. Кампањата е вредна 1,3 милиони евра и е проект финансиран од ЕУ кој што е насочен кон поттикнување што повеќе жени да влезат и да останат во пазарот на трудот преку информативна кампања која ќе трае повеќе од две години преку користење на ТВ , радио и другите медиуми. |
| | - Бугарско здружение на жени претприемачи<br>- Бугарска Агенција за промоција на МСП<br>- Клуб на жени претприемачи и менаџери во Бугарија | - Национална стратегија за унапредување на родовата еднаквост<br>2009-2015- Целта е да се елиминираат разликите и да се промовираат еднакви можности на половите и основни предизвици се зголемување на вработеноста на жените, подобрување на нивната позиција на пазарот на труд и сл.<br>-Меѓународен Форум за женско претприемништво(организиран од Бугарската Агенција за промоција на МСП и Бугарското Здружение на жени претприемачи)-Главна цел е поттикнување на женско бизнис лидерство и промовирање на нивно активно присуство на раководни позиции меѓу деловните кругови. |
| | - Здружение на романски жени – чија цел е задоволување на потребата за организација, застапување и исто за одбрана на женските права;<br>- Коалиција на Здружението на деловни жени- основано во 2004 година од 9 женски здруженија со цел да биде важен партнер во процесот на донесување одлуки кои влијаат на деловното опкружување.<br>- Агенцијата за спроведување на проекти и програми за малите и средни претпријатија(AIPPIMM )- | - Националната програма за охрабрување на жените во бизнисот(AIPPIMM)<br>- Националната програма за развој на претприемничката култура кај жените менаџери од секторот на МСП – 2 дела на програмата: работилници со семинари и претприемнички тренинг курсеви.<br>- Проект: Романска мрежа на амбасадори за женско претприемништво (Romanian Network of Female Entrepreneurship Ambassadors)- финансиран од страна на Европската Комисија.Резултати:<br>- Избор на 14 амбасадори на романското женското претприемништво ;<br>-4 регионални семинари организирани во 4 региони на Романија: Клуж, Иаси, Крајова и Тулчеа - 252 учесници;<br>-1 Национална конференција организирана во Букурешт на 29 октомври 2011 -130 учесници;<br>-1 брошура: “Проект на Романската мрежа за амбасадори на женското претприемништво”<br>- 13 амбасадори станале ментори за жени претприемачи.<br>- Проект: Романска мрежа на ментори за жени претприемачи (Romanian Network of Mentors for Women Entrepreneurs)- Проектот е финансиран од |

| | | |
|---|---|---|
| | | Европската комисија.Резултати:<br>-Избор на 14 ментори за жени претприемачи - 13 од нив се амбасадори на романското женското претприемништво ;<br>- Избор на 55 ментори ;<br>-4 регионални семинари организирани во: Темишвар, Клуж, Иаси и Констанца ;<br>- Месечни состаноци помеѓу менторите и менторираните;<br>-1 Национална конференција била организира во Букурешт во февруари 2013 година. |
| | N/A | Министерство за претприемништво- Од 2004 година обезбедува програми за зајакнување на жените претприемачи со посебни програми само за жените. Во 2012 година им биле доделени 58 грантови и целата сума била 8 милиони куни, а во 2013 година за прв пат такви програми не постојат, но жените можат да се натпреваруваат во секоја програма и тие добиваат дополнителни кредити за тоа што се жени претприемачи.<br>- Стратегија на Владата за развој на женско претприемиштво 2010-2013 година- Оваа стратегија била усвоена со намера да го намали бројот на невработени жени преку поттикнување на женското претприемништво и самовработувањето и со генерирање на поволен амбиент за претприемништво. Финансиската поддршка е од државниот буџет.<br>- Стратегија за развој на претприемништвото 2013-2020 година усвоена од Министерството за претприемништво и занаети (MINPO)- со цел подобрување на конкурентноста на малите бизниси и можност за отворање на нови работни места.<br>- MINPO обезбедува 97,4 милиони евра за поддршка за секторот на МСП за подобрување на состојбата на претприемништвото. |
| | - Агенција за поддршка на претприемништво-државна институција основана за реализација на програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малото стопанство во РМ, како и други програми усвоени од Владата, а кој се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство. АППРМ е најрелевентна институција на национално ниво за имплементација и координација на домашната и меѓународната поддршка наменета за секторот на малото стопанство (средствата ги обезбедува Владата). | - Проектот "Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија (new-MENTOR)"- Проектот new-MENTOR се фокусира на воспоставување на национална мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија и помош на жените претприемачи успешно да ги надминат предизвиците во првите години од работењето на нивните бизниси.(Финансиран од програмата за конкурентност и иновации на ЕУ со траење од 01.09.2011-31.08.2013 годинасо вкупен буџет од 83 980 евра).<br>- Женско претприемништво –" Мотор за креирање нови работни места во ЈИЕ" – се формира платформа за женско претприемништво, база на податоци за |

| | | |
|---|---|---|
| | -Групација на жени претприемачи-општа цел е развој на женското претприемништво во Република Македонија.<br>-Здружение на бизнис-жени од Македонија-Здружението се засновува со цел да се обезбеди поврзување на бизнис жените на, регионално, национално и меѓународен ниво со цел развој на нивниот сопствен бизнис, презентирање на различните можности и потреби и на таа основа идентификување и користење на расположливи странски и домашни ресурси.<br>-Асоцијацијата на македонските жени - претприемачи Жени бизнис-лидери – Има намера да направи добра мрежа меѓу македонските жени бизнис лидери со здружување на успешни жени претприемачи за нивно охрабрување, споделување на искуствата за надминување на бариерите, насочување кон позитивни примери и на тој начин креирање и зајакнување на капацитетите на женското лидерство во Македонија. | жени претприемачи, развивање на свеста за зголемување на бројот на жени претприемачи во земјите и промоција на женско претприемништво во ЈИЕ преку заеднички напори во јавниот и приватниот сектор.<br>- Проект:” Преку едукација кон вклучување на пазарот на труд”<br>Организиран бил од Националниот совет за родова рамноправност со донација на амбасадата на Република Франција – Целта е зголемување на вработеноста на руралните жени и нивно вклучување на пазарот на труд.<br>- Програма за економско зајакнување на жените-со цел подобрување на социоекономската положба на жените.<br>- Тренинг курс за професионален развој и женско претприемништво 2012 година-Целта на проектот е едуцирање и мотивирање на младите жени, невработените жени и сите жени кои сакаат да го продолжат своето образование и професионален развој со цел да станат значаен дел од нивната заедница со што се очекува подигнување на свеста за претприемништвото и развој на професионални вештини.<br>-Проект “Жени во мрежа за иновативност и претприемништво”- ко-финансиран од страна на ЕУ во рамките на ИПА програмата за прекугранична соработка (Македонија-Грција). Вкупен буџет 187.160 евра од кои за Македонија биле 81.160 евра.<br>- Проект Програма “Жени во бизнисот”-наменета за мали и средни претпријатија управувани од жени кои имаат потреба од финансии и совети за да го развиваат бизнисот. Вкупниот износ е 25,1 милиони евра обезбедени преку Програмата на Западен Балкан за жени менаџери на мали и средни препријатија, на Европската банка за обнова и развој(ЕБОР), Шведската меѓународна развојна агенција(СИДА) и Луксембург.<br>-Мерка за финансиска поддршка на женско претприемништво 2014 год-Предмет на оваа мерка е субвенционирање на претпријатија во сопственост на жени(над 50%) и управување од жени, државјани на РМ, преку кофинансирање на 60% од докажаните трошоци но не повеќе од 120 илјади денари(предвидени биле 2.4 милиони денари).<br>- Фонд за поддршка на жени и млади во претприемништвото- основан со USAID и меѓународната услужна компанија ЕКОЛОГ.<br>- Фонд за иновации и технолошки развој- Главен фокус бил поттикнувањето, но и финансирањето на |

| | |
|---|---|
| | иновациите, и општо поддршка на бизнис секторот. |

**Табела 3:** Политики, мерки и организации за поддршка на женското претприемништво во земјите-членки на ЕУ и Република Македонија

Македонија ги следи европските политики и се стреми да ги применува политиките на земјите членки на ЕУ со цел подобрување, развој и промоција на женското претприемништво и застапеноста на жените во сите сфери на општественото живеење. Се дава можност на жените да се најдат на водечки позиции во фирмите.

Владата помага и финансиски, се одржуваат обуки за жените претприемачи и со образованието што го добиваат се стекнуваат и со искуство што доведува до вклучување на жените во различните општествени дејности, а со самото тоа се исполнува горенаведеното т.е развој на женското претприемништво во Република Македонија.

Во Македонија 32% од компаниите се основани од жени што е над просекот на ЕУ. Со цел поттикнување на женското претприемништво, во 2012 година е воведена програма за субвенционирање, преку која биле обезбедени 1,8 милиони денари, а во 2013 година 1,3 милиони денари, при што аплицирале околу 30 жени претприемачи, а субвенции добиле 18. Заради се поголемата заинтересираност за оваа програма, Министерството за економија за 2014 година го зголемило буџетот на 2.4 милиони денари, што би требало да биде доволно за прикривање на трошоците на околу 20 жени претприемачи, кои би ги исполниле условите што се дадени.

Во 2012 година, од отворени 6100 компании, 1600 се основани од жени но од женските организации се посочува дека сеуште постојат стереотипи и најчесто се во козметичкиот, фризерскиот, кројачкиот дел.

Следејќи го примерот на европските земји (Бугарија) кои имаат донесено Национална стратегија за родова еднаквост, Република Македонија т.е. Министерството за труд и социјална политика има усвоено Национална Стратегија за родова еднаквост 2013-2020. Оваа стратегија е дел од проектот кој Министерството за труд и социјална политика го реализирало во соработка со UN Women и другите агенции на Обединетите нации во Република Македонија. Се донесува со цел

унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година.

Жените во Македонија се сретнуваат со истите претприемнички проблеми како и нивните машки колеги: тежок пристап до финансии, голема конкуренција, недоволни информации...семејството и грижата за децата кои се традиционално женски обврски се плус на нивната листа на ограничувачки фактори. Иако Македонија е плодна почва за претприемнички идеи, сепак заради проблемот со финансиите не успеваат сите да се реализираат. Има доста фондови во ЕУ кои за жал не ни се на располагање, а кои добро би одговориле на таквите идеи и иницијативи.

Како и во Македонија, и жените претприемачи во земјите членки на ЕУ се среќават со истите пречки: финансиски проблеми, недостаток на самодоверба за преземање ризик, можност за поставување на приватниот живот, недостаток на информации како да се стане претприемач. Најважни фактори при носењето одлука да се отвори бизнис се: поседување на почетен капитал, поддршка од семејството, добра бизнис идеја, поволна правна рамка, поддршка во грижата за децата. Жените во отворањето сопствен бизнис гледаат како на можност за: повисоки примања, флексибилно работно време и докажување на сопствените способности и социјалниот статус.

Што се однесува до даноците, потребно е намалување на даноците, повеќе јавно финансирање и административно поедноставување, мерка од Италија која што може да биде применета во Република Македонија со цел за поттикнување на жените со поголема мера да пристапат кон креирање на нови бизниси.

Исто така, мошне важно би било, формирањето на Национален гарантен фонд кој е од голема помош за компаниите пред се кај Банките од каде што многу тешко се добиваат банкарски кредити и гаранции. Но, за да се формира вакво тело потребна е конкретна анализа на потребите на стопанството, од аспект на големината на фондот, барањата на компаниите, начинот на негово користење. За реализација на оваа идеја неопходна е и докапитализација на македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) со што би се зголемил нејзиниот капацитет да ја поддржи оваа идеја. Ова го предлага Стопанската комора на Македонија која бара Владата да формира национален гарантен фонд за поддршка на домашните компании кои немаат доволно сопствени средства за обезбедување заем од банка. Тој би се основал во МБПР како посебен

продукт за поддршка на бизнисот. Со формирањето на овој гарантен фонд се обезбедува поголема можност за инвестиции и поголем пласман на странските пазари. Целта на овој фонд според СКМ се однесува за: мали и средни претпријатија, компании кои аплицираат за проекти со ко-финансирање во европските фондови, за инвестиции на постоечки компании и отварање нови капацитети и охрабрување банките да даваат долгорочни кредити на компаниите. Во француското законодавство постојат гарантни фондови специјално наменети за жени претприемачи како главна иницијатива за поддршка на женското претприемништво.

Европската комисија изготвува стратегија за раст и креирање нови работни места до 2020 година, во која е предвидено 75% од вработените да бидат мажи и жени на возраст од 20 до 64 години, а посебно се обраќа внимание за жените. Во оваа насока, се основала Европската мрежа на женски претприемачки амбасадори во 2009 година, а потоа била основана и Европската мрежа на ментори за женско претприемништво во 2011 година. Овие амбасадори се инспирација и пример за другите жени за да ги охрабрат да основаат свој бизнис и да изградат кариера како претприемачи. Европската мрежа на амбасадори и ментори функционира во насока да ги охрабрат жените за да учествуваат во креирањето нови работни места.

Европската мрежа на ментори за жени претприемачи е составена од национални мрежи од повеќе од 15 земји од Европа, а во Македонија оваа национална мрежа е креирана преку проектот *Европска мрежа на ментори за жени претприемачи (new-Mentor)* што придонесува да менторите од Македонија имаат можност да разменат искуства и да ги прошират своите контакти со единствена цел развој и унапредување на женското претприемништво во Македонија.

Европска мрежа на амбасадори за женско претприемништво моментално нема во Република Македонија, како добра практика може да се земе мрежата на амбасадори во Луксембург, која што претставува мрежа на успешни и искусни женски бизнис менаџери и кампања за поттикнување на други жени особено оние кои се на почетокот на нивните кариери или бараат промена во кариерата.

Фактот дека жените сочинуваат повеќе од 50% од популацијата во Европа, а само 34,4% се работодавци зборува дека на жената и е потребна поддршка и охрабрување за започнување свој бизнис. Европската жена е еднакво образована како и мажот, но потешко основа свој бизнис. Како една од причините се наведува веќе

постоечката бизнис поддршка за стартување бизнис која не е секогаш прилагодена на женските специфични потреби. Има тешкотии и во однос на пристапот до финансии, професионално вмрежување и тренинг. Жените многу повеќе се внимателни во калкулирање на ризикот и нивното започнување и развивањето на бизнисот е поврзано со семејната поддршка и бенефитот што ќе го има семејството од тоа. Со цел да се намали јазот меѓу мажите и жените претприемачи ЕУ обезбедува економска образовна поддршка за женско претприемништво низ Европа. Европската Комисија се обидува да помогне во креирање услови и потребната поддршка за женското претприемништво и понатаму да продолжи да расте.[68]

Во однос на пристапот до финансиии и информации, комуникацијата и сл особено негативни се показателите за овие околности кај жените од руралните средини каде женското претприемништво скоро и да не постои. За развој на бизнисите на жените од ваквите области потребно е покренување на иницијатива на промовирање на женско претприемништво во руралните средини за да се зајакне самодовербата на жените од овие области, за развивање на своите вештини и обезбедување знаење особено во обласа на алтернативни претпријатија. Ваков напредок е постигнат со спроведената иницијатива во Литванија.

За поддршка на жени кои се заинтересирани за создавање свој бизнис потребно е креирање на програма во форма на Фонд за кредити како што е повеќегодишната програма на Министерството за економија на Полска.

Следејќи ги европските практики на земјите членки на ЕУ, во Република Македонија се спроведуваат обуки, тренинг курсеви за жени претприемачи и ментори за жени претприемачи за да се зголеми самодовербата на жените во креирањето на бизнисот, за успешен бизнис, а со самото тоа остварување раст на бизнисот, што би придонело да жените добијат повеќе шанса во општеството т.е. да добијат можност да бидат на високи функции во претпријатијата и фирмите.

Од сето ова гледано, може да се каже дека и во Република Македонија има спроведено доста мерки, програми и проекти од страна на Владата на Република Македонија Агенцијата за претприемништво, од Министерството за економија

68 Цитат од Капитал, октомври, 2012

Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување со цел за промоција, развој и унапредување на женското претприемништво во државата.

## Заклучок

Со оглед на актуелноста на темата-Женско претприемништво, која според агендата на Лисабонскиот протокол за работа за секоја земја членка во ЕУ вклучително и Република Македонија е на добар пат околу подигање на свеста кај учесниците во стопанскиот сектор и идните женски претприемачи. Програмите на Владата се во позитивна насока според НППА програмата за вработување на жени и жени менаџерки. Тоа е постигнато последните 8-9 години и се движи по нагорна линија. Додека жените од традиционалните средини сеуште на товар ги носат и семејството и фирмите кои ги следат глобалните светски чинители. Тие се свесни, високо професионални, морални и одговорни за да допринесат со ефективен резултат кон фирмата за која работат. Во секторите на јавната администрација, па и во реалниот стопански сектор се чувствува потреба од поодговорен кадар во некои кадровски решенија каде женската одлука игра поважна улога од мажот.

Жените кои развиваат сопствен бизнис во Македонија и во земјите членки на ЕУ имаат заеднички проблем – пристап до финансии, особено за start up. Во Македонија сеуште е значително присутен статусот на "зависна жена", која тешко се реализира надвор од рамките на семејството. Многу мал број на жени имаат финансиска заштеда или пак се сопственички на недвижен имот, фактори кои им гарантираат независност, можност за инвестирање во сопствен бизнис и обезбедување на сигурност за старост. Некои од жените започнуваат бизнис со сопствени средства. Во таа смисла во Македонија е неопходна интензивна поддршка од страна на сите субјекти-чинители на нашите простори. На жените им е потребна посебна помош во однос на образованието, обуки, тренинзи, практична настава и други начини за подобрување на способностите и знаењата, како и обезбедување на програми за финансирање, техничка помош и сл. Само пред извесен период бројката на жени претприемачи во македонската економија била 5%, за сега да се зголеми на 30-33%. Ваквиот раст на показателите е резултат на активностите кои се преземаат за подобрување на женското претприемништво, од нивна обука, пристап до информации, пристап до финансии, меѓусебна комуникација, помош околу секојдневните домашни активности при негата и развојот на децата и сл.

Иако е тешко да се прави генерализација за вклученост на жени во бизнисот секоја земја и економија има свои специфики за ова прашање. Според сознанијата од официјалните институции и организации кои се занимаваат со прашањето за вклученоста на жените во бизнисот може слободно да се каже дека во Македонија недоволно се искористени стручните и економските потенцијали на жените кои се подеднакво образовани како и мажите и токму во овој сегмент треба да се насочат идните активности. Со ова се укажува потребата уште повеќе да се работи на промоција на женското претприемништво но и да се јакнат капацитетите на постојните субјекти во сопственост на жени. Земајќи во предвид дека во руралните средини процентот на жени претприемачи е уште помал тоа е сферата во која допрва треба да се работи.

Женското претприемништво станало предмет на особен интерес. Агенцијата за вработување уште од 2006 година покажува интерес и презема иницијативи за зголемување на женското претприемништво, се зголемува бројот на асоцијации кои се занимаваат токму со негово промовирање вклучително и Стопанската комора на РМ од причина што се наметнува податокот дека жените како популација која претставува околу 50% на населението не е адекватно искористена како ресурс во економијата. Искучително е важно за жените во РМ економски да зајакнат како би можеле да се остварат и придобивки кои генерално би ја подобриле позицијата на жената во општеството. Карактеристично за компаниите кои се основани или управувани од жени кај нас во најголем број на случаи се работи за микро субјекти со мал капитал или мал број на вработени лица. Во оваа фаза треба да се работи на поттикнување на зголемувањето на субјектите имајќи во предвид дека во регионот почесто може да се најдат мали наместо микро компании кои се управувани од страна на жени.

Различните здруженија за жени претприемачи реализираат работилници за примена на знаење за женското претприемништво. Ваков тип на едукациско-практичен и промотивен пристап придонесува за развивање на свесноста на женското претприемништво и има потреба да продолжи. Со тоа се проширува севкупното унапредување и промоција на женското претприемништво во нашиот делокруг, се намалува невработеноста и дава поширока употреба на претприемништвото во стопанскиот сектор на Република Македонија.

Од голема значајност е Националната стратегија за развој на малите и средните претпријатија (2002-2013) изработена од Министерството за економија која има за цел зголемување на бројот на малите и средни претпријатија и нивното учество во создавање на БДП. Главните цели се насочени кон креирање на подобра политика со која ќе се поедностави правното опкружување, како и пристапот до финансии и при тоа ќе се промовира претприемништвото во образованието за да може да се унапреди во голем дел приватниот сектор. Истата стратегија значи поголем развој како на претприемништвото, така и на женското претприемништво.

Исто така е усвоена Национална стратегија за унапредување на родовата еднаквост која има за цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во севкупното општествено живеење во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година според практиките на европските земји конкретно од Бугарија.

Со единствена цел жените да бидат поттикнати на пристапот кон создавање на свои бизниси, Република Македонија треба да го следи примерот на Италијанската Влада во однос на намалување на даноци, административно поедноставување и повеќе јавно финансирање.

По иницијатива на Стопанската комора на Македонија до Владата на Република Македонија се испраќа предлог за формирање на Национален гарантен Фонд кој би бил еден вид на поддршка на оние домашни фирми кои немаат доволно сопствени финансиски средства за да обезбедат заем од банка за да се создава поширок спектар на инвестиции и зголемена застапеност на странски пазари. Фондот е наменет за мали и средни претпријатија, инвестирање во веќе постоечки компании и отворење на нови фирми како и поттикнување на банките за давање на долгорочни кредити на фирмите. Вакви гарантни фондови се формирани во Франција кои што се исклучиво наменети за *жени претприемачи*, а со главна цел за поддршка на женското претприемништво.

По примерот на донесената стратегија на Владата за развој на Женско претприемништво во Република Хрватска и во Република Македонија треба да се согледа потребата од донесување на истата, заради зголемување на можностите на жените претприемачи и охрабрување на жените во бизнисот. Со ваква стратегија ќе се поттикнува женското претприемништво и самовработувањето со што ќе се намалува бројот на невработени лица. Со неа би се оствариле целите и приоритетите за женското претприемништво на подолг рок.

Како што во Хрватска има посебен министерски ресор за претприемништво така треба да се воведе и во Македонија, кој би се занимавал исклучиво со претпримништво, а со самото тоа и со женското претприемништво. Тоа министерство би било задолжено за сите проблеми, тешкотии на претприемачите, развој на претприемништвото, изнаоѓање мерки за подобрување на претприемништвото, промовирање програми и стратегии за развој на претприемништвпто, финансирање на претприемништвото итн.

Европската мрежа на претприемачи промовира претприемништво меѓу жените опфакајќи ги земјите вклучени во Програмата за конкурентност и иновативност на Европската комисија во која е вклучена и Македонија. Овој повик има за цел да го поттикне женското претприемништво и воедно да ги охрабри жените, како оние што се вклучени во општествениот живот така и жените кои сé уште студираат, да креираат сопствени бизниси и да станат претприемачи.

Во Република Македонија преку проектот *Европска мрежа на ментори на жени претприемачи (new-Mentor)* се создава национална мрежа на ментори со чија помош, менторите кои што се дел од истата разменуваат искуства и ги прошируваат своите контакти со цел развивање на женското претприемништво во Република Македонија.

Во Луксембург постои Европска мрежа на амбасадори за женско претприемништво која е составена од успешни жени претприемачи и која прави кампањи за да се охрабрат и жените кои само што го започнале својот бизнис или пак кои сакаат да почнат друга работа меѓутоа во Република Македонија сеуште не постои но е потребна ваква мрежа на амбасадори за женско претприемништво која би претставувала главен иницијатор за жените претприемачи во Македонија да дејствуваат како модели за да се подигне способноста на жените и да се создаде визија за себе како претприемачи, како и потребната мотивација и самодоверба во поставување и создавање на успешен бизнис, да се поттикнат да ги зголемат капацитетите на веќе формираните бизниси.

Во однос на иноваторството Македонија има талентирана младина, но најголема пречка секако претставуваат финасиите кои им стојат на патот при изработка и промоција на иновациите и сега повеќе од кога било земјава вложува во иноваторите, но недоволно. Малите финансиски средства и скромната техничко технолошка

инфраструктура, досега биле главните причини за иновативната научно истражувачка работа досега да биде на едно пониско ниво. Со имплементацијата на проектот за опремување на лабараториите на високонаучните установи, владата овозможува една битна претпоставка за истражување. А со новиот фонд и грантот од Европската Банка се решава и најважната компонента според експертите чија цел е нивните иновации да овозможат добробит во сите сегменти на живеењето. Крајната цел е раздвижување на стопанството и одговарање на потребите на странските инвеститори кои во земјава од ден на ден ги има се повеќе.

Со споредувањето на искуства од разни средини и практики и преку компарирање на сознанијата, резултатите од ова истражување покажуваат дека имаат пошироко значење за прифаќање на концептот за примена на политики/мерки во областа на женското претприемништво односно се покажува дека колку повеќе се поддржува женското претприемништво, толку ефектите за развој на истото се поизразени, а со тоа и вкупниот економски и социјален развој во државата, односно од изборот на правилната политика за поддршка зависат и развојните ефекти со што и се докажува и хипотезата зададена за овој магистерски труд.

Се покажува дека доколку жената се поддржува при отпочнувањето на свој сопствен бизнис тогаш нејзината работна мотивација ќе биде поголема, со подобри услови за работа и можности за преземање на ризик со што се зголемуваат шансите да успее на пазарот на труд.

Со оглед на тоа што Република Македонија е земја кандидат со препорака за влез во ЕУ, самата ЕУ има пропишано регулативи и критериуми кои секоја земја кандидат и самите земји членки на ЕУ мора да ги имаат исполнато. Со самото тоа, Република Македонија ги исполнува препораките и критериумите во делот на претприемништвото т.е. женското претприемништво, а самото тоа влијае на степенот на развиеност на женското претприемништво во државата. Сите креирани политики од страна на Владата, сите програми и проекти кои се спроведуваат имаат една заедничка цел – развој на женското претприемништво, поддршка на бизнисите креирани од жени, застапеноста на жените во сите сфери на општествениот живот итн.

## Користена литература


- Ангелоска-Галевска, Н. *Планирање на научно истражување*, Скопје: Филозофски факултет (интерен материјал). 2006
- Ајдуковиќ, Ж. *Претприемништво и мал бизнис: поддршка и финансирање,* Скопје, 2013
- Bogićević, B. *Menadžment ljudskih resursa*, Beograd:Ekonomski fakultet, 2003
- Бојаџиоски, Д. *Менаџмент на човечките ресурси*, Скопје: Економски факултет, 2009
- В.Л.Хил, Чарлс: *Меѓународен бизнис*, македонско издание, Скопје, 2010
- Деловска, Б., Јовановска-Радановиќ Е. *Прирачник за претприемништво и бизнис*, Скопје, 2013
- Дикинс, Д., Фрил, М. *Претприемништво и мали фирми* , Скопје: Издавачка куќа ТРИ. Скопје 2010
- Drucker, P., *Innovation and Enprepreneurship*, 1985
- Јаковлевска, Г. *Добри практики на жени претприемачи*, Скопје: Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП), 2013
- Јорданова, И., *Етнички состав на жени претприемачи,* магистерски труд, стр 17, Штип, 2011
- Кралев, Т. и др. *Претприемаштво и мал бизнис: универзитетски учебник,* Скопје: Универзитет за туризам и менаџмент, 2010 (Скопје : Алма)
- Лазаревска, Т. и др. *Претприемништвото во Македонија: дел од глобалното истражување на претприемништвото*, Скопје: Македонска развојна фондација за претпријатија (МРФП), 2009
- Македонска асоцијација за човечки ресурси, *Женското претприемништво во РМ* –од *идеја до бизнис*, Скопје, 2012
- Николоски, Т. *Психологија на трудот*, Скопје: Филозофски факултет, 2000
- Пејковски, Ј. *Претприемништвото и развојот*, 2008, Скопје
- Пејковски, Ј. *Менаџмент на човечки ресурси*- авторизирани предавања, Скопје: Филозофски факултет, 2009

- Саздовска, С. и др. *Менаџмент на човечки ресурси: прирачник*, Скопје: Програма за обука за градење на капацитети, 2008
- Torrington, D., Hall, L., Taylor, S., *Human Resource Management*, England, 2008
- Фити, Т. и др *Претприемништво*,Скопје:Економски факултет, 2007
- Фотов, Р. *Менаџмент на мал бизнис*, Скопје: Европски Универзитет, 2006
- Шуклев, Б. *Менаџмент на мал бизнис*, Скопје: Економски Факултет, 2006
- Шулајковска, А., Јовановска, В., *Презентација:Карактер на жени претприемачи*, Скопје, 2011
- Шутевски, Д., Поленаковиќ, Р. *Иновации и претприемништво*, Скопје: Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, 2012

- Европска мрежа на ментори за жени претприемачи во Македонија new-MENTOR
  http://www.newmentor.mk/
- European Network to Promote Women's Entrepreneurship, Activities Report 2009-2010
  http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/women/documents/wes_activities_report_2009_10_en.pdf
- European Network to Promote Women's Entrepreneurship, Activities Report 2011
  http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/women/documents/wes-activities-report-2011_en.pdf
- European Network to Promote Women's Entrepreneurship, Activities Report 2012
  http://ec.europa.eu/DocsRoom/documents/5379
- Фондот за иновации е со цел поддршка на македонските компании, a1on, 2013
  http://a1on.mk/wordpress/archives/241057
- Фонд за поддршка на жени и млади претприемачи во Полошко, МРТ, 2014
  http://mrt.com.mk/node/6577
- Жени – иноваторки, Окно, Ивана Цесарец, 2013
  http://okno.mk/node/27400
- Жени во мрежа за иновативност и претприемништво
  http://prespana.com.mk/vesti/74-aktuelno/2322-proekt-zeni-mreza-inovativnost.html

- Жени претприемачи на Македонија при Услужна комора на ССК, Сојуз на стопански комори на Македонија, 2013 http://www.sojuzkomori.org.mk/default.asp?ItemID=6BFF78A89595AB4CBEF0D78FB868F0F0
- Жени основачи на 32 проценти од фирмите во Македонија, Телеграф, 2014 http://www.telegraf.mk/aktuelno/ekonomija/116229-biznis-zenite-osnovaci-na-32-procenti-od-firmite-vo-makedonija
- Global Entrepreuneurship Monitor, reports http://www.gemconsortium.org/
- J. McGrath C., Vivek W., Lesa M., The Anatomy of an Entrepreneur: Are Successful Women Entrepreneurs Different From Men, Kauffman Foundation of entrepreneurship, May 2010 http://www.kauffman.org/~/media/kauffman_org/research%20reports%20and%20covers/2009/07/successful_women_entrepreneurs_510.pdf
- Македонска развојна фондација за претпријатија, Претприемништвото во Македонија, Скопје, 2013 http://www.gemconsortium.org/docs/download/3089
- Македонија со највисока претприемничка активност во Европа, Бизнис идеја, 2010 http://biznisidea.wordpress.com/2010/01/12/%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B2%D0%B8%D1%81%D0%BE%D0%BA%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80%D0%B8%D0%B5%D0%BC%D0%BD%D0%B8%D1%87/
- Национален совет за родова рамноправност, Програма за економско зајакнување на жените http://www.sozm.org.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=17&Itemid=60&lang=mk
- Nordegio, Supporting Women's Entrepreneurship in the Nordic Countries – A Critical Analysis of National polices in a Gender perspective, 2010 http://www.nordregio.se/Global/Research/1437_Paper_Gender%20Work%20and%20Organization_Keele.pdf

- Официјална страна на Здружението на жени претприемачи на Република Чешка http://www.apmcr.cz/
- Пет мега компании основани од жени претприемачи, Бизнис идеја, Јануари, 2010 http://biznisidea.wordpress.com/2010/01/19/6-%D0%BC%D0%B5%D0%B3%D0%B0-%D0%BA%D0%BE%D0%BC%D0%BF%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B8-%D0%BE%D1%81%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D0%B6%D0%B5%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%BF%D1%80/
- Pioneers in entrepreneurship and small business research, Hans Landstrom, 2005 http://link.springer.com/book/10.1007%2Fb102095
- Платформа за женско претприемништво во Македонија, колумна, тв Ситељ 2013 http://grid.mk/read/news/501510466/1718257/se-formira-platforma-za-zhensko-pretpriemnishtvo-vo-makedonija
- Поим за претприемач, Е-учење за претприемништво http://www.pretpriemac.com/e-learning/mk/poim-pretpriemac/
- Претставници од ФФРМ на Конференцијата за состојбите за женско претприемништво, Федерација на фармерите на Република Македонија, 2013 http://ffrm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1015:pretstavnici-od-ffrm-na-konferencijata-za-sostojbite-za-zhensko-pretpriemnishtvo&catid=41:nastani&Itemid=74
- Promotion of Women Innovators and Entrepreneurship, European Commission, 2008 http://ec.europa.eu/enterprise/newsroom/cf/itemdetail.cfm?item_id=3387
- Sarmayeh newspaper, The Characteristic of Successful Woman Entrepreneurs, 2012 http://www.mahjubah.com/?_action=articleInfo&article=789
- Специјален прилог-Жените во бизнисот, Капитал 2014 http://sojuzkomori.org.mk/WBStorage/Files/DanelaArsovskaKapital.pdf
- Тренинг за професионален развој и женско претприемништво, Link Across, 2012 http://linkacross.org/en/index.php?option=com_k2&view=item&id=57:trainings-in-professional-development-and-women-entrepreneurship&Itemid=220&lang=mk

- The Female Entrepreneur's Point of View and the Italian Economy, Adriana Castagnoli, Business and Economis History on-line, 2007 http://www.thebhc.org/publications/BEHonline/2007/castagnoli.pdf
- Форум "Предизвиците на женското претприемништво во земјоделството", Курир, 2014 http://www.kurir.mk/makedonija/vesti/159498-Forum-Predizvicite-na-zenskoto-pretpriemnistvo-vo-zemjodelstvoto
- Цели и задачи на здружението, Здружение на Бизнис жени, 2011 http://abwmacedonia.weebly.com/1062107710831080.html
- What makes women entrepreneurs different from men?, Cramer, M., 2013 http://buzz.greatfxprinting.com/characteristics-of-female-entrepreneurs.htm
- Women Entrepreneurs in SMEs, Realising the benefits of globalisation an the knowledge-based economy, Second OECD Conference, 2001 http://browse.oecdbookshop.org/oecd/pdfs/product/9201071e.pdf
- Women's entrepreneurship in Sweden, Swedish Agency for Economic and Regional Growth – Tillvдxtverket, Stockholm, 2009 http://www.tillvaxtverket.se/sidhuvud/englishpages.4.21099e4211fdba8c87b800017332.html
- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Извештај за реализација на програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2013, Скопје, 2014
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво за 2014 година, финансиска поддршка за женско претприемништво („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2014)
- Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење, Скопје, 2010 http://www.ncdiel.mk/Index.asp?ID=10
- Извештај-The policy on gender equality in Croatia, 2013 http://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/note/join/2013/493016/IPOL-FEMM_NT(2013)493016_EN.pdf
- NSRF - Програма за развој, Грција 2007-2013 http://www.espa.gr/EN/Pages/default.aspx